# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 161 Год. LXV Среда, 30 декември 2009 Цена на овој број е 350 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3405. | **Закон** за изменување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија........................................... | 2 |
| 3406. | **Закон** за изменување на Законот за цивилните инвалиди од војната........... | 2 |
| 3407. | **Закон** за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација....... | 3 |
| 3408. | **Закон** за управување со пакување и отпад од пакување................................ | 3 |
| 3409. | **Закон** за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај................................................ | 46 |
| 3410. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај.................................................... | 71 |
| 3411. | **Закон** за бесплатна правна помош...... | 76 |
| 3412. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи.. | 88 |
| 3413. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.................................. | 92 |
| 3414. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема.......... | 96 |
| 3415. | **Закон** за изменување на Законот за водите.................................................... | 97 |
| 3416. | **Одлука** за донесување на Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2010 година.............................. | 98 |
| 3417. | **Правилник** за формата и содржината на Годишниот извештај за исплатени приходи при откуп на земјоделски производи од физички лица................. | 124 |
| 3418. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за постапката, начинот и роковите за доделување на единствен даночен број, содржината и начинот на водење на единствениот регистар на даночни обврзници, содржината и формата на пријавата за регистрација, како и постапката за бришење од регистрацијата................. | 129 |
| 3419. | **Правилник** за формата и содржината на огласот, известувањето за поништување на постапката и образецот на евиденцијата на постапките со барање за прибирање на понуди............. | 132 |
| 3420. | **Правилник** за формата и содржината на огласите и известувањата за доделувањето на договорите за јавни набавки................................................. | 139 |

**Стр.**

3421. **Правилник** за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки...................................................... **154**

3422. **Упатство** за начинот на трезорско работење.................................................... **156**

3423. **Национална** сортна листа.................... **186**

3424. **Решение** за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп........................................... **187**

3425. **Правилник** за поблиските услови за стандардите во поглед на потребен простор, опрема и стручен кадар, нивото на поддршка, начинот и програмата за остварување на поддршката за самостојно живеење во станбена единица.................. **188**

3426. **Правилник** за начин и услови за регулирање на цени за пренос, дистрибуција и снабдување со природен гас............. **193**

3427. **Листа** на стручни лица - тренери кои учествувале во работата за остварување на спортскиот резултат на категоризиран спортист во Република Македонија, за период јули 2009 – декември 2009 година.................................... **240**

**Огласен дел.......................................... 1-16**

---

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3405.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 2009 година.

Бр. 07-5440/1
28 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 60/2003), во членот 8 став (2) алинеја 1 зборот “трансфер” се заменува со зборот “средства”.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

### L I G J
### PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR THEMELIMIN E AGJENCISE PËR MBESHTETJEN E SIPERMARRESISE TË REPUBLIKES SË MAQEDONISE

Neni 1

Në Ligjin për themelimin e Agjencise për Mbeshtetjen e Sipermarresise të Republikes së Maqedonise ("Gazeta zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 60/2003), në nenin 8 paragrafi (2) alineja 1, fjala "transfer" zevendesohet me fjalen "mjete".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në „Gazeten zyrtare të Republikes se Maqedonise“.

---

**3406.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за цивилните инвалиди од војната,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 2009 година.

Бр. 07-5451/1
28 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА

Член 1

Во Законот за цивилните инвалиди од војната ("Службен весник на СРМ" број 33/76, 25/79, 11/81, 4/85, 12/89 и 17/91 и „Службен весник на Република Македонија“ број 38/91, 81/99 и 12/2009), во членот 9 ставот 1 се менува и гласи:

„Висината на цивилната инвалиднина за цивилните инвалиди од војната се утврдува според личната инвалиднина на воените инвалиди од I-та група која изнесува 36.126,00 денари. Висината на месечниот износ на личната инвалиднина се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR INVALIDËT CIVILË NGA LUFTA**

Neni 1

Në Ligjin për invalidët civilë nga lufta ("Gazeta zyrtare e RSM-së", numër 33/76, 25/79, 11/81, 4/85, 12/89 dhe 17/91 dhe "Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 38/91, 81/99 dhe 12/2009), në nenin 9 paragrafi 1 ndryshohet, si vijon:

"Lartësia e pagesës civile invalidore për invalidët civilë nga lufta, përcaktohet sipas pagesës personale invalidore të invalidëve të luftës nga grupi I, e cila është 36 126,00 denarë. Lartësia e shumës mujore të pagesës personale invalidore, harmonizohet me rritjen e shpenzimeve të jetës për vitin paraprak, të shpallura nga Enti Shtetëror i Statistikës në janar, për vitin rrjedhës."

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**3407.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2009 година.

Бр. 07-5495/1
29 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА**

Член 1

Во Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација ("Службен весник на Република Македонија" број 37/2002 и 89/2008), во членот 2 став 2 зборот "осум" се заменува со зборот "десет".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR EMETIMIN E OBLIGACIONEVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË PËR DENACIONALIZIM**

Neni 1

Në Ligjin për emetimin e obligacioneve të Republikës së Maqedonisë për denacionalizim ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 37/2002 dhe 89/2008), në nenin 2 paragrafi 2, fjala "tetë", zëvendësohet me fjalën "dhjetë".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**3408.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за управување со пакување и отпад од пакување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2009 година.

Бр. 07- 5500/1
29 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
**Предмет на уредување**

Со овој закон се уредуваат барањата за заштита на животната средина кои мора да ги исполнува пакувањето при негово производство, пуштање на пазар и ставање во употреба и постапувањето со отпадот од па-

кување што ги опфаќа обврските и одговорностите на економските оператори и другите субјекти кои учествуваат во процесот на производство, пуштање на пазар и ставање во употреба на пакувањето, правилата за собирање, повторна употреба, преработка и отстранување, како и други услови за постапување со отпадот од пакувањето, известувањето и економските инструменти за постигнување на националните цели за собирање и преработка на отпад од пакување.

Член 2
**Субсидијарна примена на други закони**

(1) На прашањата кои се поврзани со правилата за управување со отпад од пакувања кои не се посебно регулирани со овој закон, ќе се применуваат одредбите од Законот за управување со отпад.

(2) За регулирање на прашањата во врска со пристап до информации кои се однесуваат на животната средина, учество на јавноста во донесувањето на одлуките, оцена на влијанието од определени стратегии, планови и програми врз животната средина, оцена на влијанијата од определени проекти врз животната средина, се применуваат одредбите од Законот за животната средина, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(3) На постапките утврдени со овој закон се применува Законот за општата управна постапка доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Член 3
**Цели на законот**

Во согласност со начелото на одржлив развој, целите на овој закон се:

- да се спречи создавањето на отпад од пакување,
- да се намали количината на отпад од пакување,
- да се намали и ограничи употребата на штетни метали и материи во пакувањето и со тоа да ја намали токсичноста на отпадот од пакување,
- да се спречи или да се намали негативното влијание врз животната средина од отпадот од пакување и да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина,
- да се постигне високо ниво на повторна употреба на пакувањето,
- да се постигне високо ниво на рециклирањето и други видови на преработка на отпадот од пакување и намалување на крајното отстранување на отпадот од пакување,
- да се обезбедат услови за воспоставување на системи за враќање, селектирање, собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на отпадот од пакување,
- да се обезбедат услови за воспоставување и развој на пазар на преработка и рециклирање на отпадот од пакување и
- да се обезбеди еднаква положба на пазарот меѓу домашните и странските правни и физички лица и да се избегнат и отстранат трговските бариери кои можат да го нарушат пазарот.

Член 4
**Примена на законот**

(1) Одредбите од овој закон се применуваат на сите пакувања што се произведуваат и пуштаат на пазар на територијата на Република Македонија и на целиот отпад од пакување кој е создаден од вршење на производствена, индустриска, занаетчиска, трговска, услужна, административна и друга дејност, на отпадот од пакување кој е создаден во домаќинствата и/или на други места на територијата на Република Македонија, без оглед на потеклото, употребата и видот на материјалот на пакувањето и на отпадот од пакување.

(2) Одредбите од овој закон не ја исклучуваат примената на одредбите кои го уредуваат квалитетот на пакувањето, безбедноста, хигиената и санитарната заштита, заштитата на здравјето и безбедноста на пакуваните производи, како и правилата што се поврзани со транспортот на производите и постапувањето со отпад и отпад од пакувања.

(3) Сите мерки, стандарди и цели кои се утврдени со овој закон се применуваат како минимални барања коишто треба да се исполнат при управувањето со пакувањето и отпадот од пакување.

(4) Доколку со друг закон се утврдени мерки и стандарди на животната средина, при управувањето со пакувањето и отпадот од пакувања се применуваат построгите мерки и стандарди со цел за заштита на животната средина и постигнување на целите на животната средина.

Член 5
**Дефиниции**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Пакување се сите производи направени од каков било вид на материјал кои се користат за чување, заштита, ракување, испорака и презентирање на стоки, од производителот до корисникот или потрошувачот, без оглед на тоа дали стоката е суровина или готов производ. „Неповратните„ предмети кои се користат за истите цели, исто така, ќе се сметаат за пакување, вклучувајќи ги и помошните средства кои служат за завиткување, поврзување и/или употреба на стока, означување на стока, припрема за достава или затворање на стока. Пакувањето може да биде:

а) продажно или примарно пакување (продажно пакување) е пакување направено на таков начин кое претставува единствена единица за крајниот корисник или потрошувачот на местото на продажбата. Ова вклучува чаши, шолји, кеси, конзерви, шишиња, пластични шишиња, туби, кутии, плочи, цевки и друго или друго слично пакување со составните делови коишто ја обвиткуваат или ја содржат основната продажна единица на стоката наменета за продажба за крајниот корисник или за потрошувачот, на местото на продажбата и ја заштитуваат стоката од оштетување или загадување. Продажно пакување се и садовите и приборот за јадење за еднократна употреба;

б) групно или секундарно пакување (групно пакување) е пакување направено на таков начин кое, како група, обвиткува или држи заедно поголем број на основни продажни единици со продажно пакување од ист или различен вид на стока на местото на купување, без

оглед на тоа дали се продаваат на крајниот корисник или потрошувач како група или се продаваат поединечно по продажна единица или служи како средства за достава до местото на продажба. Групното пакување може да се отстрани од продажните единици без да се влијае врз неговите карактеристики. Ова вклучува фолии, кутии и слични материјали за завиткување или друго пакување чии составни делови се наменети за дистрибуција, складирање, транспорт или достава на стоката за продажба на крајниот корисник или потрошувач. Ако групното пакување истовремено врши функција на продажно пакување истото се смета за продажно пакување;

в) транспортно или терцијално пакување (транспортно пакување) е пакување направено на таков начин, кое обвиткува или држи заедно поголем број на основни продажни единици со продажно или групно пакување, со цел да го олесни ракувањето и транспортот на стоката и да ја заштити од оштетување при ракувањето и транспортот. Ова вклучува буриња, сандаци, врчви, вреќи, палети, кутии или друго слично пакување. Ако транспортното пакување истовремено врши функција на продажно пакување истото се смета за продажно пакување. Контејнерите, кои за превоз на стока се употребуваат во патниот, железничкиот, поморскиот или воздушниот сообраќај, не се транспортно пакување и

г) кога е потребно, определувањето за тоа кој предмет ќе се смета за „пакување“ ќе се врши и преку примена на следниве критериуми:

- предметот ќе се смета за пакување ако ја исполнува една од дефинициjата за пакување дадени под точката 1 од овој член, без оглед на другите функции кои можеби ги поседува, под услов пакувањето да е интегрален дел од производот и е неопходно за чување на неговата содржина, го поддржува или штити производот во текот на целиот негов животен циклус и сите елементи на пакувањето се наменети да се употребуваат, трошат и отстрануваат заедно со производот,

- предметот кој е дизајниран или наменет да се наполни со содржина на местото на продажбата и предметот наменет „за еднократна употреба„ што се продава, полни или е дизајниран и наменет да се наполни на местото на продажба, ќе се смета за пакување ако ја исполнува една од дефинициjата за пакување дадени под точката 1 од овој член и

- составните делови на пакувањето и помошните елементи вградени во пакувањето се сметаат за дел од пакувањето во кое се вградени. Помошните елементи што се директно обесени, или прикачени на еден производ и што вршат функција на пакување се сметаат за пакување, освен ако не се составен дел од тој производ и ако сите елементи се наменети да се користат или да се отстранат заедно со производот;

2. Отпад од пакување е секое пакување или материјал за пакување кој е опфатен со дефиницијата за отпад согласно со Законот за управување со отпад, освен остатоците создадени при производството на пакувањето;

3. Отпад од пакување кој претставува комунален отпад е отпад од продажно и групно пакување, кој се создава како отпад од домаќинствата или отпад од индустриските, занаетчиските, услужните или други активности, кој по својата природа и според својот состав е сличен на отпадот од домаќинствата;

4. Отпад од пакување кој не претставува комунален отпад е отпад од продажно, групно или транспортно пакување, кој се создава како отпад при извршувањето на производствени, индустриски, занаетчиски, трговски, услужни, административни и други дејности и според својата природа и состав е различен од отпадот од домаќинствата;

5. Управување со отпад од пакување е збир на активности, мерки и одлуки наменети за постигнување на националните цели за постапување со отпадот од пакување, а се преземени во согласност со овој закон и со прописите кои го регулираат управувањето и постапувањето со отпадот;

6. Спречување е намалување на количеството и на негативните влијанија врз животната средина, особено со развивање на „чисти“ производи и технологии од:

- материјалите и супстанциите содржани во пакувањата и во отпадот од пакување и

- пакувањето и отпадот од пакување што се создава при производствениот процес и во фазите на пуштање на пазар, ставање во употреба, дистрибуција и отстранување;

7. Повторна употреба на пакувања е секоја постапка со којашто пакувањето било замислено (конципирано) и дизајнирано на таков начин што во текот на својот животен циклус, со помош или без помош на производи за пакување, еднаш или повеќе пати ќе биде повторно употребено и/или еднаш или повеќе пати ќе може повторно да се наполни за иста или слична намена за која првично било направено. Ова повторно употребено пакување станува отпад од пакување тогаш кога веќе нема да биде предмет на повторна употреба или полнење;

8. Обновување е секоја операција на преработка на отпад која може да се примени во согласност со одредбите на Законот за управување со отпад;

9. Рециклирање на отпадот од пакувања е секоја преработка на отпадот од пакување во производствен процес како секундарна суровина за производство на нови пакувања наменети за иста или за друга цел, вклучувајќи го органското рециклирање, а исклучувајќи ја енергетската преработка;

10. Енергетска преработка на отпадот од пакување е секоја операција на преработка со која се врши согорување на отпадот од пакување заедно или без друг отпад со цел за производство на енергија и искористување на добиената топлинска енергија;

11. Органското рециклирање на отпад од пакување е аеробна (компостирање) или анаеробна (биометанизација) преработка во контролирани услови и со употреба на микроорганизми за делот на отпадот од пакување кој биолошки може да се разложи, со којашто се произведува стабилизиран органски остаток или метан. Отстранувањето на отпадот од пакување на депонии не се смета за органско рециклирање;

12. Отстранување на отпад од пакувања е секоја операција која може да се примени во согласност со одредбите на Законот за управување со отпад;

13. Економски оператори поврзани со управувањето со пакување се:

- производител на пакување е правно или физичко лице кое произведува, увезува и/или пушта на пазар пакувања и нивни конвертори, како своја дејност,

- производител е правно или физичко лице кое пакува стоки или полни стоки во пакувања, како и произведува, увезува и/или пушта на пазар стоки спакувани во пакувања, како своја дејност, вклучувајќи го и производителот кој како краен корисник увезува спакувана стока,

- мал производител е правно или физичко лице кое пакува стоки или полни стоки во пакувања и/или произведува, увезува и/или пушта на пазар стоки спакувани во пакувања во количини согласно со членот 19 од овој закон,

- трговец е правно или физичко лице кое врши трговска дејност и набавува материјали за производство на пакување, пакување и спакувани стоки за цели на продажба на крајниот корисник,

- последен доставувач е правно или физичко лице кое пакувањето или спакуваната стока ја доставува непосредно на крајниот корисник односно потрошувач, без оглед на тоа дали истовремено тоа лице е производител, пакувач или продавач на мало,

- краен корисник е потрошувач кој поради крајна употреба или консумирање на спакуваната стока, ја одделува стоката и/или го празни пакувањето и на тој начин создава отпад од пакување и трговец кој, поради натамошна употреба на стоката, пакувањето го одвојува од стоката и/или го празни пакувањето и на тој начин создава отпад од групно или транспортно пакување,

- правно лице за постапување со отпад од пакување е правно лице кое има добиено дозвола за постапување со отпад од пакување согласно со членот 21 став (2) од овој закон и

- самостоен постапувач со отпад од пакување (во натамошниот текст: самостоен постапувач) е правно или физичко лице кое има добиено дозвола за самостојно постапување со отпад од пакување согласно со членот 24 став (2) од овој закон;

14. Доброволен договор е формален договор кој има извршни клаузули склучен меѓу, органите и организациите кои застапуваат одредени интереси на економските оператори, групи на економски оператори и поединечни економски оператори, од една страна и, од друга страна, Владата на Република Македонија со цел да се постигнат целите од овој закон утврдени во членот 3 и националните цели од членот 35 на овој закон, кој е отворен за пристапување на сите правни и физички лица кои сакаат да ги исполнат условите утврдени во договорот. Доброволниот договор е достапен до јавноста согласно со закон;

15. Композитно пакување (композит) е пакување составено од повеќе слоеви од различни материјали кои рачно не може да се раздвојат или на друг начин меѓусебно да се одвојат:

16. Повратно пакување е пакување за кое може да биде обезбедено враќање со кауција и истото може повторно да се употребува;

17. Враќање на пакувања е активност со која се обезбедува повратен прием на отпад од пакување која не го загрозува здравјето на луѓето и не применува процеси или методи кои би биле штетни за животната средина;

18. Намерно внесување е активност со која намерно се користи супстанција или материја при формулирањето на пакувањето или на компонентите на пакувањето при што нејзиното постојано присуство во крајното пакување или во компонентата на пакувањето е пожелно за да се постигнат специфични карактеристики, изглет или квалитет на пакувањето. Употребата на рециклирани материјали како суровина за производство на нови материјали за пакување, каде што дел од рециклираните материјали можат да содржат количества од регулираните супстанции и материи, не се смета за намерно внесување;

19. Случајно присуство е присуство на метал како ненамерно внесена состојка на пакување или дел од пакување и

20. Орган за вршење на стручни работи од областа на животната средина е Управата за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 6

**Начела**

(1) Во согласност со целите за долгорочна заштита и одржливо користење на природните ресурси и заштита и унапредување на медиумите и областите на животната средина, управувањето со пакувањето и отпадот од пакување се заснова на:

1) начело на одговорност на производителот - производителот кој при вршењето на својата дејност создава и придонесува кон создавање на отпад од пакување е одговорен за преземање на мерки за управување со пакувањето и отпадот од пакување со цел да се елиминира и/или намали до крајна можна мера негативното влијание врз медиумите и областите на животната средина кое настанува како резултат на отпад од паку-

вање создаден од неговата дејност. Во смисла на ова начело како производител се смета и производителот на пакување и

2) начело на процена на животниот циклус на производот - производителот на стока која е спакувана во пакување и како производ ја пушта на пазар е должен да изврши процена на животниот циклус на производот и да го дизајнира на начин со кој ќе се овозможи повторна употреба и зголемен животен циклус на пакувањето и производот, намалување на создавањето на отпад и отпад од пакување на крајот на животниот циклус на производот и спречување на негативни влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

(2) Во управувањето со пакувањето и отпадот од пакување, покрај начелата утврдени во овој член, соодветно се применуваат и начелата утврдени во Законот за животната средина и Законот за управување со отпад.

## II. БАРАЊА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 7
### **Мерки за спречување и превенција**

(1) Заради спречување и превенција во создавањето на количини на материјали и опасни супстанции содржани во пакувањето и отпадот од пакување, производителот на пакување и производителот во производството или при увозот на материјали е должен да употребува најдобри технологии и производствени постапки, кои се докажани во праксата и достапни на пазарот и кои, по разумна цена, придонесуваат кон:

- намалување на создавањето на количеството на пакувањето и отпад од пакувања,
- спречување и намалување на штетните/негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина настанати поради количините и составот на материјалот на пакувањето или отпадот од пакување и
- спречување и намалување на штетните/негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина во текот на производството, пуштањето на пазарот, селектирањето и употребата на пакувањата, како и во преработката или отстранувањето на отпадот од пакување.

(2) За реализација на мерките од ставот (1) на овој член производителот на пакување и производителот кои на годишно ниво имаат производство или користат пакување кое е поголемо од 30 т се должни да изготват програма за спречување и превенција на создавање на отпад од пакување, која особено треба да содржи квантитативни цели за спречување и превенција, мерки за постигнување на целите и механизми за контрола на квалитетот на пакувањето заради исполнувањето на целите во согласност со техничките и економските можности.

(3) Програмата од ставот (2) на овој член се изготвува за период од четири години.

(4) Во случај на промена на активностите на субјектите од ставот (1) на овој член истите се должни да изготват нова програма.

(5) Заради полесно определување на предмети кои ќе се сметаат за „пакување“ согласно со критериумите од членот 5 точка 1 потточка г) на овој закон, министерот за животна средина и просторно планирање ќе објави листа со илустративни примери за пакување.

### Член 8
### **Пуштање на пазар**

Пакување може да се пушти на пазар под услов да ги исполнува основните барања утврдени во овој закон кои се однесуваат на производството, составот и природата на пакувањето и на пакувањето што може повторно да се употреби, вклучувајќи ја и погодноста за преработка, односно рециклирање.

### Член 9
### **Примена на стандарди во управувањето со пакувањето и отпадот од пакување**

(1) Пакувањето што се произведува и кое се пушта на пазар во Република Македонија треба да е во согласност со европските и националните стандарди.

(2) Пакувањето ги исполнува барањата утврдени во стандардите од ставот (1) на овој член доколку е произведено во согласност со:

1) хармонизираните европски стандарди усвоени како национални, а кои се однесуваат на:

- критериуми и методологии за анализа на животниот циклус на пакувањето,
- методи за мерење и верификација на присуство на тешки метали и други штетни материи и супстанции во пакувањето и нивното испуштање во животната средина од пакувањето и од отпадот од пакување,
- критериуми за минималната содржина на материјалот што се рециклира во пакувањето за соодветни видови на пакување,
- критериуми за методите на рециклирање,
- критериуми за методите на компостирање и за создадениот компост и
- критериуми за означување на пакувањето и

2) други национални стандарди од областа на квалитетот на пакувањето.

### Член 10
### **Барања во однос на производството и составот на пакувањето**

(1) Пакувањето се изработува на таков начин што волуменот и тежината на пакувањето да бидат ограничени на минималното соодветно количество за одржу-

вање на потребното ниво на безбедност, хигиена и прифатливост за пакуваниот производ и за потрошувачот.

(2) Пакувањето треба да е дизајнирано, произведено и продадено на начин што ќе овозможува повторна употреба или преработка, вклучувајќи и рециклирање, при што негативното влијание врз животната средина се сведува на минимум при отстранување на отпадот од пакувањето или на неговите остатоци настанати при преземање на операциите за постапување со отпадот од пакување.

(3) Пакувањето треба да е изработено на таков начин што присуството на штетни и на други опасни супстанции и материи, присуството на тешки метали и други штетни материи и супстанции, како состојки на материјалот за пакување или на која било од компонентите на пакувањето, се сведени на минимум во однос на нивното присуство во емисиите, пепелта или во исцедокот што се создава при согорување или отстранување на пакувањето, или се создава при преземање на операциите за постапување со отпадот од пакување.

Член 11

**Барања за нивоа на концентрација на тешки метали присутни во пакувањето**

(1) Вкупното ниво на концентрација на олово, кадмиум, жива и хексавалентен хром присутно во пакувањето и во неговиот составен материјал или компоненти не смее да надминува 100 милиграми по килограм маса тежински, освен за пакување кое во целина е направено од оловно кристално стакло.

(2) Производителот или производителот на пакување кон пратката на пакувањето или материјалите за производство на пакување кои ги пушта на пазар е должен да поседува податоци дека се исполнети барањата од ставот (1) на овој член.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, содржината на тешки метали може да го надминува нивото од 100 милиграми по килограм маса тежински за стаклени пакувања, пластични гајби и палети кои потекнуваат од рециклирани материјали и доколку тешките метали не се намерно внесени во производствениот процес, односно се случајно присутни.

(4) Субјектите од ставот (2) на овој член се должни да вршат месечни контроли на присуство на нивоа на концентрации на тешки метали во пакувањата.

(5) Во случаите на надминување на нивото на концентрација на тешки метали од ставот (1) на овој член, во некоја од дванаесетте последователни месечни контроли направени на стандардно и редовно производство ја надмине границата од 200 милиграми по килограм маса тежински, производителот на пакувањето и производителот се должни да доставаат извештај изготвен од акредитирана институција до органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (во натамошниот текст: стручниот орган).

(6) Извештајот од ставот (5) на овој член треба да вклучува информации за измерените вредности, опис на користените методи на мерење, можни извори на присуство на нивоата на удели на тешки метали и детален опис на преземени мерки за намалување на уделите на тешки метали.

(7) Резултатите од мерењата извршени во производствените процеси, како и користените мерни методи треба да се чуваат најмалку четири години и да се достапни во секое време на надлежни инспекциски органи на нивно барање.

Член 12

**Барања во поглед на природата на пакувањата кои се наменети за повторна употреба**

Пакувањата кои се произведени со намена да бидат повторно употребувани треба да ги исполнуваат следниве барања:

- физичките својства и карактеристики на пакувањето треба да бидат такви кои ќе обезбедат соодветен квалитет на пакувањето, со цел за негова повторна употреба во нормално предвидливи услови на користење,
- да овозможат при преработката на искористеното пакување, да се задоволат барањата во однос на здравствените и безбедносните услови за заштита при работа и
- да овозможи пакувањето кое не може понатаму повторно да се употребува да ги задоволува условите што треба да ги исполнува отпадот од пакување.

Член 13

**Барања во поглед на погодноста на пакувањето за преработка и рециклирање**

Пакувањето во поглед на неговата погодност за преработка и рециклирање на материјалот треба да ги исполнува следниве барања:

- пакување што може да се преработува преку операции на рециклирање мора да биде изработено на таков начин што кога ќе стане отпад од пакување да овозможува рециклирање на одреден тежински процент од материјалите кои се користени во изработката на производот кој е наменет за продажба, во согласност со важечките стандарди. Утврдувањето на овој процент може да варира во зависност од видот на материјалот од кој се состои пакувањето,
- пакување што може да се преработи преку операции за енергетска преработка кога ќе стане отпад од пакување да има минимална калорична вредност за да се овозможи оптимално производство на енергијата,
- пакување што може да се преработи преку операции на компостирање мора да биде изработено на таков начин што кога ќе стане отпад од пакување да има биоразградливо својство што нема да го попречува одделното собирање и процесот на компостирање или активноста во којашто тоа се воведува и

- пакување што е произведено од биоразградливи материјали мора да биде изработено на таков начин што кога ќе стане отпад од пакување да биде од таква природа што ќе може да се подложува на физичко, хемиско, термичко или на биолошко разградување, така што поголемиот дел од завршниот компост на крај ќе се разградува во јаглерод двооксид, биомаса и вода.

Член 14
**Идентификација и означување на пакувањето**

(1) Пакувањето се идентификува и означува во согласност со природата на материјалот од кој е произведено пакувањето, со цел да се олесни собирањето, повторната употреба и преработката, вклучувајќи го и рециклирањето на пакувањето.

(2) Пакувањето треба да биде идентификувано и означено со соодветна ознака на самото пакување или на неговата етикета, а доколку големината на пакувањето тоа не го дозволува, тогаш означувањето треба биде дадено во приложено упатство.

(3) Означувањето треба да ги содржи следниве податоци:

1) видот на материјалот употребен во пакувањето;

2) можноста за повторна употреба доколку постои и

3) можноста за преработка, односно рециклирање доколку постои.

(4) Ознаката треба да биде јасно видлива и лесно читлива при продажбата и при враќањето на пакувањето, издржлива и трајна, дури и кога пакувањето е отворено.

(5) Министерот за животна средина и просторно планирање во согласност со министерот за економија ќе ги пропише начинот на нумерирање и кратенките на кои се заснова системот за идентификација и означување на материјалите од кои е произведено пакувањето, како и формата и содржината на ознаката за постапување со пакувањето.

Член 15
**Информации за корисниците на пакувањето**

(1) Производителите се должни на соодветен начин да ги информираат продавачот и потрошувачот за битните својства на производот и неговото пакување во поглед на опасните и штетните материи и супстанции кои тие ги содржат и за начинот на постапувањето со искористените производи и со пакувањето кога тоа ќе стане отпад од пакување.

(2) Производителите се должни на секој вид на материјал од кој е произведено пакувањето кои ги пуштаат на пазар да поседуваат податоци за количината на тешки метали од членот 11 од овој закон.

(3) Производителите се должни на секој вид пакување во кое е спакувана или наполнета стоката самите или преку производителите на пакувањето да ги обезбедат податоците за количината на тешки метали од членот 11 на овој закон.

(4) Производителите на пакување се должни за секој вид на материјал кој е наменет за производство на пакување да обезбедат податоци за количината на тешки метали од членот 11 на овој закон.

III. ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Член 16
**Забрани**

(1) Отпадот од пакување кој е комерцијален отпад и/или не е комунален отпад е забрането да се остава или предава на места означени за собирање и селектирање на комунален отпад од домаќинствата.

(2) Крајниот корисник отпадот од пакување, кој е комерцијален отпад и/или не е комунален отпад, кој го предава или враќа во согласност со овој закон, е должен да го чува одвоено, со цел да не постои можност да се меша со друг вид на отпад и да може да се собере и повторно употреби, преработи или отстрани во согласност со овој или друг закон.

(3) Крајниот корисник е должен да обезбеди отпадот од пакување, кој е комерцијален отпад и/или не е комунален отпад, а кој го предава или враќа, да не е загаден со штетни или опасни материи и други материјали кои не се пакување, доколку тие материјали би ја оневозможиле неговата повторна употреба или преработка или тоа би било можно само со преземање на дополнителни мерки кои имаа несразмерно високи трошоци.

(4) Крајниот корисник е должен за отпадот од пакување кој е загаден со опасни или други материи кои не се пакување, како поседувач на отпад да обезбеди постапување со истиот, во согласност со прописите за постапување со отпад.

Член 17
**Обврски на производителот**

(1) Производителот е должен на свој трошок да обезбеди исполнување на националните цели од членот 35 на овој закон, преку собирање и преработка или рециклирање на отпадот што се создал од пакувањето кое прв пат го пуштил на пазарот во Република Македонија со:

- редовно преземање на отпадот од пакување кој е комунален отпад во согласност со членот 26 став (3) од овој закон и да обезбедат негова повторна употреба, преработка или отстранување и

- преземање и собирање на отпадот од пакување од крајните корисници и негова повторна употреба, преработка или отстранување.

(2) Производителот, кој истовремено е и краен корисник, е должен на свој трошок да обезбеди исполнување на националните цели од членот 35 на овој закон, преку собирање и преработка или рециклирање на отпадот што се создал од пакувањето кое го увезол на пазарот во Република Македонија.

(3) Обврските од ставот (1) на овој член не важат за пакувањето кое се извезува како пакување или како спакувана стока.

(4) Обврската од ставовите (1) и (2) на овој член не се однесува на субјектите од членовите 30 став (3), 31, 32 и 33 на овој закон.

Член 18
**Постапување со продажно, групно и транспортно пакување**

(1) Производителот на пакување, производителот и трговецот се должни отпадот од групното и транспортното пакување непосредно по доставувањето на стоката или при наредното доставување, бесплатно да го примат назад, ако крајниот корисник сака да го врати. Ако крајниот корисник самиот ја преземе стоката од производителот на пакувањето, производителот или од трговецот, може отпадот од групното и транспортното пакување да го остави непосредно на местото на преземање или дополнително бесплатно да го врати.

(2) Обврските од ставот (1) на овој член се применуваат и за продажното пакување кое истовремено врши функција на групно или транспортно пакување.

(3) Производителот на пакување, производителот и трговецот се должни бесплатно да го примат назад и отпадот од продажното пакување кое е комерцијален отпад и/или не е комунален отпад, кога крајниот корисник сака да го врати и за таквиот отпад не се пропишани посебни начини на постапување.

(4) За спроведување на обврските од ставовите (1), (2) и (3) на овој член производителот на пакување, производителот и трговецот се должни да уредат одделен простор и да обезбедат опрема за селективно собирање на отпадот од пакување, доколку има продажен простор поголем од 200 м2.

(5) Производителот на пакување, производителот и трговецот можат собраните количини на отпад од пакување привремено да ги складираат одвоено во свој затворен или отворен простор.

(6) Производителот на пакување, производителот и трговецот кои имаат продажен простор помал од 200 м2 можат да уредат простор и да обезбедат опрема за селективно собирање на отпадот од пакување.

Член 19
**Ослободување - мал производител**

(1) Обврската од членот 17 на овој закон се однесува само на оној производител, кој пуштил годишно на пазар или увезол во Република Македонија повеќе од следниве количини и одделни видови на пакување:

- 800 кг стакло,
- 100 кг пластика,
- 300 кг хартија, картони и повеќеслојно пакување составено од претежно хартиени или картонски компоненти,
- 100 кг метал,
- 100 кг дрво и
- 100 кг други видови на пакување.

(2) Количините од ставот (1) на овој член се засметуваат како поединечни збирни количини по материјал на пакување.

(3) Производителот од ставот (1) од овој член е должен да води евиденција согласно со членот 28 ставови (3) и (4) од овој закон.

Член 20
**Колективно постапување со отпад од пакување**

(1) Производителите спроведувањето на обврските од членот 17 на овој закон можат да ги остваруваат самостојно или со склучување на посебен договор за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со правно лице кое во согласност со овој закон и/или со Законот за управување со отпад обезбедува постапување со отпадот од пакување во нивно име и за нивна сметка (во натамошниот текст: правно лице за постапување со отпад од пакување).

(2) Правното лице за постапување со отпад од пакување е должно да обезбеди:

- редовно преземање на отпадот од пакување кој е комунален отпад во согласност со членот 26 став (3) од овој закон,
- редовно преземање и собирање на отпадот од пакување од крајните корисници и
- повторна употреба, преработка или отстранување на преземената и собраната количина на отпад од пакување согласно со алинеите 1 и 2 од овој став.

(3) Правното лице за постапување со отпад од пакување е должно да обезбеди дозвола во согласност со членот 21 од овој закон.

(4) Вршењето на работите од ставот (2) на овој член правното лице за постапување со отпад од пакување не може да ги извршува самостојно и е должно да ги довери на лица кои се регистрирани за вршење на тие работи и поседуваат соодветни дозволи согласно со овој закон и/или со Законот за управување со отпад.

(5) Производителот од ставот (1) на овој член е должен на правното лице за постапување со отпад од пакување со кое склучил договор за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување да плати соодветна цена за услугата поврзана со спроведување на обврските за постапување со отпадот од пакување што производителот го создава.

Член 21
**Правното лице за постапување со отпад од пакување**

(1) Правното лице за постапување со отпад од пакување може да постапува со отпад од пакување во име и за сметка на производителите доколку има обезбедено договори за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со производители кои заедно пуштаат на пазар или увезуваат во Република Македонија најмалку 30% од примарното, секундарното и терцијалното пакување во текот на една година и да ја поседува дозволата од ставот (2) на овој член.

(2) Правното лице за постапување со отпад од пакување е должно да обезбеди дозвола за постапување со отпад од пакување од Министерството за животна средина и просторно планирање врз основа на писмено барање кое особено содржи:

1) името/назив и седиштето на правното лице за постапување со отпад од пакување;

2) договори склучени со единиците на локалната самоуправа во согласност со членот 26 од овој закон;

3) временскиот период за кој се бара дозволата;

4) договор за основање или статут на правното лице за постапување со отпад од пакување;

5) список со назив, адреса, дејност, број на деловниот субјект и даночен број на производителите од членот 17 на овој закон во чие име и за чија сметка ќе постапува со отпадот од пакување;

6) доказ дека во моментот на поднесувањето на барањето има склучено договори за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со производители кои заедно пуштаат на пазар или увезуваат во Република Македонија најмалку 10 % од примарното, секундарното и терцијалното пакување на годишно ниво и начинот на кој планира во рок од една година од денот на добивањето на дозволата да го исполни условот од ставот (1) на овој член;

7) потврда за правно лице - тековна состојба од Централниот регистар на Република Македонија;

8) регистрирана ознака на пакувањето доколку има намера со неа да им гарантира на учесниците во системот дека ќе постапува со тој отпад од пакување и

9) програма за постапување со отпад од пакување од членот 22 на овој закон.

(3) Покрај документите од ставот (2) на овој член, а во зависност од видот на пакувањата, стручниот орган може по потреба да побара барателот да достави и други дополнителни податоци согласно со овој закон и/или Законот за управување со отпад.

(4) Доколку дојде до промена на податоците доставени со дозволата од ставот (2) на овој член, правното лице за постапување со отпад од пакување е должно да го извести стручниот орган најдоцна во рок од два месеца од моментот на настанување на промените.

(5) Правното лице за постапување со отпад од пакување е должно најдоцна до 31 март при доставувањето на извештајот за постапувањето со отпадот од пакување од членот 27 на овој закон до стручниот орган да го достави и списокот од ставот (2) точка 5 на овој член, со што се врши регистрирање во евиденцијата на производителите во чие име и за чија сметка се постапува со отпадот од пакување.

(6) Правното лице за постапување со отпад од пакување е одговорно за правилното постапување со отпад во согласност со овој закон и за постигнување на целите од членот 35 став (1) на овој закон во име и за сметка на производителите од членот 17 на овој закон со кои има склучено договор за преземање на обврски за постапување со отпад.

(7) Дозволата од ставот (2) на овој член се издава за период од пет години.

(8) Дозволата од ставот (2) на овој член ја издава Министерството за животна средина и просторно планирање врз основа на предлог од стручниот орган.

(9) Правното лице за постапување со отпад од пакување на производителите од членот 17 на овој закон со кои има склучено договор за преземање на обврска за постапување со отпад од пакување е должно да издаде потврда за ослободување од плаќањето на надоместокот од членот 40 на овој закон.

Член 22

**Програма за постапување со отпад од пакување**

(1) Програмата за постапување со отпад од пакување задолжително ги содржи следнитве податоци:

- видот на пакувањето за кое правното лице за постапување со отпад од пакување обезбедува постапување со отпад од пакување (во натамошниот текст: систем),
- начинот на остварувањето на националните цели од членот 35 на овој закон,
- предвиден начин и обем на преземање и собирање на отпадот од пакување од крајните корисници,
- предвиден начин и обем на редовно преземање на отпад од пакување кој е комунален отпад од општините, општините во градот Скопје и од градот Скопје во согласност со членот 26 од овој закон и план за склучување на идни договори со истите, вклучувајќи го и бројот на жителите кои ќе бидат опфатени за периодот на важност на програмата,
- предвиден начин и мерки за известување на јавноста и крајните корисници во согласност со членот 23 ставови (2) и (3) од овој закон,
- број и локации на собирните места и центри кои се вклучени во системот и назив на правните или физичките лица кои управуваат со нив,
- видот и капацитетот на средствата и опремата кои ги поседуваат правните или физичките лица кои, како други лица во смисла на членот 20 став (4) од овој закон, ќе бидат вклучени во системот во кои ќе се врши собирање, привремено складирање, сортирање или други активности во врска со отпадот од пакување пред да се обезбеди повторна употреба, преработка или отстранување на отпадот од пакување,
- предвидена вкупна годишна количина на вкупно собран отпад од пакување и уделот на видот на материјалите од членот 40 став (2) на овој закон и уделот на собраниот отпад од пакување кој е наменет за повторна употреба, преработка, рециклирање или извезување,
- предвиден начин и количина на собраниот отпад од пакување кој е наменет за повторна употреба, преработка и отстранување со назив на правните лица кои ќе ја извршат повторната употреба, преработката или отстранувањето,
- докази дека функционирањето на системот е финансиски одржлив, финансиски план за развој и доказ за почетните вложувања во системот и
- начинот на спроведувањето на кауцијата, доколку се воведува.

(2) При воспоставувањето на системот и подготвувањето на програмата од ставот (1) на овој член, правното лице за постапување со отпад од пакување е должно да ги земе предвид следниве работи:

- густината на населението и количината и видот на отпадот од пакување кој е комунален отпад,
- распоредувањето на собирните места и центри кои ги има вклучено во системот за собирање и преземање на отпад од пакување и
- просторната разместеност, односно оддалеченост на објектите и капацитетите каде што собраниот отпад од пакување се преработува, (рециклира и се врши енергетска преработка на отпадот од пакување) и се отстранува.

(3) Програмата од ставот (1) на овој член се носи за период од пет години.

(4) За работите од ставот (2) на овој член правното лице за постапување со отпад од пакување е должно да обезбеди докази дека ги зел предвид и соодветно ги уредил истите.

(5) Собирањето, преработката и отстранувањето на отпадот од пакување, правното лице за постапување со отпад од пакување може да го довери само на правни и физички лица кои поседуваат соодветни дозволи за постапување со отпад согласно со Законот за управување со отпад и тоа да го вршат на начин и во услови како што се пропишани со Законот и во објекти и капацитет кои ги исполнуваат законски пропишаните услови.

(6) По исклучок од ставот (5) на овој член правното лице за постапување со отпад од пакување може со здружување со правните или физичките лица од ставот (5) на овој член да учествува во активности на третман на отпадот од пакување кои се однесуваат исклучиво на собирање и сортирање на отпадот од пакување по видови, балирање и подготовка за натамошно постапување со отпад од пакување под услови утврдени со Законот за управување со отпад.

Член 23

**Обврски за постапување**

(1) Правното лице за постапување со отпад од пакување при организирањето на системот за постапување со отпад од пакување е должно да обезбеди собирните места и центри да бидат уредени на таков начин што ќе овозможи крајните корисници да го оставаат отпадот од пакување и во случај кога преземањето на отпадот од пакување не е обезбедено, непосредно кај крајните корисници или кај последните доставувачи.

(2) Правното лице за постапување со отпад од пакување е должно на соодветен начин да ја информира јавноста и крајните корисници за намената и целите од собирањето на отпадот од пакување, за правилното постапување со истиот и за можностите за бесплатно предавање и враќање и можностите за рециклирање и преработка на отпадот од пакување, вклучувајќи и информации за подигнување на одговорноста за правилно постапување со отпадот од пакување и за начинот на кој можат да постапуваат со отпадот од пакување кој е опфатен во системот.

(3) Правното лице за постапување со отпад од пакување во соработка со општините, градот Скопје и општините во градот Скопје е должен на соодветни места да ја известува јавноста за адресите на собирните места и центри кои постојат во подрачјето на таа општина, градот Скопје или општина во градот Скопје коишто се вклучени во системот, односно каде што се врши собирање на отпадот од пакување.

Член 24
**Самостојно постапување со отпад од пакување**

(1) Производителите обврските од членот 17 на овој закон можат да ги остваруваат самостојно доколку за тоа има обезбедено дозвола за постапување со отпад од пакување во согласност со ставот (2) на овој член и е регистрирано во евиденцијата кај стручниот орган како производител кој самостојно обезбедува постапување со отпадот од пакување што го создава.

(2) Дозволата од ставот (1) на овој член се добива со соодветна примена на одредбите од членовите 21 и 22 на овој закон.

(3) Врз основа на добиената дозвола, стручниот орган издава потврда дека производителот е регистриран во евиденцијата на производители како субјект кој самостојно обезбедува постапување со отпадот од пакување што го создава (во натамошниот текст: самостоен постапувач со отпад од пакување).

(4) Самостојниот постапувач со отпад од пакување е должен да обезбеди:

- редовно преземање на отпадот од пакување што тој го создава,
- редовно преземање и собирање на отпадот од пакување од крајните корисници и
- повторна употреба, преработка или отстранување на преземената и собраната количина на отпад од пакување согласно со алинеите 1 и 2 од овој став.

(5) Самостојниот постапувач со отпад од пакување е должен да ги исполни соодветно обврските од членот 23 на овој закон и да доставува извештаи во согласност со членот 27 од овој закон.

Член 25
**Водење на евиденција**

(1) Стручниот орган води евиденција на правните лица кои постапуваат со отпад од пакување, а кои добиле дозвола согласно со членот 21 од овој закон, како и на производителите од членот 17 на овој закон кои имаат склучено договор за преземање на обврски за постапување со отпад.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член стручниот орган е должен редовно да ја ажурира и да ја објавува на својата веб страница и најмалку еднаш годишно да ја објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

(3) Стручниот орган води евиденција на самостојните постапувачи со отпад од пакување од членот 24 на овој закон и е должен редовно да ја ажурира и да ја објавува на својата веб страница и најмалку еднаш годишно да ја објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

(4) Формата и содржината на образецот за водење на евиденцијата на производителите од ставовите (1) и (3) на овој член, начинот на водењето на евиденцијата, како и формата и содржината на образецот на потврдата од членот 24 став (3) на овој закон ги пропишува министерот за животна средина и просторно планирање.

Член 26
**Обврски на градоначалник**

(1) Градоначалникот на општината, на општина во градот Скопје и на градот Скопје е одговорен за организирање на одделното собирање на отпадот од пакување кој е комунален отпад на подрачјето на општината, на општината во градот Скопје и на градот Скопје.

(2) Обврските од ставот (1) на овој член градоначалникот ги остварува врз основа на склучен договор со правното лице за постапување со отпад од пакување или со самостојниот постапувач со отпад од пакување.

(3) Со договорот од ставот (2) на овој член особено се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни, условите и начинот на воведување на одделното собирање и третман на отпадот од пакување, видот на отпадот од пакување, барања во однос на квалитетот на собраниот отпад од пакување, видот на системот за собирање и доколку е можно и постапување со отпад од пакување, начинот на финансирање и покривање на трошоци, начинот на информирање на јавноста и крајните корисници, како и други прашања од заеднички интерес.

(4) Во програмите за управување со отпад и актите на општините, општините во градот Скопје и на градот Скопје со кои се регулира прашањето за постапување со комунален и друг вид на неопасен отпад утврдени согласно со Законот за управување со отпад, задолжително се земаат предвид и националните цели од членот 35 на овој закон.

Член 27
**Обврски за доставување на извештаи**

(1) Правното лице за постапување со отпад од пакување и самостојниот постапувач со отпад од пакување се должни за отпадот од пакување кој го собираат или преземаат во текот на една календарска година, да водат евиденција која ќе докаже дека со собирањето, повторната употреба, преработката или отстранувањето најдоцна до крајот на наредната година се постигнати националните цели утврдени во членот 35 од овој закон.

(2) Правното лице за постапување со отпад од пакување е должно најдоцна до 31 март во тековната година до стручниот орган да достави годишен извештај за постапувањето со отпадот од пакување од страна на производителите во чие име и за чија сметка е одговорно за правилното постапување со отпадот од пакување согласно со членот 21 од овој закон за претходната година кој особено содржи податоци:

1) за количината и видот на пакувањето што се пушта на пазар во Република Македонија;

2) за продажното, групното и транспортно пакување:

- количината и видот на пакување што е повторно употребено;

3) за отпадот од пакување кој претставува комунален отпад и отпад од пакување кој не претставува комунален отпад:

- количината и видот на отпад од пакување кој е рециклиран или на друг начин преработен и
- количината и видот на отпад од пакување кој е извезен од Република Македонија за преработка и

4) вкупниот преглед на постапувањето со отпадот од пакување.

(3) Самостојниот постапувач со отпад од пакување е должен годишниот извештај од ставот (2) на овој член да го доставува за отпадот од пакување кој тој го создава.

(4) Известувањето се врши на начин утврден согласно со членот 28 од овој закон.

(5) Годишниот извештај од ставот (2) на овој член пред доставувањето до стручниот орган задолжително се потврдува од независен ревизор.

(6) Стручниот орган е должен да го одобри годишниот извештај од ставот (2) на овој член во рок од 60 дена од денот на приемот.

Член 28
**Водење на евиденција на количини на пакување**

(1) Производителот од членот 17 на овој закон е должен да води евиденција за видот и количината на произведени, увезени и извезени пакувања, согласно со видот на материјалот од кој е произведено пакувањето кое го пуштил на пазар во текот на една календарска година и за постапувањето со отпадот од тоа пакување во пишана и во електронска форма.

(2) Производителот е должен најдоцна до 31 март во тековната година до стручниот орган да достави годишен извештај за видот и количината на пакувањата што го пуштиле или увезле на пазар во Република Македонија во претходната календарска година и за постапувањето со отпадот од тие пакувања на образец за годишен извештај на пакување и отпад од пакување во пишана и во електронска форма. Во годишниот извештај се приложува и забележува доказот за присуство на тешки метали од членот 15 став (3) на овој закон.

(3) Производителот е должен за секој производ кој има различно пакување да изготви производствена спецификација која содржи информација за тежината на пакувањето на тој производ, вклучувајќи го и неговото секундарно и терцијално пакување.

(4) Производителот е должен врз основа на производствената спецификација од ставот (3) на овој член да води месечна и годишна евиденција за вкупното пакување кое го пуштил на пазар или го увезол во Република Македонија како краен корисник.

(5) Формата и содржината на образецот на годишниот извештајот од ставот (2) на овој член, формата и содржината на образецот на производствената спецификација од ставот (3) на овој член, формата и содржината на образецот на евиденцијата од ставот (4) на овој член, како и начинот на кој се води евиденцијата од ставот (4) на овој член ги пропишува министерот за животна средина и просторно планирање.

(6) Доколку производителите имаат склучено договор со правно лице за постапување со отпад од пакување согласно со членот 21 од овој закон тогаш годишниот извештај од ставот (2) на овој член го поднесува тоа правно лице.

(7) Податоците од ставот (1) на овој член се чуваат пет години сметано од крајот на календарската година за која се однесуваат.

(8) Првиот годишен извештај од ставот (2) на овој член го доставуваат производителите доколку немаат склучено договор со правно лице за постапување со отпад од пакување.

Член 29
**Одземање на дозволите**

Стручниот орган ќе започне постапка за одземање на дозволата и ќе ги избрише од евиденцијата од членот 25 на овој закон правното лице за постапување со отпад од пакување и самостојниот постапувач со отпад од пакување доколку со извештај од спроведен надзор се констатира дека:

- не обезбедуваат постапување со отпадот од пакување во согласност со овој или друг закон,
- не достават годишен извештај согласно со членот 27 од овој закон и
- не ги исполнат националните цели согласно со членот 35 од овој закон последователно во две години или за две години во период од три години.

Член 30
**Обврски на крајните корисници и последниот доставувач**

(1) Производителот, кој истовремено е и краен корисник, за вршење на својата дејност или активности, сам увезува спакувана стока во пакување и за тоа нема претходен посредувач или доставувач во Република Македонија, е должен за отпадот од пакувањето кој тој го создава да обезбеди постапување со истиот на следниов начин:

- да склучи договор со правно лице за постапување со отпад од членот 21 на овој закон кое во негово име и за негова сметка ќе обезбеди повторна употреба, преработка или отстранување на отпадот од пакување или
- самостојно да постапува со отпадот од пакување и да обезбеди негова повторна употреба, преработка или отстранување во согласност со членот 24 од овој закон.

(2) Крајните корисници се должни отпадот што го создаваат да го селектираат и да го оставаат на места определени за таа намена, или да го предадат на правни или физички лица кои поседуваат дозволи за постапување со отпад, согласно со прописите за управување со отпад.

(3) Трговецот, кој истовремено е и последен доставувач, е должен за спакуваната стока што ја продава да обезбеди:

- писмена изјава од правното лице од кое ја купува стоката дека има склучено договор со правно лице кое постапува со отпад од пакување од членот 21 на овој закон или дека тоа правно лице е самостоен постапувач со отпад од пакување од членот 24 на овој закон,
- на пакувањето да има ознака во согласност со членот 21 став (2) алинеја 8 од овој закон или
- пакувањето да произлегува во согласност со членовите 31, 32 и 33 став (1) од овој закон.

Член 31
**Пакување со долг живот**

(1) Производителот не е должен да обезбеди постапување со отпадот од пакување доколку пушта на пазар или увезува пакување кое има долг животен век.

(2) Пакувањето има долг животен век доколку при манипулација со истото лесно не може да се оштетува и да ја менува употребната вредност заради која е произведено.

(3) Министерот за животна средина и просторно планирање ги пропишува условите од ставот (2) на овој член, како и видовите на пакување кои служат како показатели дека пакувањето е со долг животен век.

Член 32
**Исклучоци од постапувањето**

Малиот производител не е должен да обезбеди постапување со отпадот од пакување согласно со овој закон, доколку количината на материјалот на пакувањето од производите кое ги пуштил на пазар или ги увезува како краен корисник, не ги надминува количините на годишно ниво утврдени во членот 19 став (1) од овој закон.

Член 33
**Пакување со затворачи и етикети**

(1) Производителот не е должен да обезбеди постапување со отпадот од пакување кој настанува од затворачи или етикети доколку пушта на пазар затворачи или етикети кои се пуштени на пазар заедно со пакувањето, ако тежината на затворачите и етикетите заедно не надминува 5% од тежината на пакувањето и не ја надминуваат количината по материјал на пакување од членот 19 став (1) на овој закон.

(2) Доколу затворачите и етикетите заедно ја надминуваат тежината од ставот (1) на овој член, тогаш тие ќе се засметуваат во вкупната тежина на пакувањето согласно со спецификацијата на производот од членот 28 став (3) на овој закон и во вкупната тежина на пакувањето што е пуштено на пазар или се увезува во Република Македонија.

(3) Во случајот од ставот (1) на овој член производителот на пакувањето и производителот немаат обврска поединечно да ги означат затворачите и етикетите од пакувањето доколку тоа не е можно. Во овој случај означувањето, доколку тоа е можно, се става соодветно на друг дел од пакувањето на тој производ.

Член 34
**Кауција**

(1) Заради поттикнување на враќањето и на собирањето на отпадот од пакување правното лице за постапување со отпад од пакување или самостојниот постапувач со отпад од пакување можат да воведат кауција на повратно пакување која се наплатува на местото на продажба на спакуваната стока.

(2) Кауцијата од ставот (1) на овој член не смее да го надмине износот од 30% од продажната цена на спакуваната стока.

(3) Правното лице за постапување со отпад од пакување или самостојниот постапувач со отпад од пакување се должни да го известат стручниот орган за воведувањето на кауцијата најдоцна шест месеца пред нејзиното воведување.

(4) Во известувањето од ставот (3) на овој член задолжително се содржат следниве податоци:

- видот на пакувањето и спакуваната стока за кој се наплатува кауцијата,
- висината на депозитот за кауцијата и нејзиниот однос со цената на спакуваната стока,
- начинот на кој се предвидува да се наплатува кауцијата,
- начинот за известување на јавноста за воведената кауција и
- други податоци кои се значајни за спроведувањето на кауцијата.

(5) Правното лице за постапување со отпад од пакување и самостојниот постапувач со отпад од пакување се должни при доставувањето на извештаите од членот 27 на овој закон да достават одвоени податоци за собраниот отпад од повратното пакување за кој се наплатува кауција.

(6) Правното лице за постапување со отпад од пакување и самостојниот постапувач со отпад од пакување се должни да обезбедат продавачот кој ја наплатил кауцијата да ја врати истата, доколку се врати повратното пакување согласно со членот 50 од Законот за управување со отпад.

## IV. НАЦИОНАЛНИ ЦЕЛИ ЗА СОБИРАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ ОДНОСНО ПРЕРАБОТКА НА ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Член 35
**Национални цели за постапување со отпад од пакување**

(1) На територијата на Република Македонија следните количества на пакување и отпад од пакувања треба да се соберат и преработат во следниов временски рок:

а) до крајот на 2020 година минимум 60% од тежината на отпадот од пакување што е создаден на територијата на Република Македонија треба да се преработи со операции на обновување или со операции на енергетска преработка;

б) до крајот на 2020 година минимум 55%, а максимум 80% од тежината на отпадот од пакувања што е создаден на територијата на Република Македонија треба да се рециклира;

в) до крајот на 2020 година следниве количества на материјали од кои се произведува пакувањето треба да се рециклираат:

- 60% стакло,
- 60% хартија и картон,
- 50% метали и
- 15% дрво и

г) до крајот на 2018 година 22,5% пластика, имајќи ги предвид само материјалите кои се рециклираат во пластиката.

(2) Извезените количества на отпад од пакување ќе се засметуваат во остварување на обврските и исполнување на целите утврдени во ставот (1) на овој член само доколку постои доказ дека истите биле преработени на начин кој не е штетен за животната средина и е еквивалентен на начинот утврден во прописите за заштита на животната средина и управувањето со отпадот на Република Македонија.

(3) Владата на Република Македонија на предлог на министерот за животна средина и просторно планирање утврдува годишни национални цели заради постепено постигнување на целите од ставот (1) на овој член, претходно усогласени со Комисијата за управување со отпад од пакување од членот 38 на овој закон.

(4) Целите од ставот (1) на овој член Владата на Република Македонија на предлог на министерот за животна средина и просторно планирање може да ги ревидира по потреба, а најмалку еднаш на три години, во согласност со програмата од членот 36 на овој закон.

Член 36
**Програма за управување со отпад од пакување**

(1) За постигнување на националните цели утврдени во членот 35 од овој закон на предлог на стручниот орган, министерот за животна средина и просторно планирање донесува програма за управување со отпад од пакување (во натамошниот текст: програма).

(2) Програмата се донесува за период од најмалку пет години и особено содржи:

- опис и оцена на постојната состојба во управувањето со отпад од пакување,
- опис на субјектите кои постапуваат со отпадот од пакување,
- количина и вид на отпад од пакување што се создава во Република Македонија, како и идни предвидувања и тренд на развој во наредниот петгодишен период,

- мерки за превенција на создавањето на отпад од пакување и мерки за поттикнување на собирањето, селектирањето, повторната употреба, рециклирањето и други форми на обновување, преработка и отстранување на отпад од пакување,

- мерки за подобрување на состојбата на пазарот за обновување, преработка и рециклирање на отпадот од пакување,

- економски мерки,

- мерки за едукација и спроведување на кампања за подигање на јавната свест за постапување со отпад од пакување,

- преглед на законската регулатива за управување со отпадот и отпадот од пакување и мерки за нејзино подобрување,

- насоки за идниот развој на управувањето со отпадот од пакување,

- цели на количества на пакување и отпад од пакувања кои треба да се соберат и преработат во наредниот период и

- други прашања кои се од значење за управувањето со отпадот од пакување.

(3) Програмата се изработува со учество на субјектите кои управуваат со отпадот од пакување, Комисијата од членот 38 на овој закон и органите на државната и локалната власт, невладините организации и други јавни и научни установи и институции.

(4) Врз основа на програмата соодветно ќе се променат националните цели утврдени во членот 35 од овој закон.

Член 37
**Доброволно договарање**

(1) Економските оператори можат да пристапат кон склучување на доброволен договор со Владата на Република Македонија преку кој ќе ги регулираат меѓусебните обврски и права заради постигнување на исти или поголеми цели од оние утврдени во членот 35 од овој закон и постигнување на целите од членот 2 на овој закон.

(2) Договорот од ставот (1) на овој член задолжително ги уредува следниве прашања:

- рок на важност,

- цели и рок за нивно постигнување,

- начин на следење на реализацијата на целите и роковите утврдени во договорот;

- обврски и права на економските оператори и на надлежните органи за државната власт и

- услови и начин на раскинување на обврските и начинот на надоместување на загубите.

(3) Договорот од ставот (1) на овој член се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

(4) Договорот од ставот (1) на овој член, како и начинот и резултатите од неговото спроведување се достапни на јавноста.

Член 38
**Комисија за управување со отпад од пакување**

(1) Заради следење на состојбата со управувањето со отпадот од пакување во Република Македонија, Владата на Република Македонија формира Комисија за управување со отпад од пакување (во натамошниот текст: Комисијата).

(2) Комисијата се состои од претседател и најмногу 15 члена со мандат од три години и е составена од:

- еден претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање,

- еден претставник од Управата за животна средина,

- еден претставник од Министерството за финансии,

- еден претставник од Министерството за економија,

- еден претставник од стопанско здружение во Република Македонија,

- еден претставник од Заедницата на единиците на локалната самоуправа,

- по еден претставник од секое правно лице кое постапува со отпад од пакување,

- двајца претставници од самостоен постапувач со отпад од пакување,

- еден претставник од Здружението на потрошувачи на Македонија,

- двајца претставници на правни и физички лица кои имаат дозвола за постапување со отпад и

- еден претставник од невладина организација која дејствува во областа на управувањето со отпадот.

(3) Комисијата разгледува и дава мислења кои се однесуваат на:

- националните цели од членот 35 на овој закон,

- програмата од членот 36 на овој закон,

- состојбата во управувањето со отпадот од пакување,

- спроведувањето на овој закон,

- предлагање мерки за спречување и намалување на количината на отпад од пакување што се создава во Република Македонија,

- предлагање мерки за поттикнување на собирањето, повторната употреба, преработката и отстранувањето на отпадот од пакување,

- предлага мерки за организирање и поддршка на системи и начини на управување со отпадот од пакување и

- други прашања што се во врска со управувањето со отпадот од пакување.

(4) Со Комисијата претседава министерот за животна средина и просторно планирање.

(5) Административно-техничките работи за потребите на Комисијата ги врши стручниот орган.

(6) За својата работа Комисијата донесува деловник.

Член 39
**База на податоци и информативен систем**

(1) Стручниот орган е должен да воспостави и води база на податоци за пакувањето и отпадот од пакување што се пушта на пазар во Република Македонија.

(2) Базата се води врз основа на податоците од извештаите доставени во согласност со членовите 27 и 28 од овој закон и особено ги содржи следниве податоци:

1) за количината и видот на отпад од пакување што се пушта на пазар во Република Македонија;

2) за примарното, секундарното и терцијалното пакување:

- количината и видот на пакување што е повторно употребено;

3) за отпадот од пакување кој претставува комунален отпад и отпад од пакување кој не претставува комунален отпад:

- количината и видот на отпад од пакување кој е преработен и отстранет и

- количината и видот на отпад од пакување кој е вклучен во делот на преработен од точката 2 алинеја 1 на овој став, а кој е рециклиран или на друг начин преработен;

4) податоци за својствата на отпадот од пакување (опасност и штетност на материјали од кои е произведено пакувањето) и

5) информации за производителите и други субјекти кои имаат обврски за известување согласно со овој закон.

(3) Врз основа на податоците од ставот (2) на овој член стручниот орган најдоцна до 30 мај во тековната година објавува извештај за количините и видот на пакување и отпад од пакување што се пушта на пазар во Република Македонија, како и за управувањето со отпад од пакување.

(4) Заедно со извештајот од ставот (3) на овој член стручниот орган објавува податоци за реализација на програмата од членот 36 на овој закон, како и податоци за постојните системи за управувањето со отпад од пакување.

(5) Податоците собрани врз основа на овој член се обработуваат и валидизираат од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање - Македонски информативен центар за животна средина во Информативен систем за пакување и отпад од пакување, кој е составен дел на Информативниот систем за животна средина.

(6) Министерот за животна средина и просторно планирање го пропишува начинот на водење, формата и поблиската содржина на базата на податоци и информативниот систем за пакување и отпад од пакување.

Член 40
**Економски инструменти**

(1) Производителот кој пушта на пазарот на Република Македонија спакувани стоки од кои при користење се создава отпад од пакување, како и производителот кој како краен корисник увезува во Република Македонија спакувани стоки од кои при користење се создава отпад од пакување, е должен да плати надоместок за управување со отпад од пакување (во натамошниот текст: надоместок).

(2) Надоместокот од ставот (1) на овој член изнесува:

| | Вид на материјал | Подвид на материјал | износ |
|---|---|---|---|
| 1. | Стакло | | 4.500 ден/тон |
| 2. | Пластика | | 20.000 ден/тон |
| 3. | Хартија и картон | | 6.200 ден/тон |
| 4. | Повеќеслојно пакување составено од претежно хартиени или картонски компоненти | За пијалак и други напивки | 22.000 ден/тон |
| | | За други намени | 30.000 ден/тон |
| 5. | Метал | Лименки | 8.500 ден/тон |
| | | Други метални садови | 6.200 ден/тон |
| 6. | Дрво | | 4.000 ден/тон. |

(3) Надоместокот се пресметува врз основа на нето - тежина на пакувањето пресметани согласно со производствената спецификација од членот 28 став (3) на овој закон и евиденцијата од месечната евиденција од членот 28 став (4) на овој закон.

(4) Обврската за пресметување на надоместокот за производителот настанува во моментот кога за прв пат пушта во Република Македонија спакувани стоки од кои при користење се создава отпад од пакување.

(5) Обврската за пресметување на надоместокот за производителот кој како краен корисник увезува во Република Македонија спакувани стоки од кои при користење се создава отпад од пакување настанува во моментот кога го започнал користењето на стоката.

(6) Производителот и производителот кој како краен корисник увезува спакувана стока е должен надоместокот од ставот (2) на овој член или цената за услугата од членот 20 став (5) на овој закон да ги вкалкулира во цената на крајниот производ кој го пушта на пазар.

(7) Производителот и производителот кој како краен корисник увезува спакувана стока е должен да го плати надоместокот од ставот (2) на овој член на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на секој 15 ден во тековниот месец за сите пресметани надоместоци од претходниот месец.

(8) Надоместокот не се плаќа доколку спакуваните стоки се извезуваат.

(9) Во случајот од ставот (8) на овој член производителот и производителот кој како краен корисник увезува спакувана стока се должни да обезбедат извозна царинска декларација како доказ дека спакуваната стока, за која не е пресметан надоместокот од ставот (2) на овој член е извезена од Република Македонија.

(10) Во случај на извоз на пакување и спакувани стоки на кои се наплатува надоместок определен со овој член, за кои претходно е уплатен надоместокот од ставот (2) на овој член, производителот и производителот кој како краен корисник увезува спакувана стока имаат право на враќање на уплатениот надоместок за извезената количина врз основа на решение издадено од стручниот орган.

(11) Против решението од ставот (10) на овој член незадоволната страна има право да изјави жалба до министерот за животна средина и просторно планирање.

(12) Средствата од надоместокот од ставот (2) на овој член се приход на Буџетот на Република Македонија и се уплатуваат на соодветна посебна уплатна сметка, во рамките на трезорската сметка.

(13) Владата на Република Македонија на предлог на министерот за животна средина и просторно планирање во согласност со министерот за финансии ги пропишува начинот, постапката и потребната документација за враќање на надоместокот во случаите од ставот (10) на овој член.

Член 41
**Ослободување од плаќање на надоместокот**

(1) Од плаќање на надоместокот од членот 40 став (2) на овој закон се ослободени:

1) производителот и производителот кој како краен корисник увезува спакувана стока доколку имаат склучено договор за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со правно лице за постапување со отпад од пакување кое има обезбедено дозвола согласно со членот 21 од овој закон;

2) производителот и производителот кој како краен корисник увезува спакувана стока имаат обезбедено потврда дека производителот е регистриран во евиденцијата на самостоен постапувач со отпад од членот 24 став (3) на овој закон и

3) субјектите кои се определени со членовите 31 и 32 од овој закон.

(2) Производителот и производителот кој како краен корисник увезува спакувана стока од ставот (1) точка 1 на овој член се ослободени од плаќање на надоместокот од членот 40 став (2) на овој закон доколку ја поседуваат потврдата од членот 21 став (9) на овој закон.

(3) Образецот, формата и содржината на потврдата од ставот (2) на овој член ја пропишува министерот за животна средина и просторно планирање.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член надоместокот од членот 40 на овој закон се плаќа во двоен износ доколку:

1) правното лице за постапување со отпад од пакување или самостојниот постапувач со отпад не поднесе извештај согласно со членот 27 од овој закон;

2) стручниот орган не го одобри извештајот согласно со членот 27 став (6) од овој закон, заради неисполнување на националните цели утврдени во членот 35 од овој закон. Во овој случај надоместокот се плаќа само за разликата меѓу националните цели утврдени согласно со членот 35 од овој закон и постигнатите цели согласно со годишниот извештај и/или наодот на стручниот орган и

3) производителот доставил неточен годишен извештај согласно со членот 28 од овој закон во однос на видот и количината на пакувањата што ги пуштиле на пазар во Република Македонија или ги увезол како краен корисник.

(5) Во случаите од ставот (4) на овој член стручниот орган донесува решение.

(6) Против решението од став (5) на овој член незадоволната страна има право да изјави жалба до министерот за животна средина и просторно планирање.

(7) Во случаите од ставот (4) на овој член двојниот надоместок се пресметува според висината на надоместокот, утврден во членот 40 од овој закон, сразмерно на уделот на видот и количината на материјалот на пакувањето што е пуштен на пазар.

Член 42

**Користење на надоместокот и програма за финансирање**

(1) Средствата собрани од надоместокот од членот 40 став (1) на овој закон се користат за поттикнување на активности за собирање, транспорт, повторна употреба, преработка и отстранување на отпад од пакување и за делумно покривање на трошоците за собирање, обновување и преработка на отпадот од продажното, групното и транспортното пакување.

(2) Финансирањето и реализацијата на активностите од ставот (1) на овој член се врши врз основа на годишна програма за финансирање што стручниот орган ја подготвува врз основа на програмата од членот 36 на овој закон.

(3) Годишната програма за финансирање ја донесува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за животна средина и просторно планирање.

(4) Доделувањето на средствата од програмата од ставот (3) на овој член се врши по пат на јавен конкурс којшто го објавува и спроведува стручниот орган.

(5) По исклучок од ставот (2) на овој член средствата од програмата од ставот (3) на овој член може да се доделат и со одлука на Владата на Република Македонија на предлог на министерот за животна средина и просторно планирање, доколку:

- средствата се наменуваат за изградба на инфраструктурни објекти за собирање, преработка и отстранување на отпад од поширок јавен интерес,

- намената на средствата е утврдена во програмата од членот 36 на овој закон,

- средствата се наменуваат за исполнување на обврски кои се утврдени во доброволните договори од членот 37 на овој закон и

- средставата се наменуваат за делумно покривање на трошоци на правните лица кои вршат преработка на отпадот од пакување пресметани по единечна цена на еден тон преработен отпад од пакување.

Член 43

**Јавен конкурс**

(1) Средствата кои се доделуваат по пат на јавен конкурс од членот 42 став (4) на овој закон се наменуваат за финансирање и реализација на:

- проекти за набавка на опрема за собирање и преработка на отпад и отпад од пакување,

- проекти за исполнување на обврски кои произлегуваат за економските оператори согласно со овој закон,

- проекти за воведување на нови технологии за производство на пакување кое е поподобно за повторна употреба, преработка и рециклирање,

- проекти за едукација и подигнување на јавната свест на граѓаните и економските оператори за постапување со отпадот од пакување,

- други проекти кои директно придонесуваат кон реализацијата на националните цели од членот 35 на овој закон,

- програми и други проекти за спречување и превенција согласно со членот 7 од овој закон и

- проекти за подобрување на состојбата на пазарот за преработка и рециклирање на отпадот од пакување.

(2) Јавниот конкурс од членот 42 став (4) на овој закон се спроведува од комисија формирана од министерот за животна средина и просторно планирање.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од пет члена од кои:

- еден претставник од стручниот орган,

- еден претставник од правно лице кое постапува со отпад од пакување кој е член на Комисијата од членот 38 на овој закон,

- еден претставник од Заедницата на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија,

- еден претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање и

- еден претставник од правните лица кои вршат преработка на отпадот од пакување.

(4) Јавниот конкурс од членот 42 став (4) на овој закон се објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и во најмалку два дневни весници кои излегуваат на целата територија на Република Македонија, во траење од 30 дена.

(5) Комисијата од ставот (2) на овој член утврдува предлог за распоредување на средствата во рок од 30 дена од денот на истекувањето на рокот од ставот (4) на овој член и го доставува до министерот за животна средина и просторно планирање.

(6) Резултатите од конкурсот се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија“.

## V. НАДЗОР

Член 44

(1) Надзорот над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го врши Министерството за животна средина и просторно планирање.

(2) Инспекцискиот надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го врши Државниот инспекторат за животна средина.

(3) Надзорот над извештаите поднесени согласно со членовите 27 и 28 од овој закон го врши стручниот орган.

(4) За работите од надлежност на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, утврдени со овој закон, инспекцискиот надзор над примената и спроведувањето на овој закон го вршат овластените инспектори за животна средина на општините, овластените инспектори за животна средина на општините во градот Скопје и овластените инспектори за животна средина на градот Скопје.

(5) Инспекцискиот надзор над примената и спроведувањето на овој закон во делот на прометот со пакувањата, означувањето на пакувањата и информирањето на потрошувачите го врши Државниот пазарен инспекторат.

(6) Инспекцискиот надзор над примената на овој закон во делот на незаконското постапување со отпад од пакување кој не е комунален отпад и негово оставање или предавање како комунален отпад го вршат комуналните инспектори на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Член 45

Државните инспектори за животна средина, овластените инспектори за животна средина на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, државните пазарни инспектори и комуналните инспектори на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје при преземањето на активностите за вршење на инспекцискиот надзор над примената на овој закон, можат да побараат соработка од претставници на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи заради обезбедување на непречено вршење на инспекцискиот надзор.

Член 46

**Делокруг на надзор на државниот инспектор за животна средина**

(1) Во вршењето на надзорот од својот делокруг државниот инспектор за животна средина, има право:

1) да врши увид и контрола и да утврди дали за реализација на мерките од членот 7 на овој закон е изготвена програма за спречување и превенција на создавање на отпад од пакување (член 7 став (2));

2) да врши увид и контрола и да утврди дали се произведуваат пакувања кои не се во согласност со стандардите утврдени во членот 9 од овој закон (член 9 став (1));

3) да врши увид и контрола и да утврди дали е доставен извештај до стручниот орган во случаите на надминување на нивото на концентрација на тешките метали од членот 11 став (1) на овој закон, во некои од дванаесетте последователни месечни контроли на стандардно и редовно производство (член 11 став (5));

4) да врши увид и контрола и да утврди дали резултатите од мерењата извршени во производствените процеси, како и користените мерни методи се чуваат најмалку четири години и дали се достапни во секое време на надлежни инспекциски органи на нивно барање (член 11 став (7));

5) да врши увид и контрола и да утврди дали производителот постапува согласно со членот 15 од овој закон;

6) да врши увид и контрола и да утврди дали се прима назад бесплатно отпадот од пакување непосредно по доставувањето на стоката или при наредното доставување во согласност со членот 18 од овој закон, ако крајниот корисник сака да го врати;

7) да изврши увид и контрола и да утврди дали се исполнети условите за ослободување (член 19);

8) да врши увид и контрола и да утврди дали правното лице за постапување со отпад од пакување поседува дозвола за основање на систем за собирање и повратен прием на отпад од пакување (член 21 став (2));

9) да врши увид и контрола и да утврди дали го известил стручниот орган во определениот рок во случај на промена на податоците доставени со дозволата од членот 21 став (2) на овој закон (член 21 став (4));

10) да врши увид и контрола и да утврди дали до стручниот орган се доставени податоците за производителите, пакувачите, трговците и крајните корисници, со кои имаат договор, се основачи или со договор се здружени во правното лице за постапување со отпад од пакување (член 21 став (5));

11) да врши увид и контрола и да утврди дали правното лице за постапување со отпад од пакување при воспоставувањето на системот и подготвувањето на програмата од членот 22 став (1) на овој закон обезбедил докази дека ги зел предвид задолжителните податоци (член 22 став (2));

12) да врши увид и контрола и да утврди дали собирањето, преработката и отстранувањето на отпадот од пакување, правното лице за постапување со отпад од пакување му го доверил на правно или физичко лице кои поседуваат соодветни дозволи (член 22 став (5));

13) да врши увид и контрола и да утврди дали собирните места и центри се уредени на таков начин којшто ќе овозможи крајните корисници да го остават отпадот од пакување и во случај кога преземањето на отпадот од пакување не е обезбедено непосредно кај крајните корисници или кај последните доставувачи (член 23 став (1));

14) да врши увид и контрола и да утврди дали се информира јавноста и крајните корисници согласно со членот 23 ставови (2) и (3) од овој закон;

15) да врши увид и контрола и да утврди дали се поседува дозвола за самостојно постапување со отпад од пакување и дали е регистриран согласно со членот 24 од овој закон (член 24 став (1));

16) да врши увид и контрола и да утврди дали самостојниот постапувач со отпад од пакување соодветно ги исполнил обврските од членот 23 на овој закон и дали доставил извештаи во согласност со членот 27 од овој закон (член 24 став (5));

17) да врши увид и контрола и да утврди дали е доставен извештај за постапување со отпад од пакување за претходната година до стручниот орган во определениот рок согласно со членот 27 став (2) од овој закон;

18) да врши увид и контрола и да утврди дали се води евиденција за видот и количината на пакување кое го пуштил на пазар во текот на една година и за постапувањето со отпадот од пакување во пишана и во електронска форма согласно со членот 28 став (1) од овој закон;

19) да врши увид и контрола и да утврди дали до стручниот орган во определениот рок е доставен извештај во пишана и електронска форма за видот и количината на пакување кое го пуштил на пазар и за постапувањето со отпадот од пакување во претходната година (член 28 став (2));

20) да врши увид и контрола и да утврди дали производителот за секој производ кој има различно пакување изготвил производствена спецификација (член 28 став (3));

21) да врши увид и контрола и да утврди дали производителот врз основа на производствената спецификација од членот 28 став (3) на овој закон води месечна и годишна евиденција за вкупното пакување кое ги пуштил на пазар или го увезол како краен корисник (член 28 став (4));

22) да врши увид и контрола и да утврди дали крајниот корисник и последниот доставувач постапуваат согласно со членот 30 од овој закон;

23) да врши увид и контрола и да утврди дали се исполнети условите за исклучоци во постапувањето согласно со членот 32 од овој закон;

24) да врши увид и контрола и да утврди дали се исполнети условите од членот 33 на овој закон;

25) да врши увид и контрола и да утврди дали се известува стручниот орган во определениот рок за воведувањето на кауцијата (член 34 став (3));

26) да врши увид и контрола и да утврди дали документите и податоците со кои се тврди дека се исполнети националните цели од членот 35 на овој закон се веродостојни;

27) да врши увид и контрола и да утврди дали се исполнуваат обврските што произлегуваат од доброволните договори (член 37) и

28) да врши увид и контрола и да утврди дали производителот и пакувачот кои пуштаат на пазарот на Република Македонија пакувања и пакување на спакувани стоки од кои при користење се создава отпад од пакување постапуваат согласно со членот 40 од овој закон.

(2) На барање на државниот инспектор за животна средина, овластено лице на органот надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи е должно да учествува во извршувањето на работите од ставот (1) на овој член.

(3) На барање на стручниот орган во вршењето на инспекцискиот надзор може да учествува и државен службеник вработен во стручниот орган.

(4) Државниот инспектор за животна средина е должен да изврши инспекциски надзор кога тоа го побарал стручниот орган.

Член 47
**Донесување на решенија на државниот инспектор за животна средина**

(1) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за животна средина со решение:

1) ќе ги задолжи да изготват програма за спречување и превенција на создавање на отпад од пакување согласно со членот 7 од овој закон (членот 7 став (2));

2) ќе ги задолжи да произведуваат пакувања кои се во согласност со стандардите утврдени во членот 9 од овој закон (член 9 став (1));

3) ќе ги задолжи да достават извештај до стручниот орган во случаите на надминување на нивото на концентрација на тешките метали од членот 11 став (1) на овој закон, во некои од дванаесетте последователни месечни контроли на стандардно и редовно производство (член 11 став (5));

4) ќе ги задолжи резултатите од мерењата извршени во производствените процеси, како и користените мерни методи да ги чуваат најмалку четири години и да се достапни во секое време на надлежни инспекциски органи на нивно барање (член 11 став (7));

5) ќе ги задолжи да спроведат месечни контроли за утврдувањето на концентрацијата на тешки метали на пакувањето и редовно да доставуваат извештаи (член 11);

6) ќе го задолжи производителот да постапува согласно со членот 15 од овој закон;

7) ќе ја ограничи и/или забрани работата на производителот, производителот на пакувањето и трговецот доколку собирањето и преработката на отпадот од пакување кое го пуштиле на пазарот во Република Македонија не е во согласност со членот 17 ставови (1) и (2) од овој закон, како и ќе ги задолжи да преземаат соодветни мерки (член 17 ставови (1) и (2));

8) ќе ги задолжи да го примат назад бесплатно отпадот од пакување непосредно по доставувањето на стоката или при наредното доставување во согласност со членот 18 од овој закон, ако крајниот корисник сака да го врати;

9) ќе ја ограничи и/или забрани работата на производителот на пакувањето, производителот и трговецот доколку не ги спроведуваат обврските од членот 18 ставови (1), (2) и (3) на овој закон (член 18 став (4));

10) ќе ја ограничи и/или забрани работата на производителот, пакувачот и трговецот доколку не се вклучени во систем за собирање и повратен прием на отпад од пакување (член 20) или не поседуваат дозвола за самостојно постапување со отпад од пакување и потврда дека е регистрирано (член 24) од најмалку 30 дена, во кој рок треба да го сторат тоа;

11) ќе ја ограничи или забрани работата на правното лице доколку не поседува дозвола за постапување со отпад од пакување и ќе го задолжи во рок од 30 дена до стручниот орган да поднесе барање за добивање на дозвола за постапување со отпад од пакување (член 21 став (1));

12) ќе ја ограничи или забрани работата на правното лице за постапување со отпад од пакување доколку не го известил стручниот орган во определениот рок во случај на промена на податоците доставени со дозволата од членот 21 став (2) на овој закон (член 21 став (4));

13) ќе ги задолжи до стручниот орган да доставуваат податоци за производителите со кои имаат склучено договор за преземање на обврски за постапување со отпад (член 21 став (5));

14) ќе ја ограничи или забрани работата на правното лице за постапување со отпад од пакување доколку при воспоставувањето на системот за постапување со отпад од пакување и подготвувањето на програмата од членот 22 став (1) на овој закон не обезбедил докази дека ги зел предвид задолжителните податоци во траење од најмногу 30 дена, во кој рок треба да ги отстранат причините за настанатата состојба (член 22 став (2));

15) ќе ја ограничи или забрани работата на правното лице за постапување со отпад од пакување доколку собирањето, преработката и отстранувањето на отпадот од пакување му ги доверил на правно или физичко лице кои не поседуваат соодветни дозволи (член 22 став (5)) во траење од најмногу 30 дена, во кој рок треба да ги отстранат причините за настанатата состојба;

16) ќе ги задолжи собирните места и центри, во рок од најмногу 90 дена, да се уредат на таков начин којшто ќе овозможи крајните корисници да го остават отпадот од пакување кој не е комунален отпад и во случај кога преземањето на отпадот од пакување не е обезбедено непосредно кај крајните корисници или кај последните доставувачи (член 23 став (1));

17) ќе ги задолжи да ја информираат јавноста и крајните корисници согласно со членот 23 ставови (2) и (3) од овој закон;

18) ќе ја ограничи или забрани работата на самостојниот постапувач со отпад од пакувања доколку не поседува дозвола за самостојно постапување со отпад од пакување и не е регистриран согласно со членот 24 од овој закон и ќе ги задолжи во рок од 30 дена до стручниот орган да поднесат барање за добивање на дозвола за самостојно постапување со отпад од пакување и барање за регистрација кај стручниот орган (член 24 став (1));

19) ќе го задолжи самостојниот постапувач со отпад од пакување соодветно да ги исполнува обврските од членот 23 на овој закон и да достави извештаи во согласност со членот 27 од овој закон (член 24 став (5));

20) ќе ја ограничи и/или забрани работата на правното лице за постапување со отпад од пакување или на самостојниот постапувач со отпад од пакување доколку не доставува извештај согласно со членовите 27 и 28 од овој закон, од најмалку 30 дена во кој рок треба да го достават извештајот;

21) ќе ги задолжи да доставуваат извештај за постапување со отпад од пакување за претходната година до стручниот орган во рок од најмногу 30 дена согласно со членот 27 став (2) од овој закон;

22) ќе ги задолжи да водат евиденција за видот и количината на пакувањето кое го пуштил на пазар и за постапувањето со отпадот од пакување во текот на една година во пишана и во електронска форма согласно со членот 28 став (1) од овој закон;

23) ќе ги задолжи да достават годишен извештај во пишана и електронска форма за видот и количината на пакување кое го пуштил на пазар и за постапувањето со отпадот од пакување во претходната година во определениот рок до стручниот орган (член 28 став (2));

24) ќе ги задолжи за секој производ кој има различно пакување да изготват производствена спецификација (член 28 став (3));

25) ќе ги задолжи врз основа на производствената спецификација од членот 28 став (3) на овој закон да водат месечна и годишна евиденција за вкупното пакување кое го пуштил на пазар или го увезол како краен корисник (член 28 став (4));

26) ќе ги задолжи крајните корисници да постапуваат согласно со членот 30 од овој закон;

27) ќе ги задолжи да го известуваат стручниот орган во определениот рок за воведувањето на кауција (член 34 став (3));

28) ќе ги задолжи да обезбедуваат повторна употреба, преработка или отстранување на отпадот од пакување кој се собира или презема во текот на една календарска година најдоцна до крајот на наредната година со цел да се постигнат националните цели утврдени во членот 35 од овој закон;

29) ќе ги задолжи да ги исполнуваат обврските што произлегуваат од доброволните договори (член 37) и

30) ќе ја ограничи или забрани работата на производителот кој пушта на пазарот на Република Македонија пакувања и спакувани стоки од кои при користење се создава отпад од пакување доколку не постапуваат согласно со членот 40 од овој закон во траење од најмногу 30 дена, во кој рок треба да ги отстранат причините за настанатата состојба.

(2) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор државните инспектори за животна средина утврди дека субјектите коишто управуваат со пакување и отпад од пакувања не се придржуваат кон законите и другите прописи, техничките прописи, стандарди, препораки и други општи акти, со записник ќе ги констатира утврдените неисправности и неправилности и во решението ќе го определи рокот во кој треба да се отстранат.

(3) Доколку субјектите од ставот (1) на овој член не постапат согласно со решението на државните инспектори за животна средина и не ги отстранат причините за настанатата состојба утврдени со решението, државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган.

(4) За вршењето на работите од ставот (1) на овој член државниот инспектор за животна средина има право на преземање и на други мерки утврдени со Законот за животната средина и Законот за управување со отпад.

Член 48

**Делокруг на надзор на овластените инспектори за животна средина на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје и на комуналните инспектори на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје**

Во вршењето на надзорот од својот делокруг овластените инспектори за животна средина на општините, на општините во градот Скопје и градот Скопје и комуналните инспектори на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, имаат право:

1) да вршат увид и да утврдат дали отпадот од пакување кој не е комунален отпад се остава или предава како комунален отпад на места означени за собирање и селектирање на комунален отпад (член 16 став (1));

2) да врши увид и контрола и да утврди дали крајниот корисник постапува со отпадот од пакување согласно со одредбите за постапување со отпад (член 16 ставови (2), (3) и (4));

3) да врши увид и контрола и да утврди дали за спроведување на обврските од членот 18 ставови (1), (2) и (3) на овој закон производителот, производителот на пакување и трговецот имаат обезбедено простор и опрема за селективно собирање на отпадот од пакување доколку имаат продажен простор поголем од 200 м2 (член 18 став (4)) и

4) да врши увид и контрола и да утврди дали правното лице за постапување со отпад од пакување постапува согласно со договорот (член 26).

Член 49

**Донесување на решенија на овластените инспектори за животна средина на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје и на комуналните инспектори на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје**

(1) ри вршење на инспекцискиот надзор овластените инспектори за животна средина на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје и комуналните инспектори на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје со решение:

1) ќе ги задолжат правните или физичките лица со отпадот од пакување да се постапува согласно со членот 16 став (1) од овој закон;

2) ќе го задолжат крајниот корисник да постапуваат со отпадот од пакување согласно со одредбите за постапување со отпад (член 16 ставови (2), (3) и (4));

3) ќе ги задолжат правните или физичките лица комуналниот отпад да го оставаат на места наменети за тоа и да ги отстранат последиците од сторениот прекршок;

4) ќе ја ограничат и/или забранат работата на производителот, производителот на пакување и трговецот доколку за спроведување на обврските од членот 18 ставови (1), (2) и (3) на овој закон немаат обезбедено простор и опрема за селективно собирање на отпадот од пакување доколку имаат продажен простор поголем од 200 м2 во траење од најмногу 15 дена, во кој рок треба да ги отстранат причините за настанатата состојба (член 18 став (4)) и

5) ќе го задолжат правното лице за постапување со отпад од пакување да преземе мерки за исполнување на обврските од договорот и ќе определат рок во траење од најмногу 90 дена, во кој рок треба да ги острани недостатоците (член 26).

(2) За вршењето на работите од ставот (1) на овој член овластените инспектори за животна средина на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје и комуналните инспектори на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје имаат право на преземање и на други мерки утврдени со Законот за животната средина и Законот за управување со отпад.

Член 50
**Делокруг на надзор на државниот пазарен инспектор**

(1) Во вршењето на надзорот од својот делокруг државниот пазарен инспектор има право:

1) да врши увид и контрола и да утврди дали кон пратката на пакувањето или материјалите за производство на пакување кои ги пушта на пазар производителот или производителот на пакувања поседува податоци дека се исполнети барањата од членот 11 став (1) на овој закон (член 11 став (2));

2) да врши увид и да утврди дали пакувањето е означено во согласност со членот 14 од овој закон и прописот донесен врз основа на овој член (член 14) и

3) да утврди дали кауцијата се спроведува согласно со членот 34 од овој закон.

(2) Во вршењето на работите од ставот (1) на овој член државниот пазарен инспекторат имаат право на преземање и на други мерки утврдени со Законот за животната средина и Законот за управување со отпад.

Член 51
**Донесување на решенија на државниот пазарен инспектор**

(1) При вршење на инспекцискиот надзор државниот пазарен инспектор со решение:

1) ќе ја ограничи или забрани работата на призводителот или произведителот на пакување доколку не поседува податоци дека се исполнети барањата од членот 11 став (1) на овој закон за пратката на пакувањето или материјалите за производство на пакување кои ги пушта на пазар (член 11 став (2));

2) ќе ги задолжи пакувањето да биде означено со ознака согласно со членот 14 од овој закон и прописите донесени врз основа на овој член и

3) ќе ја ограничи или забрани работата на правното лице за постапување со отпад од пакување и самостојниот постапувач со отпад од пакување доколку е воведена кауција спротивно на членот 34 став (2) од овој закон во траење од најмногу 30 дена, во кој рок треба да ги отстранат причините за настанатата состојба (член 34 став (2)).

(2) Против решението од ставот (1) на овој член незадоволната страна има право да изјави жалба до министерот за животна средина и просторно планирање.

Член 52
**Примена на одредби од други закони во инспекцискиот надзор**

Државните инспектори за животна средина, овластените инспектори за животна средина на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје и комуналните инспектори на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје инспекцискиот надзор во областа на управување со пакување и отпад од пакување го спроведуваат во согласност со одредбите од овој закон, Законот за управување со отпад и Законот за животната средина.

## VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 53
**Прекршочни санкции за производителите на пакување**

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на производителот на пакувања за прекршок, доколку:

1) за реализација на мерките од членот 7 на овој закон не изготви програма за спречување и превенција на создавање на отпад од пакување (член 7 став (2));

2) произведува и пушта на пазар пакувања кои не се во согласност со стандардите утврдени во членот 9 од овој закон;

3) пушти на пазар пакувања кои ги надминуваат дозволените граници за тешките метали од членот 11 став (1) на овој закон;

4) не поседува податоци дека се исполнети барањата од членот 11 став (1) на овој закон за пратката на пакувањето или материјалите за производство на пакување кои ги пушта на пазар (член 11 став (2));

5) не доставува извештај до стручни орган во случај на надминување на концентрацијата на тешки метали во пакувањето (член 11 став (5));

6) не обезбеди податоци за количината на тешките метали од членот 11 на овој закон за секој вид пакување во кое е спакувана и наполнета стоката (член 15 ставови (3) и (4));

7) со продажното, групното и транспортното пакување не постапува согласно со членот 18 од овој закон и

8) нема озбезбедено одделен простор и опрема за селективно собирање на отпадот од пакување (член 18 став (4)).

(2) Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на производителот на пакувања доколку тој е физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 900 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) На сторителот на прекршокот од овој член, прекршочниот орган може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определена дејност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку три до најмногу 15 дена.

(5) На физичкото лице од ставот (2) и одговорното лице од ставот (3) на овој член, прекршочниот орган може да им изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определена должност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку три до најмногу 15 дена.

Член 54
**Прекршочни санкции за производителите на пакување**

(1) Глоба во износ од 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на производителот на пакувања за прекршок, доколку:

1) не го означува пакувањето во согласност со членот 14 од овој закон и прописот донесен врз основа на овој член (член 14).

(2) Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на производителот на пакувања доколку тој е физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 900 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) На сторителот на прекршокот од овој член, прекршочниот орган може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определена дејност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку три до најмногу 15 дена.

(5) На физичкото лице од ставот (2) и одговорното лице од ставот (3) на овој член, прекршочниот орган може да им изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определена должност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку три до најмногу 15 дена.

Член 55
**Прекршочни санкции за производителите**

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице производител за прекршок, доколку:

1) за реализација на мерките од членот 7 на овој закон не изготви програма за спречување и превенција на создавање на отпад од пакување (член 7 став (2));

2) пушта на пазар пакувања кои не се во согласност со стандардите утврдени во членот 9 од овој закон;

3) пушти на пазар пакувања кои ги надминуваат дозволените граници за тешките метали од членот 11 став (1) на овој закон;

4) не поседува податоци дека се исполнети барањата од членот 11 став (1) на овој закон за пратката на пакувањето или материјалите за производство на пакување кои ги пушта на пазар (член 11 став (2));

5) не доставува извештај до стручен орган во случај на надминување на концентрацијата на тешки метали во пакувањето (член 11 став (5));

6) не обезбедува информирање за продавачот и потрошувачот за битните својства на производот и неговото пакување во поглед на опасните и штетните материи и супстанции кои тие ги содржат и за начинот на постапувањето со искористените производи и со пакувањето кога тоа ќе стане отпад од пакување (член 15 став (1));

7) не поседува податоци за количината на тешките метали од членот 11 на овој закон за секој вид на материјал од кој е произведено пакувањето или материјалите за производство на пакување кои ги пушта на пазар (член 15 став (2));

8) не обезбеди податоци за количината на тешките метали од членот 11 на овој закон за секој вид пакување во кое е спакувана или наполнета стоката (член 15 став (3));

9) со продажното, групното и транспортното пакување не постапува согласно со членот 18 од овој закон;

10) нема озбезбедено одделен простор и опрема за селективно собирање на отпадот од пакување (член 18 став (4));

11) не води евиденција за видот и количината на пакување кое го пуштил на пазар во текот на една година во пишана и во електронска форма (член 28 став (1));

12) во определениот рок не доставува годишен извештај до стручниот орган за видот и количината на пакување кое го пуштил на пазар во претходната година во пишана и електронска форма (член 28 став (2));

13) во определениот рок не го достави првиот извештај согласно со членот 28 став (8) од овој закон;

14) не постапува согласно со членот 30 од овој закон кога се јавува како производител кој истовремено е и краен корисник и

15) не постапува согласно со членот 40 од овој закон доколку пушта на пазарот или увезува во Република Македонија пакувања и пакување на спакувани стоки од кои при користење се создава отпад од пакување.

(2) Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на производителот доколку тој е физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 900 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) На сторителот на прекршокот од овој член, прекршочниот орган може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определена дејност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку три до најмногу 15 дена.

(5) На физичкото лице од ставот (2) и одговорното лице од ставот (3) на овој член, прекршочниот орган може да им изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определна должност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку три до најмногу 15 дена.

Член 56
**Прекршочни санкции за производителите**

(1) Глоба во износ од 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице производител за прекршок, доколку:

1) не го означува пакувањето во согласност со членот 14 од овој закон и прописот донесен врз основа на овој член (член 14);

2) не изготви произвотствена спецификација за секој производ што има различно пакување (член 28 став (3));

3) врз основа на производствената спецификација од членот 28 став (3) на овој закон не води месечна и годишна евиденција за вкупното пакување кое го пуштил на пазар или го увезол како краен корисник (член 28 став (4));

4) води евиденција со невистинити податоци за количините на пакувања кои ги пуштил на пазар со цел да се смета како мал производител (член 19) и

5) не обезбедува постапување со отпад од пакување за затворачи или етикети доколку тежината на затворачи и етикети надминува 5% од тежината на пакувањето и ја надминуваат количината по материјал на пакување од членот 19 став (1) на овој закон (член 33 став (1)).

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на производителот доколку тој е физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) На сторителот на прекршокот од овој член, прекршочниот орган може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определена дејност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку три до најмногу 15 дена.

(5) На физичкото лице од ставот (2) и одговорното лице од ставот (3) на овој член, прекршочниот орган може да им изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определена должност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку три до најмногу 15 дена.

Член 57
**Прекршочни санкции за трговците**

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице трговец за прекршок, доколку:

1) пуштаат во промет пакување кое не е означено во согласност со членот 14 од овој закон и прописот донесен врз основа на овој член (член 14);

2) со продажното, групното и транспортното пакување не постапува согласно со членот 18 од овој закон и

3) нема озбезбедено одделен простор и опрема за селективно собирање на отпадот од пакување (член 18 став (4)).

(2) Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговецот доколку тој е физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) На сторителот на прекршокот од овој член, прекршочниот орган може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определена дејност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку три до најмногу 15 дена.

(5) На физичкото лице од ставот (2) и одговорното лице од ставот (3) на овој член, прекршочниот орган може да им изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определена должност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку три до најмногу 15 дена.

Член 58
**Прекршочни санкции за крајниот корисник и последниот доставувач**

(1) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице кој е крајниот корисник на пакувања за прекршок доколку:

1) отпадот од пакување кој е комерцијален отпад и/или не е комунален отпад го остава или предава како комунален отпад на места означени за собирање и селектирање на комунален отпад (член 16 став (1));

2) не постапува со отпадот од пакување согласно со одредбите од членот 16 ставови (2), (3) и (4) на овој закон и

3) не постапува согласно со членот 30 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 60 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на крајниот корисник на пакување доколку тој е физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) На сторителот на прекршокот од овој член, прекршочниот орган може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определена дејност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку три до најмногу десет дена.

(5) На физичкото лице од ставот (2) и одговорното лице од ставот (3) на овој член, прекршочниот орган може да им изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определена должност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку три до најмногу 15 дена.

Член 59
**Прекршочни санкции за самостојниот постапувач со отпад од пакувања**

(1) Глоба во износ од 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице самостоен постапувач со отпад од пакувања за прекршок, доколку:

1) не го известува стручниот орган во определениот рок за воведувањето на кауцијата (член 34 став (3));

2) не презел мерки продавачот кој ја наплатил кауцијата да ја врати доколку се врати повратното пакување (член 34 став (6));

3) не е регистриран и не поседува дозвола за самостојно постапување со отпад од пакување согласно со овој закон (член 24 став (1));

4) не обезбедува постапување во согласност со членот 24 став (4) на овој закон;

5) не доставува годишен извештај до стручниот орган за отпадот кој сам го создава согласно со членот 27 ставови (3) и (4) од овој закон и

6) воведува кауција која го надминува износот од 30% од продажната цена на спакуваната стока (член 34 став (2)).

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самостојниот постапувач со отпад од пакување доколку тој е физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 1.200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) На сторителот на прекршокот од овој член, прекршочниот орган може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определена дејност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку три до најмногу 15 дена.

(5) На физичкото лице од ставот (2) и одговорното лице од ставот (3) на овој член, прекршочниот орган може да им изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определена должност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку три до најмногу 15 дена.

Член 60
**Прекршочни санкции за правното лице за постапување со отпад од пакување**

(1) Глоба во износ од 9.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице за постапување со отпад од пакување за прекршок, доколку:

1) вршењето на работите од членот 20 став (2) на овој закон не ги довери на трети лица кои се регистрирани за вршење на тие работи и поседуваат соодветни дозволи согласно со овој или друг закон (член 20 став (4));

2) не поседува дозвола за основање на систем за собирање и повратен прием на отпад од пакување (член 21 став (2));

3) не го известува стручниот орган во определениот рок во случај на промена на податоците доставени со дозволата од членот 21 став (2) на овој закон (член 21 став (4));

4) до стручниот орган не ги доставува податоците за производителите, пакувачите, трговците и крајните корисници со кои имаат договор се основачи или со договор се здружени во правното лице за постапување со отпад од пакување (член 21 став (5));

5) собирањето, преработката, отстранувањето на отпадот од пакување го доверил на правно или физичко лице кое не поседува соодветни дозволи (член 22 став (5));

6) при организирањето на системот не постапува согласно со членот 23 од овој закон;

7) со отпадот од пакување кој го собрал во текот на една календарска година не постапува согласно со членот 27 став (1) од овој закон;

8) не го известува стручниот орган во определениот рок за воведувањето на кауцијата (член 34 став (3));

9) не достави во определениот рок или достави некомплетен годишен извештај за постапување со отпад од пакување за претходната година до стручниот орган (член 27 став (2));

10) не води евиденција во согласност со членот 27 од овој закон;

11) не доставило извештај согласно член 28 став (6) од овој закон;

12) воведува кауција која го надминува износот од 30% од продажната цена на спакуваната стока (член 34 став (2)) и

13) не презел мерки продавачот кауцијата што ја наплатил да се врати доколку се врати повратното пакување (член 34 став (6)).

(2) Глоба во износ од 1.200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) На сторителот на прекршокот од овој член, прекршочниот орган може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определена дејност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку три до најмногу 15 дена.

(5) На физичкото лице од ставот (2) и одговорното лице од ставот (3) на овој член, прекршочниот орган може да им изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определна должност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку три до најмногу 15 дена.

Член 61

**Прекршочни санкции за правното лице за постапување со отпад од пакување**

(1) Глоба во износ од 20.000 до 30.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице за постапување со отпад од пакување за прекршок, доколку:

1) доставил извештај од членот 27 на овој закон кој содржи невистинити податоци со цел да се смета дека се исполнети националните цели од членот 35 на овој закон за да го избегне плаќањето на надометокот од членот 40 на овој закон и

2) води евиденција од членот 28 на овој закон со невистинити податоци за количините на пакувања кои ги пуштил на пазар со цел да го избегне плаќањето на надоместокот од членот 40 на овој закон.

(2) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) На сторителот на прекршокот од овој член, прекршочниот орган може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определена дејност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку 30 дена до најмногу една година.

(4) На одговорното лице од ставот (2) на овој член, прекршочниот орган може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење на определена должност од која произлегува сторувањето на прекршокот во траење од најмалку 15 до најмногу 60 дена.

Член 62

**Постапка за порамнување и посредување**

(1) За прекршоците утврдени во členовите 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59 и 60 од овој закон, органите за инспекциски надзор од членот 44 на овој закон се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка.

(2) За прекршоците утврдени во членот 61 од овој закон, органите за инспекциски надзор од членот 44 на овој закон на сторителот на прекршокот ќе му предложат постапка за посредување пред да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка.

(3) Во случаите во кои е постигната согласност за порамнувањето, глобата на сторителот може да биде намалена најмногу за една половина од максимум пропишаната глоба за прекршокот.

(4) Постапките за порамнување и посредување се водат согласно со одредбите од Законот за животната средина.

Член 63

**Водење на прекршочната постапка**

(1) За прекршоците утврдени во членовите 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59 и 60 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за одлучување по прекршоци во областа на животната средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (во натамошниот текст: Прекршочната комисија).

(2) Постапката пред Прекршочната комисија се води согласно со одредбите на Законот за животната средина.

(3) За прекршоците утврдени во членот 61 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 64

**Рокови за спроведување**

(1) Првото известување на производителот од членот 17 на овој закон за видот и количините на пакување кое го пуштил на пазар и што го увезол во текот на една година согласно со членот 28 став (2) од овој закон е должен да го достави најдоцна до 31 март 2011 година.

(2) Производителот евиденцијата од членот 28 ставови (3) и (4) на овој закон ќе започне да ја води од 1 јануари 2011 година.

(3) Првиот годишен извештај од членот 28 став (2) на овој член правното лице за постапување со отпад од пакување и самостојниот постапувач со отпад се должни да го доставаат најдоцна до 31 март 2012 година.

(4) Содржината на тешки метали може да го надминува нивото од 100 милиграма по килограм маса тежински утврдени во членот 11 од овој закон до 31 декември 2011 година.

(5) Првиот извештај за количините и видот на пакувањето што се пушта на пазарот во Република Македонија и за управувањето со отпад од пакување согласно со членот 39 од овој закон ќе се објави најдоцна до 31 декември 2011 година.

(6) Обврските за идентификација и означување на пакувањето од членот 14 на овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2012 година.

(7) Одредбите на членот 18 став (4) на овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2012 година.

(8) Програмата за управување со отпад од членот 36 на овој закон ќе се донесе најдоцна до 30 јуни 2011 година.

(9) Производителот согласно со обврските од членот 17 на овој закон е должен да се здружи преку основање на и/или склучување на договор со правно лице за постапување со отпад од пакување или да се регистрира во евиденцијата како самостоен постапувач со отпад од пакување најдоцна до 30 јуни 2011 година.

(10) Програмата од членот 7 став (2) на овој закон производителот на пакување и производителот се должни да ја изготват најдоцна до 31 декември 2012 година.

Член 65
**Комисија за управување со отпад од пакување**

Комисијата за управување со отпад од пакување од членот 38 на овој закон Владата на Република Македонија ќе ја формира најдоцна до 31 декември 2010 година.

Член 66
**Донесување на поблиски прописи**

Поблиски прописи за извршување на овој закон ќе се донесат најдоцна до 30 јуни 2010 година.

Член 67
**Примена на надоместоците и постигнување на националните цели**

(1) Надоместкот од членот 40 на овој закон ќе започне да се применува од 1 јануари 2011 година.

(2) За 2011 година ќе се смета дека се постигнати националните цели од членот 35 на овој закон, доколку се собере и преработи пакување и отпад од пакување во количина од 20% од тежината што е определена во членот 35 став (1) алинеи а) и б) од овој закон.

(3) За 2012 година ќе се смета дека се постигнати националните цели од членот 35 на овој закон, доколку се собере и преработи пакување и отпад од пакување во количина од 30% од тежината што е определена во членот 35 став (1) алинеи а) и б) од овој закон.

Член 68
**Престанување на важење**

Со денот на затпочнувањето на примената на членот 40 од овој закон, ќе престане да важи членот 185 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008 и 83/2009).

Член 69
**Влегување во сила**

Овој закон влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2010 година.

# L I G J
# PËR MENAXHIM ME PAKETIMIN DHE HEDHURINAT NGA PAKETIMI

## I. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

Neni 1
**Lënda e rregullimit**

Me këtë ligj rregullohen kërkesat për mbrojtjen e mjedisit jetësor, të cilat doemos duhet t'i plotësojë paketimi gjatë prodhimit të tij, lëshimi në treg dhe lëshimi në përdorim, dhe veprimi me hedhurinat nga paketimi që i përfshin obligimet dhe përgjegjësitë e operatorëve ekonomikë dhe të subjekteve tjera të cilët marrin pjesë në procesin e prodhimit, lëshimi në treg dhe lëshimi në përdorim i paketimit, rregullat e grumbullimit, ripërdorimit, ripërpunimit dhe mënjanimit, si dhe kushtet tjera për veprim me hedhurinat nga paketimi; njoftimi dhe instrumentet ekonomike për arritjen e qëllimeve nacionale për grumbullimin dhe përpunimin e hedhurinave nga paketimi.

Neni 2
**Zbatimi subsidiar i ligjeve tjera**

(1) Për çështjet të cilat janë të lidhura me rregullat për menaxhim me hedhurina nga paketimet, të cilat nuk janë të rregulluara në mënyrë të veçantë me këtë ligj, do të zbatohen dispozitat e Ligjit për menaxhim me hedhurinat.

(2) Për rregullimin e çështjeve lidhur me: qasjen te informatat që kanë të bëjnë me mjedisin jetësor, pjesëmarrjen e publikut në miratimin vendimeve, vlerësimin e ndikimit të strategjive të caktuara, planeve dhe programeve mbi mjedisin jetësor, vlerësimin e ndikimeve të projekteve të caktuara mbi mjedisin jetësor, zbatohen dispozitat e Ligjit për mjedisin jetësor, nëse me këtë ligj nuk është rregulluar ndryshe.

(3) Në procedurat e përcaktuara me këtë ligj, zbatohet Ligji për procedurë të përgjithshme administrative, nëse me këtë ligj nuk është rregulluar ndryshe.

Neni 3
**Qëllimi i ligjit**

Në pajtim me parimin e zhvillimit të qëndrueshëm, qëllimet e këtij ligji janë:

- të pengohet krijimi i hedhurinave nga paketimi,
- të zvogëlohet sasia e hedhurinave nga paketimi,
- të zvogëlohet dhe të kufizohet përdorimi i metaleve dhe materieve të dëmshme në paketim, dhe me këtë ta zvogëlojë ndikimin helmues të hedhurinës nga paketimi,
- të pengohet ose të zvogëlohet ndikimi negativ mbi mjedisin jetësor i hedhurinave nga paketimi dhe të sigurohet shkallë e lartë e mbrojtjes së mjedisit jetësor,
- të arrihet nivel i lartë i ripërdorimit të paketimit;
- të arrihet nivel i lartë i riciklimit dhe llojeve tjera të përpunimit të hedhurinave nga paketimi dhe zvogëlimi i mënjanimit të skajshëm të hedhurinave nga paketimi;
- të sigurohen kushte për vendosjen e sistemeve për kthimin, seleksionimin, grumbullimin, ripërdorimin, përpunimin dhe riciklimin e hedhurinave nga paketimi;
- të sigurohen kushte për vendosjen dhe zhvillimin e tregut të përpunimit dhe riciklimit të hedhurinave nga paketimi dhe
- të sigurohet pozitë e barabartë në treg ndërmjet personave të vendit dhe të huaj juridikë dhe fizikë, dhe të shmangen dhe mënjanohen barrierat tregtare të cilat mund ta çrregullojnë tregun.

Neni 4
**Zbatimi i ligjit**

(1) Dispozitat e këtij ligji zbatohen në të gjitha paketimet që prodhohen dhe lëshohen në treg në territorin e Republikës së Maqedonisë dhe për të gjitha hedhurinat e paketimit, i cili është krijuar nga kryerja e veprimtarisë prodhuese, industriale, zejtare, tregtare, shërbyese, administrative dhe veprimtaria tjetër; për hedhurinat nga paketimi i cili është krijuar në amvisëri dhe/ose vende tjera në territorin e Republikës së Maqedonisë, pa marrë parasysh origjinën, përdorimin dhe llojin e materialit të paketimit dhe të hedhurinave nga paketimi.

(2) Dispozitat e këtij ligji nuk e përjashtojnë zbatimin e dispozitave të cilat e rregullojnë kualitetin e paketimit, sigurinë, higjienën dhe mbrojtjen sanitare, mbrojtjen e shëndetit dhe sigurisë së prodhimeve të paketuara, si dhe rregullat që janë të lidhura me transportin e prodhimeve dhe veprimin me hedhurina dhe hedhurina nga paketimet.

(3) Të gjitha masat, standardet dhe qëllimet të cilat janë të përcaktuara me këtë ligj, zbatohen si kërkesa minimale të cilat duhen të plotësohen gjatë menaxhimit me paketimin dhe hedhurinat nga paketimi.

(4) Nëse me ligj tjetër janë përcaktuar masa dhe standarde të mjedisit jetësor, gjatë menaxhimit me paketim dhe hedhurinat nga paketimi, zbatohen masa më të rrepta dhe standarde me qëllim të mbrojtjes së mjedisit jetësor dhe arritjes së qëllimeve të mjedisit jetësor.

Neni 5
**Definicione**

Shprehje të veçanta të përdorura në këtë ligj, e kanë kuptimin si vijon:

1. Paketim, janë të gjitha prodhimet e bëra nga cilido lloj materiali që shfrytëzohen për ruajtjen, mbrojtjen, manipulimin, dërgimin dhe prezantimin e mallrave, nga prodhuesi deri te shfrytëzuesi ose konsumuesi, pa marrë parasysh atë se a janë mallrat lëndë e parë ose prodhim i gatshëm. Sendet "e pakthyeshme" që shfrytëzohen për qëllimet e njëjta, gjithashtu do të llogariten si paketim, duke përfshirë edhe mjetet ndihmëse të cilat shërbejnë për mbështjelljen, lidhjen dhe/ose përdorimin e mallrave, shënimin e mallrave, përgatitjen për dërgimin ose mbylljen e mallit. Paketimi mund të jetë:

a) paketimi për shitje ose primar (paketim për shitje), është paketim i bërë në atë mënyrë që paraqet njësi të vetme për shfrytëzuesin ose konsumuesin e fundit në vendin e shitjes. Kjo përfshin gota, filxhanë, qese, konserva, shishe, shishe plastike, tuba, kuti, pllaka, gypa etj., ose paketim tjetër i ngjashëm me pjesët përbërëse të cilat e mbështjellin ose mbajnë njësinë bazë shitëse të mallit të dedikuar për shitje për shfrytëzuesin ose konsumuesin e fundit në vendin e shitjes, dhe e mbrojnë mallin nga dëmtimi ose ndotja. Paketim për shitje janë edhe enët dhe enët për ushqim për përdorim të njëhershëm;

b) paketim grupor ose sekondar (paketim grupor) është paketimi i bërë në atë mënyrë që si grup, i mbështjell ose mban së bashku një numër më të madh të njësive themelore shitëse me paketim shitës të llojit të njëjtë ose të ndryshëm të mallit në vendin e blerjes, pa marrë parasysh se a i shiten shfrytëzuesit ose konsumuesit të fundit si grup, ose shiten veç e veç sipas njësisë shitëse ose shërben si mjet për dërgim deri në vendin e shitjes. Paketimi grupor mund të mënjanohet nga njësitë shitëse pa ndikuar në karakteristikat e tij. Kjo përfshin folie, kuti dhe materiale të ngjashme për mbështjellje ose paketim tjetër, pjesët përbërëse të së cilit janë të dedikuara për shpërndarjen, magazinimin, transportin ose dërgimin e mallrave për shitje te shfrytëzuesi ose konsumuesi i fundit. Nëse paketimi grupor njëkohësisht e kryen funksionin e paketimit për shitje, i njëjti llogaritet si paketim për shitje;

v) paketimi për transport ose terciar (paketimi për transport) është paketim i bërë në atë mënyrë, i cili mbështjell ose mban së bashku numër më të madh të njësive themelore shitëse me paketim për shitje ose grupor, me qëllim që ta lehtësojë manipulimin dhe transportin e mallrave dhe ta mbrojë nga dëmtimi gjatë manipulimit dhe transportit. Kjo përfshin fuçi, sëndukë, qypa, thasë, paleta, kuti ose paketim tjetër të ngjashëm Nëse paketimi për transport njëkohësisht e kryen funksionin e paketimit për shitje, i njëjti llogaritet si paketim për shitje. Kontejnerët, të cilët për transportin e mallrave përdoren në komunikacionin rrugor, hekurudhor, detar ose ajror, nuk janë paketim transporti dhe

g) kur është e nevojshme, përcaktimi për atë se cili send llogaritet për "paketim", do të bëhet edhe përmes zbatimit të këtyre kritereve:

- sendi do të llogaritet për paketim nëse e plotëson njërin nga definicionet për paketim, të dhënë nën pikën 1 të këtij neni, pa marrë parasysh funksionet tjera të cilat mund t'i posedojë, me kusht që paketimi të jetë pjesë integrale e prodhimit, dhe është i domosdoshëm për ruajtjen e përmbajtjes së tij, e përkrah ose mbron prodhimin gjatë gjithë ciklit të tij jetësor dhe të gjitha elementet e paketimit janë të dedikuara që të përdoren, shpenzohen dhe mënjanohen së bashku me prodhimin,
- sendi i cili është dizajnuar ose dedikuar që të mbushet me përmbajtje në vendin e shitjes dhe sendi i dedikuar "për përdorim të njëfishtë" që shitet, mbushet ose është i dizajnuar dhe dedikuar të mbushet në vendin e shitjes, do të llogaritet për paketim nëse e plotëson njërën prej definicioneve për paketim, të dhënë nën pikën 1 të këtij neni dhe
- pjesët përbërëse të paketimit dhe elementet tjera ndihmëse të vendosura në paketim, llogariten për pjesë të paketimit në të cilën janë vendosura. Elementet ndihmëse që janë varur në mënyrë të drejtpërdrejtë, ose të vendosura në një prodhim dhe që kryejnë funksion të paketimit, llogariten si paketime, përveç nëse nuk janë pjesë përbërëse e atij prodhimi dhe nëse të gjitha elementet janë të dedikuara të shfrytëzohen ose mënjanohen, së bashku me prodhimin;

2. Hedhurina nga paketimi, janë çdo paketim ose material për paketim, i cili është përfshirë me definicionin për hedhurina, në pajtim me Ligjin për menaxhim me hedhurina, përveç mbeturinave të krijuara gjatë prodhimit të paketimit;

3. Hedhurinat nga paketimi të cilat paraqesin hedhurina komunale, janë hedhurinat nga paketimi shitës dhe grupor, që krijohen si hedhurina të amvisërisë ose hedhurina nga aktivitetet industriale, zejtare, shërbyese ose të tjera, që për nga natyra e vet dhe përbërja e vet, janë të ngjashme me hedhurinat nga amvisëritë;

4. Hedhurina nga paketimi që nuk paraqesin hedhurina komunale, janë hedhurina nga paketimi shitës, grupor ose i transportit, që krijohen si hedhurina gjatë kryerjes së veprimtarisë prodhuese, industriale, zejtare, tregtare, shërbyese, administrative ose veprimtarive tjera dhe sipas natyrës dhe përbërjes së vet janë të ndryshme nga hedhurinat e amvisërisë;

5. Menaxhim me hedhurina nga paketimi, është përmbledhje e aktiviteteve, masave dhe vendimeve, të dedikuara për arritjen e qëllimeve nacionale për veprim me hedhurinat e paketimit, ndërsa janë ndërmarrë në pajtim me këtë ligj dhe me dispozitat, të cilat e rregullojnë menaxhimin dhe veprimin me hedhurinat;

6. Pengim, është zvogëlimi i sasisë dhe ndikimeve negative mbi mjedisin jetësor, veçanërisht me zhvillimin e prodhimeve dhe teknologjive të "pastra", nga:

-materialet dhe substancat e përmbajtura në paketimet dhe në hedhurinat nga paketimi dhe

-paketimi dhe hedhurinat nga paketimi që krijohen gjatë procesit të prodhimtarisë dhe në fazat e lëshimit në treg, lëshimit në përdorim, shpërndarjes dhe mënjanimit;

7. Ripërdorimi i paketimeve, është çdo procedurë me të cilën paketimi është menduar (konceptuar) dhe dizajnuar, në atë mënyrë që gjatë ciklit të tij jetësor, me ndihmën ose pa ndihmën e prodhimeve për paketim, një herë ose më shumë të jetë përsëri i përdorshëm dhe/ose një herë ose më shumë të mbushet për dedikim të njëjtë ose të ngjashëm për të cilin është bërë në fillim. Ky paketim i ripërdorur bëhet hedhurinë nga paketimi, atëherë kur nuk do të jetë më objekt i ripërdorimit ose mbushjes;

8. Përtëritje, është çdo operacion i përpunimit të hedhurinave, i cili mund të zbatohet në pajtim me dispozitat e Ligjit për menaxhim me hedhurinat;

9. Riciklim i hedhurinave nga paketimi, është çdo përpunim i hedhurinave nga paketimi në procesin prodhues, si lëndë e parë sekondare për prodhimin e paketimeve të reja, të dedikuara për qëllim të njëjtë ose tjetër, duke përfshirë riciklimin organik, e duke e përjashtuar përpunimin energjetik;

10. Përpunim energjetik i hedhurinave nga paketimi, është çdo operacion i përpunimit me të cilin bëhet djegia e hedhurinave së bashku ose pa hedhurina tjera, me qëllim të prodhimit të energjisë dhe shfrytëzimit të energjisë së fituar termike;

11. Riciklim organik i hedhurinave nga paketimi, është përpunim aerob (kompostim) ose anaerob (biometanizim), në kushte të kontrolluara dhe me përdorimin e mikroorganizmave për pjesën e hedhurinave nga paketimi i cili në mënyrë biologjike mund të zbërthehet, me të cilin prodhohet tepricë e stabilizuar organike ose metan. Mënjanimi i hedhurinave nga paketimi në plehërishtë nuk llogaritet për riciklim organik;

12. Mënjanim i hedhurinave nga paketimi, është çdo operacion i cili mund të zbatohet në pajtim me dispozitat e Ligjit për menaxhim me hedhurinat;

13. Operatorë ekonomikë të lidhur me menaxhimin me paketim, janë:

- prodhues i paketimit, është personi juridik ose fizik i cili prodhon, importon dhe/ose lëshon në treg paketime dhe konvertues të tyre, si veprimtari të veten,

- prodhues, është personi juridik ose fizik i cili paketon mallra ose mbush mallra në paketime, si dhe prodhon, importon dhe/ose lëshon në treg mallra të paketuara në paketime si veprimtari të veten, duke e përfshirë edhe prodhuesin i cili si shfrytëzues i fundit importon mallra të paketuara,

- prodhues i vogël, është personi juridik ose fizik i cili paketon mallra ose mbush mallra në paketime, dhe/ose prodhon, importon dhe/ose lëshon në treg, mallra të paketuara në paketime në sasi në pajtim me nenin 19 të këtij ligji,

- tregtar, është personi juridik ose fizik i cili kryen veprimtari tregtare dhe furnizon materiale për prodhimin e paketimit, paketime dhe mallra të paketuara për qëllime të shitjes shfrytëzuesit të fundit,

- dërgues i fundit, është personi juridik ose fizik i cili paketimin ose mallin e paketuar, ia dërgon drejtpërsëdrejti shfrytëzuesit, përkatësisht konsumatorit të fundit, pa marrë parasysh nëse njëkohësisht ai person është prodhues, paketues ose shitës me pakicë,

- shfrytëzues i fundit, është konsumatori i cili për shkak të përdorimit ose konsumimit të fundit të mallit të paketuar, e ndan mallin dhe/ose e zbraz paketimin dhe në atë mënyrë krijon hedhurina nga paketimi dhe tregtari i cili, për shkak të përdorimit të mëtutjeshëm të mallit, paketimin e ndan nga malli dhe/ose e zbraz paketimin, dhe në atë mënyrë krijon hedhurina nga paketimi grupor ose transportues,

- person juridik për veprim me hedhurina nga paketimi, është personi juridik i cili ka marrë leje për veprim me hedhurina nga paketimi, në pajtim me nenin 21 paragrafi 2 i këtij ligji dhe

- veprues i pavarur me hedhurina nga paketimi, (në tekstin e mëtutjeshëm: veprues i pavarur) është personi juridik ose fizik, i cili ka marrë leje për veprim të pavarur me hedhurina nga paketimi, në pajtim me nenin 24 paragrafi (2) të këtij ligji;

14. Marrëveshje vullnetare, është marrëveshja formale e cila ka klauzola ekzekutive, e lidhur ndërmjet organeve dhe organizatave, të cilat i përfaqësojnë interesat e caktuara të operatorëve ekonomikë, grupeve të operatorëve ekonomikë dhe operatorëve të veçantë ekonomikë nga njëra anë, dhe nga ana tjetër, Qeverisë së Republikës së Maqedonisë, me qëllim që të arrihen qëllimet e këtij ligji të përcaktuara në nenin 3 dhe qëllimet nacionale nga neni 35 të këtij ligji, i cili është i hapur për aderimin e të gjithë personave juridikë dhe fizikë, të cilët duan t'i plotësojnë kushtet e përcaktuara me marrëveshje. Marrëveshja vullnetare është e kapshme për publikun, në pajim me ligjin;

15. Paketim kompozitë, (kompozitë) është paketimi i përbërë nga më tepër shtresa të materialeve të ndryshme, të cilat me dorë nuk mund të ndahen ose në mënyrë tjetër të ndahen ndërmjet veti;

16. Paketim kthyes, është paketimi për të cilin mund të sigurohet kthimi me paradhënie dhe i njëjti përsëri mund të përdoret;

17. Kthim i paketimeve, është aktivitet me të cilin sigurohet pranimi kthyes i hedhurinave nga paketimi, i cili nuk e rrezikon shëndetin e njerëzve dhe nuk zbaton procese ose metoda të cilat do të ishin të dëmshme për mjedisin jetësor;

18. Vënie e qëllimshme, është aktiviteti me të cilin me qëllim shfrytëzohet substanca ose materia gjatë formulimit të paketimit ose të komponentëve të paketimit, me ç'rast prania e saj e përhershme në paketimin e fundit ose në komponentin e paketimit, është e nevojshme që të arrihen karakteristika specifike, pamje ose kualitet i paketimit. Përdorimi i materialeve të ricikluara si lëndë të para për prodhimin e materialeve të reja për paketim, ku një pjesë e materialeve të ricikluara mund të përmbajnë sasi të substancave dhe materieve të rregulluara, nuk llogaritet për futje e qëllimshme;

19. Prani e rastësishme, është prania e metalit si përbërje e vënë pa qëllim në paketim ose pjesë të paketimit dhe

20. Organ për kryerjen e punëve profesionale në sferën e mjedisit jetësor, është Drejtoria e Mjedisit Jetësor, organ në përbërje të Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor.

Neni 6
**Parime**

(1) Në pajtueshmëri me qëllimet për mbrojte afatgjate dhe shfrytëzim të qëndrueshëm të resurseve natyrore dhe mbrojte dhe avancim të mediumeve dhe sferave të mjedisit jetësor, menaxhimi me paketimin dhe hedhurinat nga paketimi, bazohen në:

1) parimin e përgjegjësisë së prodhuesit – prodhuesi i cili gjatë kryerjes së veprimtarisë së vet, krijon dhe kontribuon në krijimin e hedhurinave nga paketimi, është përgjegjës për ndërmarrjen e masave për menaxhim me paketimin dhe hedhurinat nga paketimi, me qëllim që të eliminohet dhe/ose të zvogëlohet deri në masë të mundshme të fundit, ndikimi negativ mbi mediumet dhe sferat e mjedisit jetësor që ndodh si rezultat i hedhurinave nga paketimi i krijuar nga veprimtaria e tij. Sipas këtij parimi, si prodhues llogaritet edhe prodhuesi i paketimit dhe

(4) Kryerësit të kundërvajtjes së këtij ligji, organi për kundërvajtje mund t'i kumtojë sanksion për kundërvajtje, ndalim për kryerjen e veprimtarisë së caktuar prej së cilës del kryerja e kundërvajtjes, në kohëzgjatje prej së paku 3 deri më së shumti 15 ditë.

(5) Personit fizik nga paragrafi (2) dhe personit përgjegjës nga paragrafi (3) të këtij neni, organi për kundërvajtje mund t'i kumtojë sanksion për kundërvajtje, ndalim për kryerjen e veprimtarisë së caktuar prej së cilës del kryerja e kundërvajtjes, në kohëzgjatje prej së paku 3 deri më së shumti 15 ditë.

Neni 58
**Sanksione kundërvajtëse për shfrytëzuesin dhe dërguesin e fundit**

(1) Gjobë në shumë prej 2 000 eurosh me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje personit juridik i cili është shfrytëzuesi i fundit i paketimeve, nëse:

1) hedhurinat e paketimit që janë hedhurina komerciale dhe/ose nuk janë hedhurina komunale, i lënë ose dorëzojnë si hedhurina komunale në vendet e shënuara për grumbullimin dhe seleksionimin e hedhurinave komunale (neni 16 paragrafi (1));

2) nuk vepron me hedhurinat e paketimit, në pajtim me dispozitat nga neni 16, paragrafi (2), (3) dhe (4), (neni 16, paragrafët (2), (3) dhe (4)) dhe

3) nuk vepron sipas nenit 30 të këtij ligji.

(2) Gjobë në shumë prej 60 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet shfrytëzuesit të fundit nëse ai është personi fizik, për veprimet nga paragrafi (1) i këtij neni.

(3) Gjobë në shumë prej 700 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet personit përgjegjës te personi juridik për veprimet nga paragrafi (1) i këtij neni.

(4) Kryerësit të kundërvajtjes së këtij ligji, organi për kundërvajtje mund t'i kumtojë sanksion për kundërvajtje, ndalim për kryerjen e veprimtarisë së caktuar prej së cilës del kryerja e kundërvajtjes, në kohëzgjatje prej së paku 3 deri më së shumti 15 ditë.

(5) Personit fizik nga paragrafi (2) dhe personit përgjegjës nga paragrafi (3) të këtij neni, organi për kundërvajtje mund t'i kumtojë sanksion për kundërvajtje, ndalim për kryerjen e veprimtarisë së caktuar prej së cilës del kryerja e kundërvajtjes, në kohëzgjatje prej së paku 3 deri më së shumti 15 ditë.

Neni 59
**Sanksione kundërvajtëse për vepruesin e pavarur me hedhurinat e paketimeve**

(1) Gjobë në shumë prej 6 000 eurosh me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje vepruesit të pavarur me hedhurinat e paketimeve, nëse:

1) nuk e lajmëron organin profesional në afatin e caktuar, për vendosjen e paradhënies (neni 34, paragrafi (3));

2) nuk ka ndërmarrë masa që shitësi paradhënien që e ka arkëtuar, të kthehet, nëse kthehet paketimi kthyes (neni 34, paragrafi (6));

3) nuk është i regjistruar dhe nuk posedon leje për veprim të pavarur me hedhurinat e paketimit, në pajtim me këtë ligj (neni 24, paragrafi (1));

4) nuk siguron veprim, në pajtim me nenin 24, paragrafi (4) të këtij ligji;

5) nuk i dorëzon raport vjetor organit profesional për hedhurinat që i ka krijuar vet, në pajtim me nenin 27 paragrafët (3) dhe (4) të këtij ligji dhe

6) zbaton paradhënie e cila e tejkalon shumën prej 30% nga çmimi shitës i mallrave të paketuara (neni 34 paragrafi (2)).

(2) Gjobë në shumë prej 1 000 eurosh me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet vepruesit të pavarur me hedhurinat e paketimit, nëse ai është person fizik për veprimet nga paragrafi (1) i këtij neni.

(3) Gjobë në shumë prej 1 200 eurosh me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet personit përgjegjës te personi juridik, për veprimet nga paragrafi (1) i këtij neni.

(4) Kryerësit të kundërvajtjes së këtij neni, organi për kundërvajtje mund t'i kumtojë sanksion për kundërvajtje, ndalim për kryerjen e veprimtarisë së caktuar prej së cilës del kryerja e kundërvajtjes, në kohëzgjatje prej së paku 3 deri më së shumti 15 ditë.

(5) Personit fizik nga paragrafi (2) dhe personit përgjegjës nga paragrafi (3) të këtij neni, organi për kundërvajtje mund t'i kumtojë sanksion për kundërvajtje, ndalim për kryerjen e veprimtarisë së caktuar prej së cilës del kryerja e kundërvajtjes, në kohëzgjatje prej së paku 3 deri më së shumti 15 ditë.

Neni 60
**Sanksione kundërvajtëse për personin juridik për veprim me hedhurinat e paketimit**

(1) Gjobë në shumë prej 9 000 eurosh me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje personit juridik për veprimet me hedhurinat e paketimit, nëse:

1) kryerjen e punëve nga neni 20, paragrafi 2 i këtij ligji, nuk ua ngarkon personave të tretë të cilët janë regjistruar për kryerjen e këtyre punëve dhe posedojnë leje adekuate, në pajtim me këtë ose me ligj tjetër (neni 20 paragrafi (4));

2) nuk posedon leje për themelimin e sistemit për grumbullimin dhe pranimin kthyes të hedhurinave të paketimit (neni 21, paragrafi (2));

3) nuk e njofton organin profesional në afatin e caktuar në rast të ndryshimit të të dhënëve të parashtruara me lejen nga neni 21, paragrafi 2 i këtij ligji (neni 21, paragrafi (4));

4) organit profesional nuk ia dorëzon të dhënat për prodhuesit, paketuesit, tregtarët dhe shfrytëzuesit e fundit me të cilët kanë marrëveshje, janë themelues ose me marrëveshje janë bashkuar te personi juridik për veprim me hedhurinat e paketimit (neni 21 paragrafi (5));

5) grumbullimin, përpunimin, mënjanimin e hedhurinave të paketimit ia ngarkon personit juridik ose fizik, të cilët nuk posedojnë leje adekuate (neni 22 paragrafi (5));

6) gjatë organizimit të sistemit, nuk vepron në pajtim me nenin 23 të këtij ligji;

7) me hedhurinat e paketimit që i ka grumbulluar gjatë një viti kalendarik, nuk vepron në pajtim me nenin 27 paragrafi (1) i këtij ligji;

8) nuk e njofton organin profesional në afatin e caktuar, për zbatimin e paradhënies (neni 34 paragrafi (3));

9) nuk ia dorëzon në afatin e caktuar ose ia dorëzon raportin e pakompletuar vjetor për veprimin me hedhurinat e paketimit për vitin paraprak, organit profesional (neni 27 paragrafi (2));

10) nuk mban evidencë, në pajtim me nenin 27 të këtij ligji;

11) nuk dorëzon raport në pajtim me nenin 28 paragrafin (6) të këtij ligji;

12) zbaton paradhënie e cila e tejkalon shumën prej 30%, nga çmimi shitës i mallit të paketuar (neni 34 paragrafi (2)) dhe

13) nuk ka ndërmarrë masa që shitësi paradhënien që e ka arkëtuar, të kthehet nëse kthehet paketimi kthyes (neni 34 paragrafi (6)).

(2) Gjobë në shumë prej 1 200 eurosh me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet vepruesit fizik për veprimet nga paragrafi (1) i këtij neni.

(3) Gjobë në shumë prej 1 500 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet personit përgjegjës te personi juridik për veprimet nga paragrafi (1) i këtij neni.

(4) Kryerësit të kundërvajtjes së këtij neni, organi për kundërvajtje mund t'i kumtojë sanksion për kundërvajtje, ndalim për kryerjen e veprimtarisë së caktuar prej së cilës del kryerja e kundërvajtjes, në kohëzgjatje prej së paku 3 deri më së shumti 15 ditë.

(5) Personit fizik nga paragrafi (2) dhe personit përgjegjës nga paragrafi (3) të këtij neni, organi për kundërvajtës mund t'i kumtojë sanksion për kundërvajtje, ndalim për kryerjen e veprimtarisë së caktuar prej së cilës del kryerja e kundërvajtjes, në kohëzgjatje prej së paku 3 deri më së shumti 15 ditë.

Neni 61
**Sanksione kundërvajtëse për personin juridik për veprimet me hedhurinat e paketimit**

(1) Gjobë në shumë prej 20 000 deri në 30 000 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje personit juridik për veprim me hedhurinat e paketimit, nëse:

1) ka dorëzuar raport nga neni 27 i këtij ligji i cili përmban të dhëna të pavërteta, me qëllim që të konsiderohet se janë plotësuar qëllimet nacionale nga neni 35 i këtij ligji, që t'i ikë pagimit të kompensimit nga neni 40 i këtij ligji dhe

2) mban evidencë nga neni 28 i këtij ligji, për të dhënat e pavërteta për sasitë e paketimeve të cilat i ka lëshuar në treg, me qëllim që t'i ikë pagimit të kompensimit nga neni 40 i këtij ligji.

(2) Gjobë në shumë prej 2 000 eurosh me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet personit përgjegjës te personi juridik për veprimet nga paragrafi (1) i këtij neni.

(3) Kryerësit të kundërvajtjes së këtij neni, organi për kundërvajtje mund t'i kumtojë sanksion për kundërvajtje, ndalim për kryerjen e veprimtarisë së caktuar prej së cilës del kryerja e kundërvajtjes, në kohëzgjatje prej së paku 30 deri më së shumti një vit.

(4) Personit fizik nga paragrafi (2) i këtij neni, organi për kundërvajtje mund t'i kumtojë sanksion për kundërvajtje, ndalim për kryerjen e veprimtarisë së caktuar prej së cilës del kryerja e kundërvajtjes, në kohëzgjatje prej së paku 15 deri më së shumti 60 ditë.

Neni 62
**Procedura për barazim dhe ndërmjetësim**

(1) Për kundërvajtjet e përcaktuara në nenet 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59 dhe 60 të këtij ligji, organet për mbikëqyrjen inspektuese nga neni 44 i këtij ligji, janë të obliguar që kryerësit të kundërvajtjes t'i propozojë procedurë për barazim, para se të parashtrojnë kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje.

(2) Për kundërvajtjet e përcaktuara në nenin 61 të këtij ligji, organet për mbikëqyrjen inspektuese nga neni 44 i këtij ligji, kryerësit të kundërvajtjes do t'i propozojë procedurë për ndërmjetësim, para se të parashtrojnë kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje.

(3) Në rastet në të cilat është arritur pajtim për barazim, gjoba kryerësit mund t'i zvogëlohet më së shumti për gjysmën nga gjoba e maksimale e përcaktuar për kundërvajtjen.

(4) Procedurat për barazim dhe ndërmjetësim udhëhiqen në pajtim me dispozitat nga Ligji për mjedisin jetësor.

Neni 63
**Udhëheqja e procedurës për kundërvajtje**

(1) Për kundërvajtjet e përcaktuara në nenet 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59 dhe 60 të këtij ligji, procedurë për kundërvajtje udhëheq dhe sanksion për kundërvajtje kumton Komisionin për vendimmarrje për kundërvajtjet në fushën e mjedisit jetësor pranë Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor (në tekstin e mëtejmë: Komision për kundërvajtje).

(2) Procedura para Komisionit për kundërvajtje, mbahet në pajtim me dispozitat të Ligjit për mjedisin jetësor.

(3) Për kundërvajtjet e përcaktuara në nenin 61 të këtij ligji, procedurë për kundërvajtje udhëheq dhe sanksion për kundërvajtje kumton gjykata kompetente.

VII. DISPOZITA KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 64
**Afatet për zbatim**

(1) Njoftimin e parë prodhuesit nga neni 17 i këtij ligji për llojin dhe sasitë e paketimit të cilin e ka lëshuar në treg dhe që e ka importuar gjatë vitit në pajtim me nenin 28, paragrafi (2) i këtij ligji, është i obliguar që ta dorëzojë më së voni deri më 31 mars 2011.

(2) Prodhuesi evidencën nga neni 28 paragrafët (3) dhe (4) të këtij ligji, do të fillojë ta mbajë nga 1 janari 2011.

(3) Raportin e parë vjetor nga neni 28 paragrafi (2) i këtij ligji, personi juridik për veprimin me hedhurinat e paketimit dhe vepruesi i pavarur me hedhurinat, janë të obliguar që ta dorëzojnë më së voni deri më 31 mars 2012.

(4) Përmbajtja e metaleve të rënda mund ta tejkalojë nivelin nga 100 miligram për kilogram të peshë së masës së përcaktuar në nenin 11 të këtij ligji, deri më 31 dhjetor 2011.

(5) Raporti i parë për sasitë dhe llojin e paketimit që lëshohet në tregun e Republikës së Maqedonisë dhe për menaxhimin me hedhurinat e paketimit në pajtim me nenin 39 të këtij ligji, do të shpallet më së voni deri më 31 dhjetor 2011.

(6) Obligimet për identifikimin dhe shënimin e paketimit nga neni 14 i këtij ligji, do të zbatohen nga 1 janari 2012.

(7) Dispozitat nga neni 18 paragrafi (4) i këtij ligji, do të fillojnë të zbatohen nga 1 janari 2012.

(8) Programi për menaxhim me hedhurinat nga neni 36 i këtij ligji, do të miratohet më së voni deri më 30 qershor 2011.

(9) Prodhuesit në pajtim me obligimet nga neni 17 i këtij ligji, janë të obliguar që të bashkohen nëpërmjet themelimit të, dhe/ose lidhjes së marrëveshjes me person juridik për veprim me hedhurinat e paketimit, ose të regjistrohen në evidencë si veprues të pavarur me hedhurinat e paketimit më së voni deri më 30 qershor 2011.

(10) Programin nga neni 7 paragrafi (2) i këtij ligji, prodhuesi i paketimit dhe prodhuesi janë të obliguar që ta përgatisin më së voni deri më 31 dhjetor 2012.

Neni 65
**Komisioni për menaxhim me hedhurinat e paketimit**

Komisionin për menaxhim me hedhurinat e paketimit nga neni 38 i këtij ligji, Qeveria e Republikës së Maqedonisë do ta formojë më së voni deri më 31 dhjetor 2010.

Neni 66
**Miratimi i dispozitave më të afërta**

Dispozitat më të afërta për zbatimin e këtij ligji, do të miratohen më së voni deri më 30 qershor 2010.

Neni 67
**Zbatimi i kompensimeve dhe arritja e qëllimeve nacionale**

(1) Kompensimi nga neni 40 i këtij ligji, do të fillojë të zbatohet nga 1 janari 2011.

(2) Për vitin 2011 do të konsiderohet se janë arritur qëllimet nacionale nga neni 35 i këtij ligji, nëse mblidhet dhe përpunohet paketimi dhe hedhurinat e paketimit në sasi prej 20% nga pesha që është përcaktuar me nenin 35 paragrafi (1) alinetë a) dhe b) të këtij ligji.

(3) Për vitin 2012 do të konsiderohet se janë arritur qëllimet nacionale nga neni 35 i këtij ligji, nëse mblidhen dhe përpunohen paketimi dhe hedhurinat e paketimit në sasi prej 30 % nga pesha që është përcaktuar në nenin 35 paragrafi (1) alinetë a) dhe b) të këtij ligji.

Neni 68
**Shfuqizimi**

Me ditën e fillimit të zbatimit të nenit 40 të këtij ligji, do të shfuqizohet neni 185 i Ligjit për mjedisin jetësor ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008 dhe 83/2009).

Neni 69
**Hyrja në fuqi**

Ky ligj hyn në fuqi në afat prej tetë ditësh nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të fillojë të zbatohet nga 1 janari 2010.

---

**3409.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ, ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ОДМОРИ НА МОБИЛНИТЕ РАБОТНИЦИ И ВОЗАЧИТЕ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ И УРЕДИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ**

Се прогласува Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2009 година.

Бр. 07 - 5501/1
29 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ, ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ОДМОРИ НА МОБИЛНИТЕ РАБОТНИЦИ И ВОЗАЧИТЕ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ И УРЕДИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет и цел на Законот**

Член 1

Со овој закон се уредуваат работното време и задолжителниот одмор на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај, времето на управување со моторно возило, прекин на управување со возилото и периоди на одмори на возачите кои вршат превоз на стока и патници во патниот сообраќај, начинот, условите и постапката за добивање на овластување за работилница и уредите за записи во патниот сообраќај (тахографи).

Целта на овој закон е да се подобрат условите за работа и безбедност на заштита на работниците кои вршат мобилна дејност во патниот сообраќај и на возачите, подигање на нивото на безбедност во патниот сообраќај, изедначување на условите на пазарот, како и обезбедување на зајакната контрола во патниот сообраќај.

**Област на примена и исклучоци**

Член 2

Овој закон се применува на мобилните работници кои учествуваат во извршување на активности во патниот сообраќај, возачите, како и на самовработени возачи во согласност со Европскиот договор за работа на екипажите на возилата што вршат меѓународен патен превоз (во натамошниот текст: AETR).

Овој закон се применува на возачи на возила чија максимална маса е поголема од 3,5 тони и возачи на возила чија максимална маса на возилото со приклучно возило надминува повеќе од 3,5 тони и автобусите конструирани или трајно приспособени за превоз на повеќе од девет патници вклучувајќи го и возачот.

Возила чија максимална маса со приклучното возило е поголема од 3,5 тони и автобусите конструирани или трајно приспособени за превоз на повеќе од девет патници вклучувајќи го и возачот, мора да имаат вграден тахограф.

Овој закон се применува во патниот сообраќај без оглед на државата во која е регистрирано возилото, ако превозот се врши:

а) на територија на Република Македонија или

б) меѓу Република Македонија и држава членка на Европската унија.

Во меѓународниот патен сообраќај што се врши целосно или делумно надвор од територијата на Република Македонија и надвор од земјите членки на Европската унија, ќе се применуваат одредбите од AETR, и тоа:

а) на возила регистрирани во Република Македонија и во државите што се договорни страни на AETR, во текот на целото управување со возилото и

б) на возила регистрирани во држава која е договорна страна на AETR и на возила регистрирани во држава која не е договорна страна на AETR, на делот од управување со возилото на територијата на Република Македонија.

Овој закон не се применува на возила во патниот сообраќај:

а) со кои се врши јавен линиски превоз на патници на линии со вкупна оддалеченост до 50 километри;

б) кои не можат да постигнат брзина поголема од 40 km/h,

в) во сопственост или под закуп на Армијата на Република Македонија, полицијата, Дирекцијата за заштита и спасување и службата за противпожарна заштита, ако превозот е во врска со активности што ги вршат овие служби и се извршуваат под нивна контрола;

г) што вршат некомерцијален превоз на хуманитарна помош во вонредни околности или спасувачки операции;

д) кои се специјализирани за медицински цели;

ѓ) кои се специјализирани за поправка на дефекти и се движат во опфат од 100 километри од седиштето на фирмата;

е) кои се тестираат на патот поради технички развој, одржување или поправка, или нови возила или преправени возила кои не се регистрирани;

ж) на возила или комбинации на возила чија максимална маса не е поголема од 7,5 тони, а кои се користат за некомерцијален превоз на стоки и

з) на комерцијални олдтајмери, кои се користат за некомерцијален превоз на патници и стоки.

Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. “AETR“ е Европски договор за работа на екипажите на возилата што вршат меѓународен патен превоз;

2. ”Тахограф” е уред кој се вградува во возила за автоматско или полуавтоматско прикажување и запишување на одделни податоци за движењето на возилото и за одредени работни периоди на возачите кои го возат возилото. Тахографот може да биде аналоген и дигитален;

3. “Превоз во патниот сообраќај“ е превоз на патници и стоки кој целосно или делумно се врши на јавни патишта, вклучувајќи управување на празно или натоварено возило;

4. “Дневен одмор“ е период од денот во кој возачот може слободно да располага со своето време, а вклучува „редовен дневен одмор“ и „скратен дневен одмор“:

- „редовен дневен одмор“ е непрекинат период на одмор од најмалку 11 часа или кога се користи во два дела од 12 часа, од кои првиот дел од одморот мора да трае непрекинато најмалку 3 часа, а вториот непрекинато најмалку 9 часа и

- „скратен дневен одмор“ е непрекинат период на одмор помал од 11 часа, но не помал од 9 часа;

5. “Дневно време на управување со возило“ е вкупното време на управување со возило меѓу крајот на еден дневен одмор и почетокот на следниот дневен одмор или меѓу дневниот одмор и неделниот одмор, како и меѓу неделниот одмор и дневниот одмор;

6. “Линиски превоз на патници“ е внатрешен или меѓународен превоз на патници, кој се врши со автобуси кои се изградени или трајно адаптирани за транспорт на повеќе од девет патници вклучувајќи го и возачот, на одредена линија по однапред утврден возен ред, врз основа на дозвола и утврдена и објавена цена на превозот;

7. “Мемориска картичка“ е картичка која се користи со тахографскиот уред и овозможува идентификација на идентитетот на сопственикот на картичката (или идентитетот на групата) и овозможува префрлање на податоците и нивно складирање од тахографскиот уред;

8. “Мобилен работник“ е секој работник кој е дел на превозниот персонал, вклучувајќи и приправници и лица на обука, кои се вработени кај правното лице кое извршува превоз на патници или стоки како јавен превоз или превоз за сопствени потреби;

9. “Ноќна работа“ е работата што се одвива во текот на ноќно време;

10. “Ноќно време“ е периодот од најмалку четири часа, меѓу 22,00 и 06,00 часот;

11. “Одмор“ е непрекинат временски период во кој возачот може слободно да располага со своето време;

12. “Лице кое извршува мобилна дејност во патниот сообраќај“ е мобилен работник или самовработен возач кој врши таква дејност;

13. “Други работни задачи“ се активности кои се дефинирани како работно време во точката 18 од овој член, освен работи за управување со возило, вклучувајќи ги сите задачи за истиот или друг работодавач во или надвор од обврските за превоз на патници и стоки;

14. “Прекин на управување со возило“ е временски период во кој возачот не може да управува со возило или да врши и други работни активности, а се користи исклучиво за одмор;

15. “Превозник“ е физичко или правно лице кое врши јавен превоз или превоз за сопствени потреби во патниот сообраќај;

16. “Работилница“ е правно лице кое има овластување за работа за спроведување на постапката за вградување, испитување, преглед, поправка и демонтажа на уредите за запишување;

17. “Место на работа“ е седиштето на правното лице и подружниците каде што мобилните работници ги вршат работните задачи без оглед на тоа дали тие се наоѓаат на истата локација или на друга локација, возилото кое лицата кои извршуваат мобилна активност во патниот сообраќај го користат при извршување на своите работни задачи и сите други места каде што се вршат активности поврзани со превозот;

18. “Работно време“ е време од почетокот до завршувањето на работните задачи, за кое време мобилниот работник се наоѓа на своето работно место, на располагање на работодавачот и ги извршува своите работни задачи.

Во работно време се смета:

а) времето поминато во извршување на сите активности во патниот сообраќај, а особено:

- управување со возило,

- товарење и истоварување,

- помош на патниците при влегување и излегување од возилото,

- чистење и техничко одржување на возилото и

- сите други активности со цел да се осигура безбедноста на возилото, неговиот товар и патниците или исполнување на законските обврски кои се однесуваат на управување со возилото, вклучувајќи следење на товарење и истоварување, административни формалности со полицијата, царината и органите за надзор;

б) времето во кое мобилните работници не можат слободно да располагаат со своето време и мора да бидат на своето работно место, подготвени да ги преземат своите вообичаени должности, при што некои должности се поврзани со дежурства, особено за време на чекање за товарење и истоварување кога однапред не е познато времетраењето на извршување на работата и

в) во случај на самовработени возачи, истата дефиниција се однесува на времето од почетокот до крајот на работата, за време на кое самовработениот возач се наоѓа на неговото работно место, е на располагање на странките и за вршење на своите задачи или активности освен општите административни работи кои не се директно поврзани со одредено управување со возило кое е во тек;

19. “Период на достапност“ е период кој е надвор од работното време, а означува:

а) периодот во кој мобилниот работник не мора да остане на своето работно место, но мора да биде достапен на сите повици да започне или продолжи да управува со возило или да извршува и други работи, а кои не ги вклучуваат периодите за одмор. Период на достапност вклучува посебен период во текот на кој мобилниот работник го придружува возилото кое се превезува со траект или воз и период на чекање на граничните премини или поради забрана на сообраќај. Периодите на достапност и нивното предвидено времетраење мора однапред да му се познати на мобилниот работник, односно да биде известен пред поаѓање или непосредно пред почетокот на наведениот период, или под општи услови пропишани со колективни договори и/или во согласност со условите пропишани со закон и

б) за мобилните работници кои возат во екипаж, времето кое е поминато седејќи покрај возачот или на креветот додека возилото е во движење;

20. “Време на управување со возило“ е вкупното време на управување со возило од времето кога возачот почнува со управување на возилото по одморот или прекинот на управување со возилото до времето додека не земе одмор или прекине со управување со возилото. Периодот на управување со возило може да биде непрекинат или поделен;

21. “Самовработен возач“ е лице чија главна дејност е превоз на патници или стоки во патниот сообраќај, кој има лиценца за вршење на таа дејност, кој работи сам за себе и кој не е обврзан со договор за работа или друга форма на работен однос, кој е слободен да организира работни активности чии приходи директно зависат од извршувањето на дејноста и кој може слободно, самостојно или по пат на соработка меѓу самостојните возачи да стапува во деловни односи со повеќе деловни партнери;

22. “Недела“ е период од 00,00 часот во понеделник до 24,00 часот во недела;

23. “Неделен одмор“ е неделен непрекинат временски период во кој возачот може слободно да располага со своето време, а вклучува „редовен неделен одмор” и „скратен неделен одмор”;

24. “Редовен неделен одмор” е одмор кој трае непрекинато најмалку 45 часа;

25. “Скратен неделен одмор” е одмор кој трае непрекинато помалку од 45 часа, но не пократко од 24 часа под условите од членот 12 на овој закон;

26. “Неделно време на управување со возило” е севкупното време на управување со возило во текот на една недела;

27. “Повеќечлен екипаж” е екипаж кој се состои од најмалку двајца возачи кои управуваат со возилото. Во текот на првиот час управување со возило на повеќечлениот екипаж присуството на втор или други возачи не е задолжително, но задолжително е за преостанатиот дел од времето на управување со возилото;

28. “Возач“ е лице кое управува со возилото и/или кое се наоѓа во возилото кое е на располагање за управување со возилото и

29. “Возило” е моторно возило, влечно возило, приклучно возило или комбинација на тие возила.

## II. РАБОТНО ВРЕМЕ И ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ОДМОР НА МОБИЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

### Неделно работно време

Член 4

Просечно неделно работно време на мобилните работници не смее да биде подолго од 48 часа.

Максималното неделно работно време може да се продолжи до 60 часа, само ако просекот од 48 часа не е пречекорен во текот на четири месеца.

Ако мобилниот работник работи за различни работодавачи, неделното работно време претставува збир на работното време од сите работодавачи. Работодавачот на мобилниот работник кој работи кај повеќе работодавачи е должен по писмен пат да побара евиденција или пресметка на работното време кое мобилниот работник го извршувал за другиот работодавач.

Мобилниот работник е должен пресметката од ставот 3 на овој член да му ја достави на работодавачот кај кој е вработен во писмена форма.

### Пауза за време на работно време

Член 5

Мобилните работници во патниот сообраќај, освен во случај ако AETR не обезбедува поголема заштита, мораат најдоцна после шест часа континуирана работа да имаат пауза.

Работното време се прекинува со пауза која трае најмалку 30 минути, ако вкупниот збир на дотогаш извршените работни часови изнесува меѓу шест и девет часа, односно пауза од најмалку 45 минути ако вкупниот збир на работните часови изнесува повеќе од девет часа.

Паузите од ставот 2 на овој член може да се распоредат во неколку периоди во текот на работното време, со тоа што секоја од нив мора да трае најмалку по 15 минути.

### Приправници и лица на обука

Член 6

Ако мобилните работници се приправници или лица на обука за нив се применуваат одредбите на овој закон со кој се уредува времето за одмор, како и за другите мобилни работници.

### Ноќна работа

Член 7

Ако мобилните работници извршуваат ноќна работа, нивното вкупно дневно работно време не смее да трае повеќе од десет часа во период од 24 часа.

На мобилните работници за ноќната работа им се плаќа надомест утврден со закон, односно утврден со колективните договори, под услов таквиот надомест да не поттикнува загрозување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

### Исклучоци од неделното работно време и ноќната работа

Член 8

Од објективни или технички причини или причини поврзани со организацијата на работата, може со колективен договор да се утврдат исклучоци од одредбите на членовите 4 и 7 од овој закон, под услов на постоење на договор меѓу претставник на работодавачот и работникот на кој тие се однесуваат.

Во случај кога по исклучок од членот 4 на овој закон се утврдува подолго неделно работно време, утврдувањето на референтниот период не може да биде подолго од шест месеца, поради пресметување на максимално неделно работно време од 48 часа.

### Информирање и евиденции

Член 9

Работодавачите се должни да ги запознаат мобилните работници со одредбите од членовите 4, 5, 6 и 7 на овој закон, со други прописи кои се донесени врз основа на овој закон и колективни договори, односно со нивните општи акти и со нивната примена, а кои се однесуваат на работата или работните односи.

Работодавачите се должни да го евидентираат работното време на мобилните работници. Евиденцијата мора да се чува најмалку две години по истекот на периодот за кој се однесува. За евиденција на работното време на мобилните работници се одговорни работодавачите. Работодавачите се должни на барање на мобилниот работник да му издадат извод од евиденцијата за одработените часови.

Податоците од ставот 2 на овој член се чуваат и во случај на демонтажа на поединечен тахограф кој го следи работното време на мобилните работници.

Работодавачот е должен на барање од мобилниот работник да обезбеди копии од записите за извршените работни часови.

Начинот на пренос на податоците и начинот на водење на евиденција од тахографот ги пропишува министерот за транспорт и врски.

## III. ЕКИПАЖ, ВРЕМЕ НА УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗИЛО, ПРЕКИНИ НА УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗИЛО И ПЕРИОД ЗА ОДМОР НА ВОЗАЧОТ

**Време на управување со возило**

Член 10

Дневното време на управување со возило не смее да биде подолго од девет часа. По исклучок, дневното време на управување со возило може да биде продолжено на најмногу десет часа, но не повеќе од двапати неделно.

Неделното време на управување со возило не смее да биде подолго од 56 часа и не смее да го надмине максималното неделно работно време.

Вкупното време на управување со возило во текот на кои било две последователни недели не смее да биде подолго од 90 часа.

Дневното и неделното време на управување со возилото ги вклучува сите периоди на возење во и надвор од територијата на Република Македонија.

Возачот е должен да ги евидентира другите работни задачи во согласност со одредбите на членот 3 точка 13 од овој закон, како и времето поминато во управувањето со возилото кое се користи за јавен превоз, а врз кое не се применува овој закон.

Возачот е должен да го евидентира периодот на достапност согласно со одредбите на членот 3 точка 19 алинеја 1 потточка а) од овој закон од последниот дневен или неделен период за одмор.

Евиденцијата од ставовите 5 и 6 на овој член се води рачно на тахографските листови, исписи или со користење на опциите за рачно внесување во дигиталниот тахограф.

Кога возачот управува возило што е опремено со аналоген тахограф, по барање на органите за надзор, мора за тековниот ден и претходните 28 дена да покаже: тахографски листови, рачно извршена евиденција, исписи од тахограф и картичка на возачот доколку ја поседува.

Кога возачот управува возило што е опремено со дигитален тахограф, на барање на органите за надзор, мора да ја покаже својата возачка картичка, тахографски листови, рачно извршени записи и исписи за тековниот ден и претходните 28 дена.

**Прекин на управување со возило**

Член 11

По периодот на управување со возило од четири и пол часа, возачот е должен да го прекине управувањето со возило од најмалку 45 минути, освен ако го користи периодот за одмор.

Прекинот на управување со возило од ставот 1 на овој член може да се замени со првиот прекин на управување со возилото од најмалку 15 минути, при што следува друг прекин на управување со возило од најмалку 30 минути од кои секој е распореден во текот на период од управување со возилото од ставот 1 на овој член.

**Дневен и неделен одмор**

Член 12

Возачот мора да има дневен и неделен одмор.

Во периодот на секои 24 часа, по дневниот или неделниот одмор, возачите мора да имаат нов дневен одмор. Ако дневниот одмор во рамките од 24 часа трае најмалку девет часа, но помалку од 11 часа се смета за скратен дневен одмор.

Дневениот одмор може да се продолжи до редовен неделен одмор или скратен неделен одмор.

Возачот може да има најмногу три скратени дневни одмори меѓу кои било два неделни одмори.

По исклучок на одредбите од ставот 2 на овој член, во период од 30 часа од завршувањето на дневниот или неделниот одмор, возачот кој е дел од повеќечлен екипаж мора да користи нов дневен одмор во траење од најмалку девет часа.

Во кои било две последователни недели, возачот мора да користи најмалку:

- два редовни неделни одмори или
- еден редовен и еден скратен неделен одмор од најмалку 24 часа.

Неискористениот дел од неделниот одмор возачот е должен да го искористи најдоцна до крајот на третата недела од неделата кога го користел скратениот неделен одмор.

Неделниот одмор започнува најдоцна по истек на шест 24-часовни периоди од крајот на претходниот неделен одмор.

Секој одмор кој се користи како неискористен дел од неделниот одмор мора да се приклучи во некој друг период за одмор од најмалку девет часа.

Дневниот и скратениот неделен одмор возачите можат да го поминат во возилото надвор од седиштето на правното лице, доколку возилото е опремено со кревет.

Доколку неделниот одмор зафаќа две недели, истиот може да се засмета само на една од тие две недели.

Доколку превозот се врши исклучиво на територијата на Република Македонија, дневниот одмор трае најмалку 12 часа непрекинато.

По исклучок на одредбите од овој член, доколку возачот го придружува возилото кое се превезува со траект или воз, а користи дневен одмор, тој одмор може да се прекине најмногу два пати со други активности, со вкупно траење од најмногу еден час. За време на редовниот дневен одмор возачот мора да има пристап до креветот во возилото.

Член 13

Доаѓањето и заминувањето на возачот до и од возилото на кои се применуваат одредбите од овој закон, доколку возилото не се наоѓа во местото на живеење на возачот ниту во седиштето на работодавачот, не се брои како време на одмор или прекин на управување со возилото, освен ако возачот не е на траект или во воз и има пристап до кревет.

Секое време кое возачот го поминува управувајќи со возило на кое не се применува овој закон до или од возило на кое се применува овој закон, а кое не е во место на живеење на возачот ниту во седиштето на работодавачот, се смета како друга работа.

## IV. ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕВОЗНИКОТ

**Обврски на превозникот**

Член 14

Превозникот не смее на возачите кои ги вработува да им исплаќа никаков паричен надомест, во вид на зголемување или додаток на плата, а кои се поврзани

со поминато растојание и/или количината на превезениот товар, ако тој надомест ја загрозува безбедноста на сообраќајот на патиштата и/или доведува до повреда на одредбите од овој закон.

Превозникот е должен да ја организира работата на возачите, на начин според кој возачите ќе ги почитуваат одредбите од овој закон.

Правните лица, шпедитерите, организаторите на патувања, подизведувачите и агенциите за вработување на возачи се должни да осигураат дека договорените распореди на управување со возило ќе бидат во согласност со одредбите од овој закон.

Превозникот кој користи возило опремено со дигитален тахограф во согласност со одредбите од овој закон е должен да обезбеди дека сите податоци:

- редовно ќе ги преземе од уредот во возилото и од картичката на возачот за да се обезбеди со сите податоци кои се однесуваат на активностите на превозникот или активностите кои се извршени за тој превозник и
- преземени од уредот во возилото и картичката на возачот ќе се чуваат најмалку 12 месеца во евиденција и дека овие податоци се достапни директно или по далечински пренос од просториите на превозникот на барање на органите за надзор.

## V. ИСКЛУЧОЦИ

### Исклучоци за мобилните работници

Член 15

Со колективните договори и други договори меѓу социјалните партнери за лица кои вршат мобилни дејности во патниот сообраќај можат да се утврдат поповолни услови од оние пропишани со одредбите на овој закон, со цел да се заштити нивното здравје и безбедност, водејќи сметка за тоа да не се намали општото ниво на заштита при работа.

### Исклучоци за возачите

Член 16

Возачот може да не се придржува на правилата утврдени со одредбите од членовите 10, 11 и 12 на овој закон кога управува со возилото со кое е потребно да стигне до најблиското погодно место за застанување со цел да се осигури безбедноста на луѓето, возилото или неговиот товар, а притоа да не се загрози безбедноста во патниот сообраќајот.

Возачот е должен да ги наведе причините за ваквата постапка рачно, на образецот за евиденција на работно време или на тахографскиот лист, веднаш по доаѓањето на најблиското погодно место за застанување.

### Исклучоци за одредени видови на превоз

Член 17

Одредбите од членовите 10, 11 и 12 на овој закон, кога превозот се извршува исклучиво на територијата на Република Македонија, не се однесуваат на возила:

а) кои се користат за земјоделски или шумски активности во рамките на 50 километри од местото на товарење до местото на истовар;

б) на погон на земјен или течен природен гас или на електричен погон, чија максимална тежина, вклучувајќи ја и тежината на приклучното возило не надминува 7,5 т, а кои се користат за превоз на товар во круг до 50 километри од местото на товарење до местото на истовар;

в) кои се користат за обука на возачи и испити со цел за стекнување со возачка дозвола или сертификат за професионална обука, под услов да не се користат за комерцијален превоз на патници или стоки;

г) специјализирани за превоз на опрема за забавни паркови и циркуси;

д) посебно опремени и наменети за едукација во состојба на мирување (библиобус итн.);

ѓ) специјализирани за превоз на пари и вредности;

е) кои се користат исклучиво во кругот на превозникот, како што се железнички терминали, пристаништа, аеродроми и

ж) кои се користат за превоз на живи животни од фармите на локалните пазари и назад или од пазарот во локалната кланица на оддалеченост до 50 километри.

### Обврски на превозникот и возачот кога возилото не е опремено со тахограф

Член 18

Ако возилото не е опремено со тахограф, согласно со членот 2 став 3 од овој закон, истото може да се користат само за:

а) внатрешен линиски превоз на патници на линиите со вкупна оддалеченост до 50 километри и

б) меѓународен линиски превоз на патници чија почетна и крајна точка се наоѓа на оддалеченост до 50 километри по воздушна линија од границите меѓу двете држави, а чија оддалеченост не надминува 100 километри.

Во случај на вршење на превозот од ставот 1 на овој член, превозникот е должен да подготви возен ред и план на возење, кој за секој возач мора да содржи име, адреса и однапред утврден распоред на различни периоди на управување со возилото, други работни задачи, прекин на управување со возилото и достапност.

Возачот назначен да вози возило од ставот 1 на овој член треба да има во возилото извод од планот на возење и примерок од возниот ред од ставот 2 на овој член.

Планот на возење треба да:

а) ги содржи сите информации наведени во ставот 2 од овој член за минимален период кој ги покрива претходните 28 дена, под услов податоците редовно да се ажурираат во временски интервали што не смеат да бидат подолги од 30 дена;

б) биде потпишан од одговорното лице на превозникот и

в) се чува една година по истекот на периодот за кој се однесува. Превозникот издава извод на планот на возење по барање на возачот или по барање на органите на надзор.

## VI. ТАХОГРАФИ

### Технички карактеристики и типско одобрување на тахограф

Член 19

Тахограф кој е вграден во согласност со одредбите на овој закон, мора да има одобрение (оцена на сообразност на тип), издадено од Бирото за метрологија согласно со Законот за метрологија.

Техничките карактеристики на тахографот и начинот на употреба, вградување, поправање, проверка и контрола на тахографот ги пропишува министерот за транспорт и врски.

**Работилници**

Член 20

Инсталирање, проверка, контрола и поправка на тахографи можат да вршат правни лица (во натамошниот текст: работилници) овластени од министерот за транспорт и врски.

Работилницата при извршување на работите од ставот 1 на овој член, може да врши активирање, сервисирање, калибрирање, пломбирање на тахографи, пренесување на податоци од тахографот, одредување на невозможноста на трансфер на податоци од тахографот, отстранување и демонтирање на тахографите и за тахографите да изработуваат идентификациски ознаки.

Работите од ставот 1 на овој член работилницата може да ги извршува за аналогни и за дигитални тахографи.

Работилницата контролите од ставот 1 на овој член ги врши најмалку еднаш на две години од последната контрола.

По исклучок од ставот 4 на овој член задолжително се врши контрола доколку:

- се изврши каква било поправка на опремата на тахографот,
- настане промена на карактеристичниот коефициент на возилото,
- настане промена на ефективниот обем на пневматиците и
- часовникот на тахографот покажува време повеќе од 20 минути од универзалната временска координата.

Во овластувањето од ставот 1 на овој член се утврдува кои од работите од ставот 1 на овој член може да ги врши работилницата.

Една работилница може да врши работи од ставот 1 на овој член и за двата вида тахографи, под услов за секој вид на тахограф да има посебно овластување.

Овластувањето се издава за период од десет години со можност за продолжување.

Барањето за продолжување на овластувањето работилницата е должна да го поднесе во рок од 60 дена пред истекот на важноста на овластувањето.

Во случај на промена на сопственоста на работилницата, раководителот од членот 26 на овој закон или во случај на промена на вработените кои ги извршуваат работите во работилниците (во натамошниот текст: технички лица), работилницата е должна да го извести Министерството за транспорт и врски во рок од осум дена од денот на настанатите промени.

Член 21

Ознаките за пломбирање и пломбите работилницата ги добива од производителот или од неговиот претставник и за секоја издадена ознака и пломба работилницата води евиденција.

**Начин и услови за издавање на овластување**

Член 22

Овластувањето од членот 20 на овој закон се издава врз основа на барање на работилницата.

За добивање на овластување за извршување на работите од членот 20 став 1 на овој закон работилницата треба да ги исполнува следниве услови:

- да има решение од Централниот регистар на Република Македонија за извршување на дејноста од членот 20 став 2 на овој закон,
- да има соодветен простор на територијата на Република Македонија, опрема и најмалку три вработени технички лица,
- приодот до работилницата мора да е изведен и означен така што да се обезбеди непречен пристап до работилницата,
- да не е поведена стечајна постапка, да не е во постапка на ликвидација и да не му е изречена прекршочна мерка забрана за вршење на дејност,
- раководителот на работилницата не смее да биде лице кое било раководител на работилница на која во изминатите пет години и било одземено овластувањето,
- да има правно регулиран однос со производителот на тахографи во врска со постапките и работите кои ги извршува,
- да има простории и опрема која ќе овозможи сите записи и документацијата за сите активности поврзани со тахографите, како и податоците кои се на нив, да се забележат и чуваат на соодветен начин и да бидат достапни на органите за надзор, како и да обезбеди заштита на личните податоци согласно со Законот за заштита на лични податоци,
- на работилницата или лицето кое е правен наследник на работилницата во изминатите пет години да не му е одземено овластувањето,
- најмалку еден од вработените мора да е техничко лице кое одговара на барањата од членот 26 ставови 1 и 2 на овој закон,
- да има раководител кој ќе ги извршува задачите од членот 26 став 3 на овој закон,
- да има огласна табла на која ќе бидат сите информации во согласност со членот 26 став 6 од овој закон,
- во делот за контрола на тахографи да има важечки сертификати за калибрација на мерната опрема и
- во делот за контрола на тахографи да има важечки сертификати за акредитација издадени од Институтот за акредитација на Република Македонија.

Министерот за транспорт и врски ги пропишува формата и содржината на барањето за издавање или продолжување на овластувањето за извршување на работите од членот 20 став 1 на овој закон, како и потребната документација, просторот и опремата на работилницата.

**Одземање на овластувањето**

Член 23

Министерот за транспорт и врски со решение го одзема овластувањето на работилницата, доколку утврди дека:

- работилницата повеќе не ги исполнува условите од членот 22 на овој закон,
- работилницата или нејзините вработени не ги почитуваат одредбите од овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон,
- работилницата дала лажни изјави, податоци или документи во постапката на издавање на овластувањето, односно при контрола на условите за добивање на овластувањето,
- ако со работата на работилницата се доведува во прашање квалитетот на извршените услуги (подесување на калибрациските параметри или уреди во возилата кои би можеле да влијаат на погрешно мерење на часовите на возачите во возилата или лажна калибрација) и
- работилницата извршила прилагодувања на заштитните елементи на тахографот.

Со решението за одземање на овластувањето на работилницата и се наложува во рок од три дена од приемот на решението за одземање на овластувањето, во Министерството за транспорт и врски да ги предаде си-

те работилнички картички, средствата за пломбирање, целата документација и евиденција, кои во согласност со овој закон и врз основа на подзаконските акти е должна да ги води.

Против решението од ставот 1 на овој член незадоволната страна може да покрене управен спор пред Управниот суд на Република Македонија.

**Надзор над работилници**

Член 24

Надзор над работилниците врши Државниот инспекторатот за транспорт преку државни инспектори за патен сообраќај (во натамошниот текст: инспектори).

При вршењето на надзорот инспекторите проверуваат дали работилницата ги исполнува пропишаните услови за добивање овластување и дали нејзината работа е во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Доколку со контролата се утврди дека тахографот не работи исправно, инспекторите се должни да извршат надзор во работилницата во која е извршена последната контрола или е извршена некоја друга операција врз тахографот.

Доколку при надзорот се утврдат неправилности во работењето на работилница, а кои можат да го загрозат безбедното функционирање на тахографот, инспекторите ќе му наредат на одговорното лице во работилницата веднаш да забрани пристап на вработените до работилничките картички.

Доколку одговорното лице не постапи во согласност со одредбите на ставот 3 од овој член, министерот за транспорт и врски на предлог од Државниот инспекторат за транспорт, на работилницата ќе и го одземе овластувањето.

**Евиденција**

Член 25

Министерството за транспорт и врски води евиденција за:

- издадени овластувања на работилници, извршените промени во издадените овластувања и придружната документација,
- одземени овластувања и придружната документација,
- попис на опрема за пломбирање и попис на печати,
- податоци за вработените технички лица во работилниците кои се оспособени за работа на тахографи и кои ги исполнуваат барањата за издавање на работилничките картички,
- податоци за завршено образование, односно оспособеност на техничките лица, вклучувајќи ги и дипломата за завршено образование и други соодветни уверенија и сертификати,
- податоци за сите издадени работилнички картички на техничките лица во одделна работилница и
- податоци за работилничките картички кои се изгубени, украдени или картички кои се неисправни.

**Техничко лице, раководител и огласна табла на работилницата**

Член 26

Техничко лице може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- има најмалку средно образование од сообраќајна, електротехничка или машинска насока,
- има потврда за завршена обука за тестирање, инсталирање, контрола, калибрација на тахографи од производителите на тахографи кои имаат признаено одобрување за сообразност на тип, не постара од три години и
- не е во работен однос и не врши иста или слична работа надвор од работилницата во која е вработено.

Në nenet 12 paragrafi (7); 15 paragrafi (3); 20 paragrafi (7); 40 paragrafi (5); 79 paragrafi (4); 103 paragrafi (4); 160 paragrafi (4); 161 paragrafi (4); 165 paragrafi (3); 166 paragrafi (3); 168 paragrafi (3); 169 paragrafi (3); 172 paragrafi (3); 176 paragrafi (2); 179 paragrafi (4); 181 paragrafi (2); 184 paragrafi (3); 185 paragrafi (6); 186 paragrafi (4); 187 paragrafi (3); 197 paragrafi (3); 208 paragrafi (4); 242 paragrafi (2); 252 paragrafi (2); 253 paragrafi (3); 255 paragrafi (4); 257 paragrafi (7); 259 paragrafi (3); 300 paragrafi (6); 301 paragrafi (4); 303 paragrafi (6); 315 paragrafi (5) dhe 317 paragrafi (3), numri "480" zëvendësohet me numrin "650".

Neni 19

Në nenet 12 paragrafi (8); 15 paragrafi (4); 17 paragrafi (4); 20 paragrafi (8); 40 paragrafi (6); 79 paragrafi (5); 103 paragrafi (5); 160 paragrafi (5); 161 paragrafi (5); 165 paragrafi (4); 166 paragrafi (4); 168 paragrafi (4); 169 paragrafi (4); 172 paragrafi (4); 176 paragrafi (3); 179 paragrafi (5); 181 paragrafi (3); 184 paragrafi (4); 185 paragrafi (7); 186 paragrafi (5); 187 paragrafi (4); 197 paragrafi (4); 198 paragrafi (3); 208 paragrafi (5); 242 paragrafi (3); 252 paragrafi (3); 253 paragrafi (4); 255 paragrafi (5); 257 paragrafi (8); 259 paragrafi (4); 300 paragrafi (7); 301 paragrafi (5); 303 paragrafi (7); 315 paragrafi (6) dhe 317 paragrafi (4) numri “300” zëvendësohet me numrin “520”.

Neni 20

Dispozitat e nenit 270 paragrafi (2) të këtij ligji, që kanë të bëjnë me dhënien e pjesës teorike të provimit për shofer në mënyrë elektronike, do të zbatohen nga 1 janari 2011.

Neni 21

Pas kalimit të tre viteve nga dita e zbatimit të dispozitës së nenit 270 paragrafi (2), pjesa teorike e provimit për shofer jepet me shkrim vetëm në mënyrë elektronike.

Neni 22

Autorizohet Komisioni Juridiko-Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë, që të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për siguri në komunikacionin rrugor.

Neni 23

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**3414.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ВООРУЖУВАЊЕ И ВОЕНА ОПРЕМА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2009 година.

Бр. 07-5504/1
29 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ВООРУЖУВАЊЕ И ВОЕНА ОПРЕМА

Член 1

Во Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема (“Службен весник на Република Македонија” број 54/2002 и 84/2007), во членот 18 став 1 алинеја 2 бројот "15" се заменува со бројот "16".

Во ставот 2 зборовите: “надлежниот суд“ се заменуваат со зборовите: “Централниот регистар на Република Македонија“.

Член 2

Во членот 23 став 1 зборовите: "Министерството за економија" се заменуваат со зборот "Владата".

Ставот 2 се брише.

Ставот 3 станува став 2.

Член 3

Во членот 24 ставот 1 се менува и гласи:

“Странски правни и физички лица можат сами или со домашни правни и физички лица да бидат основачи на трговски друштва за промет на ВВО доколку за тоа даде согласност Владата.“

Ставовите 2 и 3 се бришат.

Член 4

По членот 24 се додаваат два нови члена 24-а и 24-б, кои гласат:

"Член 24-а

Барањето за добивање согласност за вршење на промет на ВВО се поднесува до Министерството за економија.

Кон барањето од ставот 1 на овој член се приложуваат докази дека се исполнети условите од членот 23 на овој закон.

Доколку трговското друштво ги исполнува условите од членот 23 на овој закон, на предлог на Министерството за економија, а по претходно добиено мислење од Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, Владата дава согласност во рок од 60 дена од поднесувањето на барањето.

Против одлуката на Владата на Република Македонија со која се одбива барањето за давање согласност, може да се поднесе тужба за покренување на управен спор.

Член 24-б

Владата може да ја одземе согласноста за промет на ВВО од членот 24-а став 3 на овој закон, ако:

- е издадена врз основа на невистинити податоци,
- трговското друштво не исполнува повеќе услови за работење и
- трговското друштво врши работи кои не се наведени во согласноста.

Министерството за економија го известува Централниот регистар на Република Македонија за одземената согласност и ќе побара бришење на дејноста на промет на ВВО во трговскиот регистар на трговското друштво.“

Член 5

Во членот 29 зборовите: "Министерството за економија" се заменуваат со зборот "Владата".

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PRODHIMIN DHE QARKULLIMIN E ARMATIMIT DHE PAJISJES USHTARAKE**

Neni 1

Në Ligjin për prodhimin dhe qarkullimin e armatimit dhe pajisjes ushtarake (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 54/2002 dhe 84/2007) në nenin 18 paragrafi 1 alineja 2, numri "15” zëvendësohet me numrin “16”.

Në paragrafin 2 fjalët: “gjykatën kompetente” zëvendësohen me fjalët: “Regjistrin Qendror të Republikës së Maqedonisë”.

Neni 2

Në nenin 23 paragrafi 1 fjalët: “Ministria e Ekonomisë” zëvendësohen me fjalën “Qeveria”

Paragrafi 2 shlyhet.

Paragrafi 3 bëhet paragraf 2.

Neni 3

Në nenin 24 paragrafi 1, ndryshon si vijon:

“Personat e huaj juridikë dhe fizikë vetë ose personat juridikë dhe fizikë të vendit mund të jenë themelues të shoqërisë tregtare për qarkullim në APU nëse për këtë jep pëlqim Qeveria”.

Paragrafët 2 dhe 3 shlyhen.

Neni 4

Në nenin 24 shtohen dy nene të reja 24-a dhe 24-b, si vijojnë:

“Neni 24-a

Kërkesa për marrjen e pëlqimit për kryerjen e qarkullimit të APU i dërgohet Ministrisë së Ekonomisë.

Me kërkesën nga paragrafi 1 i këtij neni bashkëngjiten dëshmi se janë plotësuar kushtet nga neni 23 i këtij ligji.

Nëse shoqëria tregtare i plotëson kushtet nga neni 23 i këtij ligji, me propozimin e Ministrisë së Ekonomisë, e me marrjen e mendimit paraprak nga Ministria e Mbrojtjes dhe Ministria e Punëve të Brendshme, Qeveria jep pajtim në afat prej 60 ditësh nga parashtrimi i kërkesës.

Kundër vendimit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë me të cilin refuzohet kërkesa për dhënien e pajtimit, mund të paraqitet padi për ngritjen e kontestit administrativ.

Neni 24-b

Qeveria mund ta heqë pajtimin për qarkullim të APU nga neni 24-a paragrafi 3 i këtij ligji, nëse:

- është dhënë në bazë të të dhënave joreale,
- shoqëria tregtare nuk i plotëson më tutje kushtet e punës dhe
- shoqëria tregtare kryen punë të cilat nuk janë të theksuara në pajtueshmëri.

Ministria e Ekonomisë e njofton Regjistrin Qendror të Republikës së Maqedonisë për heqjen e pëlqimit dhe do të kërkojë shlyerjen e veprimtarisë së qarkullimit të APU në regjistrin tregtar të shoqërisë tregtare.”

Neni 5

Në nenin 29 fjalët: “Ministria e Ekonomisë” zëvendësohet me fjalën “Qeveria”.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**3415.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за водите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2009 година.

Бр. 07-5508/1
29 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ**

Член 1

Во Законот за водите (“Службен весник на Република Македонија” број 87/2008 и 6/2009) во членот 265 зборовите: „1 јануари 2010 година” се заменуваат со зборовите: „1 јануари 2014 година”.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR UJËRAT**

Neni 1

Në Ligjin për ujërat („Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ numër 87/2008 dhe 6/2009) në nenin 265 fjalët: „1 janari 2010“ zëvendësohet me fjalët: „1 janari 2014“.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë, nga dita e botimit në „Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë“.

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**3416.**

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/2006, 36/2007 и 106/2008), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.12.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИОТ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА**

1. Се донесува Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2010 година.

2. Составен дел на оваа одлука е Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2010 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6607/1
29 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

# ЕНЕРГЕТСКИ БИЛАНС

# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

## 1. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ЕНЕРГЕТСКИОТ БИЛАНС

Енергетскиот биланс на Република Македонија се изработува согласно член 16 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија број 63/2006, 36/2007 и 106/2008) и во истиот се утврдуваат потребите од вкупните количества на енергија и од одделни видови енергија во Републиката и можностите за нивно обезбедување со производство од домашните капацитети и од увоз.

Со Енергетскиот биланс се согледуваат потребите на потрошувачите од енергија со цел за обезбедување на доволни количини на сите видови на енергија, како и обезбедување на сигурност во снабдувањето на потрошувачите со енергија.

Енергетскиот биланс за 2010 година е изработен врз основа на податоците за предвидените потреби за поедини видови енергија или енергенти од страна на поголемите потрошувачи, производителите и снабдувачите во Републиката, како и извршените усогласувања и анализи направени од Министерството за економија.

За секој енергент или енергија е подготвен одделен биланс за задоволување на предвидената потрошувачка. Врз основа на податоците од одделните биланси е пресметана финалната потрошувачка, како и потребите од примарна енергија за обезбедување на финалната потрошувачка.

Финалната потрошувачка на енергија ги вклучува потребните количини енергија за крајните потрошувачи, не сметајќи ги количините на горива (лигнит, мазут и природен гас) што се користат за производство на електрична енергија. Соодветно, во примарната енергија потребна за покривање на финалната потрошувачка не е вклучена електричната енергија произведена во термоелектраните на јаглен, мазут и природен гас.

Во рамките на Билансот количините на енергијата или енергентите се искажани во нивните природни (физички) единици, и тоа: цврстите и течните горива во тони (t), природниот гас во нормални кубни метри ($Nm^3$), електричната енергија во гигаватчасови (GWh), геотермалната енергија во тераџули (TJ) и огревното дрво во метри кубни ($m^3$). Со цел да се пресметаат вкупните планирани потреби од примарна енергија и вкупната планирана финална потрошувачка, количините на одделните енергенти се претворени во TJ, според конверзионите фактори наведени во текстот. Сите податоци (во физички единици и TJ) при претставувањето во табелите, сликите и текстот се заокружени на цели броеви, но во пресметките се земени предвид според точноста со која биле доставени.

Во табелите се прикажани планираните потреби од енергија и енергенти за 2010 година, реализираната потрошувачка во 2008 и 2009 година. За 2009 година реализираната потрошувачка е пресметана врз основа на остварувањата во првите десет месеци од годината и оценката за реализацијата во ноември и декември 2009 година. Во сите табели се прикажани и индекси на планираните потреби во 2010 година во однос на реализираната потрошувачка во 2008 и 2009 година, како и годишната стапка на пораст за 2009 во однос на 2008 година.

Во Билансот исто така е дадена и оценка за потребните девизни средства за реализација на увозот на енергија или енергенти.

На крајот, во Прилозите се дадени и податоци за распределба на можности при набавка на електрична енергија за загубите во дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија, АД, планираните дотоци и состојбата на акумулациите во Република Македонија во 2010 година, планирани застои на големите хидроелектрани и термоелектрани во 2010 година, планираната и остварената потрошувачка на мазут за производство на електрична енергија во 2010, 2009 и 2008 година, соодветно.

## 2. ФИНАЛНА ПОТРОШУВАЧКА НА ЕНЕРГИЈА И ПОТРЕБИ ОД ПРИМАРНА ЕНЕРГИЈА

### 2.1. Финална потрошувачка на енергија

Врз основа на билансите за одделните видови енергија или енергенти, во табелата 1 е прикажана предвидената финална потрошувачка за 2010 година, како и остварената финална потрошувачка во 2009 и 2008 година.

На сликите 1, 2 и 3 графички се прикажани податоците за финалната потрошувачка за 2010, 2009 и 2008 година, структурата на финалната потрошувачка за 2010 година и структурата на финалната потрошувачка за 2010, 2009 и 2008 година, соодветно.

**Табела 1 Предвидена и остварена финална поторшувачка на енергија за 2010, 2009 и 2008 година**

| Вид на енергија | 2010 | | 2009 | | 2008 | | 2010/09 | 2009/08 | 2010/08 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички единици | TJ | Физички единици | TJ | Физички единици | TJ | | | |
| **1. Електрична енергија (GWh)** | **8.567** | **30.842** | **7.797** | **28.070** | **8.581** | **30.892** | **110** | **91** | **100** |
| Домашно производство | 7.172 | 25.819 | 6.162 | 22.183 | 5.834 | 21.002 | 116 | 106 | 123 |
| Нето увоз | 1.395 | 5.023 | 1.635 | 5.887 | 2.747 | 9.891 | 85 | 60 | 51 |
| **2. Јаглен ($10^3$ t)** | **255** | **1.952** | **173** | **1.325** | **343** | **2.622** | **147** | **51** | **74** |
| Домашно производство и нето увоз | 8.005 | 61.240 | 7.383 | 56.482 | 7.743 | 59.232 | 108 | 95 | 103 |
| Производство на ел. енергија | 7.750 | 59.288 | 7.210 | 55.157 | 7.400 | 56.610 | 107 | 97 | 105 |
| **3. Кокс ($10^3$ t)** | **66** | **1.812** | **52** | **1.431** | **96** | **2.658** | **127** | **54** | **68** |
| **4. Нафтени деривати ($10^3$ t)** | **852** | **37.452** | **760** | **33.397** | **694** | **30.519** | **112** | **109** | **123** |
| Нето увоз | 864 | 38.000 | 822 | 36.156 | 740 | 32.513 | 105 | 111 | 117 |
| Производство на ел. енергија | 12 | 548 | 63 | 2.760 | 45 | 1.994 | 20 | 138 | 28 |
| **5. Природен гас ($10^6$ $Nm^3$)** | **115** | **877** | **80** | **611** | **120** | **915** | **144** | **67** | **96** |
| Увоз | 302 | 2.312 | 82 | 628 | 120 | 915 | 368 | 69 | 253 |
| Производство на ел. енергија | 188 | 1.434 | 2 | 17 | 0 | 0 | 8523 | - | - |
| **6. Огревно дрво ($10^3$ $m^3$)** | **629** | **6.850** | **483** | **5.260** | **650** | **7.079** | 130 | 74 | 97 |
| **7. Геотермална енергија ($10^3$ $m^3$)** | **2.090** | **492** | **2.011** | **473** | **2.226** | **524** | 104 | 90 | 94 |
| | | | | | | | | | |
| **Вкупна финална потрошувачка** | | **80.277** | | **70.567** | | **75.208** | **114** | **94** | **107** |




**Слика 1 Финална потрошувачка на енергија за 2010, 2009 и 2008 година**

Од податоците од табелата 1 се гледа дека планираната вкупна финална потрошувачка во 2010 година (80.277 TJ) е поголема за 9.710 TJ во однос на 2009 година, односно поголема за 14% и 7% во однос на 2009 и 2008 година, соодветно.

Релативно високиот пораст на планираната финална потрошувачка за 2010 година е резултат на ниската финална потрошувачка во 2009 година (пониска од соодветната во 2008 година за 6%) како резултат на негативното влијание на глобалната економска состојба, што најмногу се одрази кај металопреработувачката индустрија, поради што кај овие потрошувачи имаше значително намалување на потрошувачката во 2009 година.

Од податоците прикажани на сликата 4 се забележува дека најизразено влијание врз зголемувањето на финалната потрошувачка (9.710 TJ во однос на 2009 година) имаат планирањата за зголемување на потрошувачката на нафтените деривати (42%), електричната енергија (29%) и огревното дрво (16%).




**Слика 2 Структура на финалната потрошувачка на енергија во 2010 година**




**Слика 3 Структура на финалната потрошувачка на енергија во 2010, 2009 и 2008 година**




**Слика 4 Процентуално влијание на порастот на потрошувачката на одделните видови енергија врз порастот на финалната потрошувачка на енергија во 2010 година во однос на 2009 година**

## 2.2. Потреби од примарна енергија

Предвидената финалната потрошувачка во 2010 година ќе се обезбеди со примарна енергија од домашно производство и од увоз. Во табелата 2 се прикажани потребните количини од примарна енергија за задоволување на предвидената финална потрошувачка во 2010 година, како и реализираните количини во 2009 и 2008 година.

**Табела 2 Потреби од примарна енергија во 2010, 2009 и 2008 година**

| Вид на енергија | 2010 | | 2009 | | 2008 | | 2010/09 | 2009/08 | 2010/08 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички единици | TJ | Физички единици | TJ | Физички единици | TJ | | | |
| 1. Електрична енергија (GWh) | 2.669 | 9.609 | 2.834 | 10.201 | 3.583 | 12.899 | 94 | 79 | 74 |
| Хидроелектрани | 1.274 | 4.586 | 1.198 | 4.314 | 836 | 3.008 | 106 | 143 | 152 |
| Нето увоз | 1.395 | 5.023 | 1.635 | 5.887 | 2.747 | 9.891 | 85 | 60 | 51 |
| 2. Јаглен ($10^3$ t) | 8.005 | 61.240 | 7.383 | 56.482 | 7.743 | 59.232 | 108 | 95 | 103 |
| Домашни извори | 7.827 | 59.876 | 7.258 | 55.524 | 7.491 | 57.305 | 108 | 97 | 104 |
| Нето увоз | 178 | 1.364 | 125 | 957 | 252 | 1.927 | 142 | 50 | 71 |
| 3. Кокс ($10^3$ t) | 66 | 1.812 | 52 | 1.431 | 96 | 2.658 | 127 | 54 | 68 |
| 4. Нафтени деривати ($10^3$ t) | 864 | 38.000 | 822 | 36.156 | 740 | 32.513 | 105 | 111 | 117 |
| Увоз* | 1.108 | 48.691 | 1.015 | 44.616 | 1.016 | 44.682 | 109 | 100 | 109 |
| Извоз | 243 | 10.691 | 192 | 8.459 | 277 | 12.168 | 126 | 70 | 88 |
| 5. Природен гас ($10^6$ $Nm^3$) | 302 | 10.121 | 82 | 2.750 | 120 | 4.004 | 368 | 69 | 253 |
| 6. Огревно дрво ($10^3$ $m^3$) | 629 | 6.850 | 483 | 5.260 | 650 | 7.079 | 130 | 74 | 97 |
| 7. Геотермална енергија ($10^3$ | 2.090 | 492 | 2.011 | 473 | 2.226 | 524 | 104 | 90 | 94 |
| | | | | | | | | | |
| Вкупно примарна енергија | | 128.124 | | 112.752 | | 118.908 | 114 | 95 | 108 |
| Домашни извори | 56% | 71.804 | 58% | 65.571 | 57% | 67.916 | 110 | 97 | 106 |
| Нето увоз | 44% | 56.319 | 42% | 47.181 | 43% | 50.993 | 119 | 93 | 110 |

* Увоз на деривати и производство на деривати од увозна нафта

| | |
|---|---|
| Електрична енергија | 3,600 TJ/GWh |
| Јаглен | 7,650 TJ/$10^3$ t |
| Кокс | 27,600 TJ/$10^3$ t |
| Нафтени деривати | 43,961 TJ/$10^3$ t |
| Природен гас | 33,495 TJ/$10^6$$Nm^3$ |
| Огревно дрво | 10,890 TJ/$10^3$$m^3$ |

На дијаграмите на сликите 5, 6 и 7 графички се прикажани количините на примарна енергија во 2010, 2009 и 2008 година, структурата на примарната енергија во 2010 година по одделни видови енергија, како и структурата на примарната енергија во 2010, 2009 и 2008 годиина.

Од табелата 2 се гледа дека планираната вкупна количина примарна енергија за 2010 година изнесува 128.124 TJ и истата е за 14% и 8% повисока од примарната енергија за 2009 и 2008 година, соодветно. Релативно високиот процент на порастот на потребите од примарна енергија во 2010 година (слично како и за финалната потрошувачка) се должи на малите потреби во 2009 година (пониски од соодветните во 2008 година за 5%), но и на зголемените потреби од природен гас (пораст во однос на 2009 година од 268%), во најголема мерка наменет за комбинираните термоелектрани и топлани (ТЕТО Исток и ТЕТО КОГЕЛ) што треба да влезат во редовно производство во 2010 година. На сметка на зголемените потреби од природен гас за производство на електрична енергија и покрај зголеменото производство во домашните хидроелектрани (6% во однос на 2009 година), учеството на електричната енергија во структурата на примарната енергија се предвидува да се намали од 10,8% и 9,0% во 2008 и 2009 година, на 7,5% во 2010 година.

Покрај зголемените потреби од природен гас, врз зголемувањето на потребите од примарна енергија имаат влијание и планирањата за зголемување на потрошувачката (во однос на 2009 година) на јагленот (8%), нафтените деривати (5%) и огревното дрво (30%).




**Слика 5 Потреби од примарна енергија за 2010, 2009 и 2008 година**

Од сликите 6 и 7 се гледа дека најголемо учество во структурата на примарната енергија имаат јагленот и нафтените деривати (47,8% и 29,7%, соодветно), а се забележува и значителен пораст на учеството на природниот гас од 3,4% во 2008 година на 7,9% во 2010 година.

Од податоците прикажани во табелата 2 и дијаграмот на сликата 8 се гледа дека проценката на учеството на домашните извори во задоволувањето на потребите од примарна енергија во 2010 ќе биде 56% и е незначително помало отколку учеството во 2009 година (58%). Врз зголемување на увозот (во однос на 2009 година) најголемо влијание има зголемувањето на увозот на природниот гас (268%) и нафтените деривати (5%).




**Слика 6 Структура на потребната примарна енергија за 2010 година**




**Слика 7 Структура на примарната енергија за 2010, 2009 и 2008 година**




**Слика 8 Проценка за обезбедувањето на примарната енергија во 2010 и остварувања во 2009 и 2008 година**

## 3. БИЛАНС ЗА ОДДЕЛНИ ВИДОВИ ЕНЕРГИЈА

### 3.1. Електрична енергија

Во табелата 3 е прикажана планираната потрошувачка на електрична енергија за 2010 година, како и остварената потрошувачка во 2009 и 2008 година. Вкупните потреби од електрична енергија на потрошувачите во Републиката за 2010 година изнесуваат 8.567 GWh и се за 10% повисоки од вкупните потреби во 2009 година и се на скоро исто ниво како и во 2008 година. Високиот процент на пораст на предвидената потрошувачка во 2010 година во однос на 2009 година се должи на зголемените проценки за потрошувачката на големите (квалификувани) потрошувачи приклучени на преносната мрежа (1.697 GWh, односно зголемување за 63% во однос на 2009 година), и тоа во најголема мерка поради планот за рестартирање на Скопски легури и зголемената потрошувачка во Силмак и Фени Индустри. Но, поради драстичниот пад на потрошувачката кај квалификуваните потрошувачи во 2009 година, планирањата за 2010 година се помали од остварената потрошувачка во 2008 година за 10%.

Планираната потрошувачка на тарифните потрошувачи изнесува 5.554 GWh и истата бележи пораст од 2% и 6% во однос на остварувањата во 2009 и 2008 година, соодветно.

Вкупните загуби во преносната и дистрибутивните мрежи (1.316 GWh) се очекува незначително да се зголемат во однос на 2009 година (1%), додека во однос на 2008 година вкупните загуби се предвидува да бидат пониски за 9%. Овој тренд се должи, пред сѐ, на намалувањето на вкупните загуби во дистрибутивните мрежи[1]. Планираното зголемување на загубите во преносната мрежа во 2010 во однос на 2009 и 2008 година е резултат на зголемувањата на финалната потрошувачка од електрична енергија и очекуваните транзити низ преносната мрежа на Република Македонија.

На сликата 9 е прикажано учеството на одделните категории потрошувачи (вклучувајќи ги и загубите) во потрошувачката на електрична енергија за 2010, 2009 и 2008 година. Најголемо учество во вкупната потрошувачка на електрична енергија имаат тарифните потрошувачи приклучени на дистрибутивните мрежи и кај овие потрошувачи се забележува тренд на постојан пораст (слика 10).




**Слика 9** Учество на одделните категории потрошувачи во вкупната потрошувачка на електрична енергија

---

[1] Процентот на вкупните загуби во дистрибутивните мрежи на сликата 9 е изразен во однос на вкупната потрошувачка на електрична енергија и поради тоа е понизок отколку кога би се пресметал во однос на вкупната електрична енергија што се пренесува преку дистрибутивните мрежи!




**Слика 10 Вкупната потрошувачка на електрична енергија по категории потрошувачи во 2010, 2009 и 2008 година**

Деталните потреби од електрична енергија за тарифните потрошувачи се прикажани во табелата 4, а на сликата 11 е прикажано учеството на одделните потрошувачки категории во вкупната потрошувачка на електрична енергија за тарифните потрошувачи за 2010, 2009 и 2008 година. Од податоците прикажани во табелата 4 и на сликата 11 се гледа дека домаќинствата имаат најголемо учество (околу 60%), додека индустриските потрошувачи приклучени на среден напон (10, 20 и 35 kV) и останатите потрошувачи приклучени на низок напон имаат приближно учество од по околу 18%.




**Слика 11 Учество на одделните категории потрошувачи во вкупната потрошувачка за тарифни потрошувачи во 2010, 2009 и 2008 година**

Табела 3 Планирани вкупни потреби од електрична енергија во 2010 година и остварена вкупна потрошувачка во 2009 и 2008 година

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | 2010 | 2009 | 2008 | 2010/09 | 2009/08 | 2010/08 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I. Директни потрошувачи** | **98** | **121** | **131** | **149** | **145** | **159** | **162** | **160** | **160** | **182** | **177** | **181** | **1.825** | **1.171** | **2.023** | **156** | **58** | **90** |
| **Квалификувани** | **87** | **110** | **120** | **138** | **134** | **149** | **152** | **149** | **149** | **172** | **168** | **169** | **1.697** | **1.043** | **1.886** | 163 | 55 | 90 |
| Фени индустри | 48 | 47 | 48 | 49 | 49 | 49 | 49 | 49 | 49 | 70 | 70 | 70 | 647 | 507 | 718 | 128 | 71 | 90 |
| Силмак | 0 | 27 | 30 | 28 | 29 | 28 | 29 | 29 | 28 | 30 | 28 | 29 | 315 | 87 | 390 | 363 | 22 | 81 |
| Скопски легури | 1 | 1 | 1 | 20 | 20 | 31 | 32 | 32 | 31 | 32 | 31 | 31 | 263 | 5 | 283 | 4908 | 2 | 93 |
| Макстил | 17 | 15 | 17 | 17 | 16 | 17 | 18 | 15 | 17 | 16 | 17 | 17 | 199 | 185 | 169 | 108 | 110 | 118 |
| Митал | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 33 | 37 | 66 | 90 | 56 | 50 |
| Титан | 5 | 5 | 6 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 5 | 5 | 75 | 81 | 106 | 93 | 76 | 70 |
| Рафинерија | 6 | 5 | 6 | 6 | 2 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 67 | 58 | 58 | 115 | 101 | 116 |
| Бучим | 8 | 8 | 9 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 9 | 98 | 85 | 97 | 116 | 87 | 101 |
| Инвестас | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | |
| **Тарифни потрошувачи** | **11** | **11** | **11** | **11** | **11** | **10** | **10** | **11** | **11** | **10** | **9** | **12** | **128** | **128** | **137** | **100** | **93** | **94** |
| Рудник Суводол | 7 | 7 | 8 | 8 | 7 | 8 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 8 | 88 | 86 | 93 | 102 | 93 | 95 |
| Рудник Осломеј | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 19 | 21 | 19 | 90 | 113 | 102 |
| Македонски железници | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 21 | 20 | 25 | 104 | 80 | 84 |
| **II. Дистрибутивни (тарифни) потрошувачи** | **575** | **512** | **506** | **395** | **363** | **375** | **393** | **392** | **397** | **432** | **509** | **577** | **5.426** | **5.318** | **5.105** | **102** | **104** | **106** |
| Потрошувачи на 10, 20 и 35 kV | 87 | 81 | 83 | 72 | 70 | 73 | 68 | 73 | 73 | 78 | 80 | 88 | 926 | 906 | 946 | 102 | 96 | 98 |
| Домаќинства | 376 | 329 | 320 | 237 | 213 | 219 | 235 | 231 | 234 | 256 | 325 | 372 | 3.347 | 3.300 | 3.134 | 101 | 105 | 107 |
| Останати потрошувачи на 0,4 kV | 101 | 92 | 93 | 78 | 73 | 76 | 82 | 80 | 81 | 88 | 93 | 106 | 1.043 | 1.006 | 921 | 104 | 109 | 113 |
| Улично осветление | 11 | 10 | 10 | 8 | 7 | 7 | 8 | 8 | 9 | 10 | 11 | 11 | 110 | 106 | 105 | 104 | 101 | 105 |
| **III. Загуби во мрежата** | **196** | **147** | **154** | **85** | **71** | **61** | **63** | **63** | **64** | **84** | **128** | **200** | **1.316** | **1.308** | **1.453** | **101** | **90** | **91** |
| Дистрибутивни мрежи | 174 | 128 | 134 | 70 | 57 | 46 | 48 | 48 | 48 | 67 | 108 | 177 | 1.105 | 1.127 | 1.269 | 98 | 89 | 87 |
| Преносна мрежа | 22 | 19 | 20 | 15 | 14 | 15 | 15 | 15 | 16 | 17 | 20 | 23 | 211 | 181 | 184 | 116 | 99 | 115 |
| **IV Вкупни потреби (I+II+III)** | **869** | **780** | **791** | **629** | **579** | **595** | **618** | **615** | **621** | **698** | **814** | **958** | **8.567** | **7.797** | **8.581** | **110** | **91** | **100** |

**Табела 4 Планирани потреби од електрична енергија во 2010 година и остварена потрошувачка во 2009 и 2008 година за тарифните потрошувачи**

во GWh

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | 2010 | 2009 | 2008 | 2010/09 | 2009/08 | 2010/08 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I ЕВН Македонија** | **568** | **507** | **499** | **390** | **358** | **370** | **388** | **387** | **392** | **425** | **504** | **570** | **5.358** | **5.268** | **5.035** | **102** | **105** | **106** |
| Потрошувачи на 10, 20 и 35 kV | 81 | 76 | 77 | 67 | 65 | 68 | 63 | 68 | 68 | 72 | 75 | 82 | 862 | 859 | 878 | 100 | 98 | 98 |
| Домаќинства | 376 | 329 | 320 | 237 | 213 | 219 | 235 | 231 | 234 | 256 | 325 | 372 | 3.347 | 3.300 | 3.134 | 101 | 105 | 107 |
| Останати потрошувачи на 0,4 kV | 100 | 92 | 92 | 78 | 73 | 76 | 82 | 80 | 81 | 87 | 93 | 105 | 1.039 | 1.003 | 919 | 104 | 109 | 113 |
| Улично осветление | 11 | 10 | 10 | 8 | 7 | 7 | 8 | 8 | 9 | 10 | 11 | 11 | 110 | 106 | 105 | 104 | 101 | 105 |
| **II ЕЛЕМ** | **7** | **5** | **7** | **5** | **5** | **5** | **5** | **5** | **5** | **7** | **5** | **7** | **68** | **49** | **70** | **138** | **71** | **97** |
| Потрошувачи на 10, 20 и 35 kV | 6 | 5 | 6 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 6 | 5 | 6 | 64 | 47 | 69 | 137 | 68 | **93** |
| Останати потрошувачи на 0,4 kV | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 4 | 3 | 1 | 148 | 193 | **286** |
| Улично осветление | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | |
| **III Останати тарифни потрошувачи** | **11** | **11** | **11** | **11** | **11** | **10** | **10** | **11** | **11** | **10** | **9** | **12** | **128** | **128** | **137** | **100** | **93** | **94** |
| Рудник Суводол | 7 | 7 | 8 | 8 | 7 | 8 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 8 | 88 | 86 | 93 | 102 | 93 | 95 |
| Рудник Осломеј | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 19 | 21 | 19 | 90 | 113 | 102 |
| Македонски железници | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 21 | 20 | 25 | 104 | 80 | 84 |
| **IV Вкупно тарифни потрошувачи** | **586** | **523** | **517** | **406** | **374** | **385** | **403** | **403** | **408** | **442** | **518** | **589** | **5.554** | **5.445** | **5.242** | **102** | **104** | **106** |

Прогнозираните потреби од електрична енергија за 2010 година ќе се обезбедат од домашно производство и од увоз. Во 2010 година се предвидува да влезат во погон две комбинирани термоелектрани и топлани на природен гас со вкупно производство во 2010 година од 1.027 GWh. Како резултат на тоа, производството на електрична енергија од домашните извори се предвидува да изнесува 7.172 GWh и истото ќе биде за 16% и 23% поголемо отколку соодветното производство во 2009 и 2008 година (табела 5). Покрај влегувањето во погон на новите електроцентрали, врз предвиденото производство на електрична енергија од домашни извори во 2010 година има влијание и зголеменото производство од постојните електроцентрали.

При проценката на производството во електроцентралите, ЕЛЕМ ги зел предвид и застоите, како за редовните ремонти, така и за ревитализацијата и модернизацијата на постојните ХЕЦ и ТЕЦ (Прилог 3). Но, и покрај тоа, очекуваното производство од електроцентралите на ЕЛЕМ ќе биде повисоко за 3% .и 7% во однос на соодветното производство во 2009, односно 2008 година.

Со оглед на тоа што вкупните потреби од електрична енергија во 2010 година се проценува дека ќе бидат повисоки отколку производството од домашните електроцентрали, недостатокот ќе се обезбеди од увоз. Нето увозот[2] на електрична енергија во 2010 година се проценува на 1.395 GWh и истиот ќе биде понизок отколку во 2009 и 2008 година за 15% и 49%, соодветно.

Во 2010 година се очекува да влезат во погон неколку помали повластени производители (мали ХЕЦ и фотонапонски електроцентрали), но нивното учество е незначително и се проценува на околу 0.015 GWh и истото ќе биде наменето за потребите на тарифните потрошувачи.

Според Законот за енергетика, потребите за тарифните потрошувачи и загубите во пренос и дистрибуција на електричната енергија одобрени од Регулаторната комисија за енергетика ги обезбедува регулираниот производител (ЕЛЕМ), доколку снабдувачите за тарифни потрошувачи не одлучат да обезбедат количини на електрична енергија од отворениот пазар по поволни цени и услови. Со оглед на тоа што снабдувачите за тарифни потрошувачи (ЕВН Македонија и ЕЛЕМ Снабдување) не пријавиле набавка на електрична енергија од отворениот пазар за претходно наведените потреби, регулираниот производител треба да ги обезбеди потребите за електрична енергија за тарифните потрошувачи и дозволените загуби од сопственото производство и набавки од отворениот пазар.

Во табелата 6 е прикажан начинот на обезбедување на потребите за тарифните потрошувачи и загубите. Вкупните потреби за тарифните потрошувачи и загубите во преносната и дистрибутивните мрежи одобрени од Регулаторната комисија за енергетика се проценуваат на 6.434 GWh.

Регулираниот производител од сопствените капацитети во 2010 предвидува да произведе 6.018 GWh (табела 5). Во месеците кога производството на регулираниот производител е поголемо од потребите на тарифните потрошувачи и одобрените загуби, вишоците ќе бидат пласирани на отворениот пазар и поради тоа само 5.995 GWh (табела 6) од сопственото призводство на ЕЛЕМ ќе бидат наменети за тарифните потрошувачи и покривање на одобрените загуби. Од друга страна, во месеците кога сопственото производството на ЕЛЕМ не е доволно за обезбедување на потребите на тарифните потрошувачи и загубите, ЕЛЕМ од отворениот пазар (домашни независни производители или од увоз) треба да набави вкупно 439 GWh.

---

[2] При пресметката на нето увозот е претпоставено дека електричната енергија од независните производители ќе биде пласирана на домашниот пазар. Доколку независните производители пласираат електрична енергија надвор од земјата, за тие количини ќе треба да се зголеми увозот, но нето увозените количини на електрична енергија во Државата ќе останат непроменети.

Вкупните загуби на електрична енергија во мрежата на ЕВН Македонија се повисоки од одобрените загуби од Регулаторната комисија и поради тоа ЕВН Македонија Дистрибуција треба да набави 436 GWh од отворениот пазар за покривање на разликата помеѓу вкупните и одобрените загуби.[3] Се планира овие набавки да бидат реализирани со различни моќности во дневните и ноќните часови, според податоците наведени во Прилогот 1.

Загубите на електрична енергија во мрежата на ЕЛЕМ Дистрибуција (Енергетика) во 2010 година се значително повисоки, т.е. за 150% во однос на 2009 година. Ова зголемување се должи на фактот што планираната потрошувачка за 2010 година кај потрошувачите што се напојуваат преку оваа мрежа (покрај тарифните потрошувачи и дел од квалификуваните потрошувачи – Скопски легури, Макстил и Скопски легури) е поголема за 38%, односно 118%.

[3] Поради измените во Законот за енергетика од 2008 година во делот на пресметката на одобрените загуби, како и во делот на обезбедување на потребите за тарифните потрошувачи и загубите, во табелата 6 за 2008 година не се прикажани податоците за загубите во дистрибутивните мрежи и подотоците за регулираниот производител затоа што тие податоци се некомпатибилни и неспоредливи со податоците за 2009 и 2010 година.

Табела 5 Обезбедување на вкупните потреби од електрична енергија во 2010 година и остварени резултати во 2009 и 2008 година

GWh

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | 2010 | 2009 | 2008 | 2010/09 | 2009/08 | 2010/08 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I Вкупно големи електрани | 646 | 590 | 595 | 461 | 440 | 365 | 517 | 553 | 633 | 698 | 760 | 787 | 7.045 | 6.015 | 5.736 | 117 | 105 | 123 |
| 1. Вкупно ХЕ | 133 | 128 | 100 | 127 | 107 | 91 | 79 | 56 | 46 | 53 | 111 | 116 | 1.147 | 1.051 | 738 | 109 | 142 | 155 |
| Вкупно Маврово | 62 | 62 | 32 | 32 | 29 | 34 | 32 | 16 | 0 | 2 | 52 | 51 | 404 | 340 | 314 | 119 | 109 | 129 |
| Вруток | 54 | 54 | 27 | 22 | 18 | 27 | 27 | 13 | 0 | 0 | 45 | 45 | 332 | 269 | 250 | 123 | 108 | 133 |
| Врбен | 6 | 6 | 3 | 3 | 2 | 3 | 3 | 2 | 0 | 0 | 5 | 5 | 38 | 30 | 29 | 128 | 103 | 131 |
| Равен | 2 | 2 | 2 | 7 | 9 | 4 | 2 | 1 | 0 | 2 | 2 | 1 | 34 | 41 | 35 | 82 | 120 | 99 |
| Тиквеш | 12 | 15 | 17 | 19 | 14 | 7 | 6 | 3 | 7 | 8 | 10 | 11 | 129 | 127 | 55 | 102 | 230 | 234 |
| Глобочица | 18 | 16 | 19 | 19 | 19 | 16 | 13 | 13 | 10 | 11 | 11 | 15 | 180 | 175 | 120 | 103 | 146 | 150 |
| Шпилје | 26 | 20 | 15 | 37 | 32 | 26 | 23 | 20 | 19 | 22 | 23 | 23 | 286 | 273 | 182 | 105 | 150 | 157 |
| Козјак | 15 | 15 | 17 | 20 | 13 | 8 | 5 | 4 | 10 | 10 | 15 | 16 | 148 | 136 | 67 | 109 | 202 | 220 |
| 2. Вкупно ТЕ | 513 | 462 | 495 | 334 | 333 | 274 | 438 | 497 | 587 | 645 | 649 | 671 | 5.898 | 4.964 | 4.998 | 119 | 99 | 118 |
| ТЕ Битола 1 | 146 | 132 | 142 | 136 | 94 | 0 | 90 | 136 | 136 | 140 | 141 | 145 | 1.438 | 1.430 | 1.357 | 101 | 105 | 106 |
| ТЕ Битола 2 | 146 | 132 | 142 | 0 | 45 | 134 | 138 | 138 | 136 | 140 | 141 | 146 | 1.438 | 1.368 | 1.530 | 105 | 89 | 94 |
| ТЕ Битола 3 | 146 | 132 | 142 | 136 | 136 | 134 | 46 | 0 | 93 | 139 | 142 | 146 | 1.392 | 1.393 | 1.329 | 100 | 105 | 105 |
| ТЕ Оломеј | 65 | 57 | 59 | 57 | 53 | 0 | 0 | 58 | 60 | 62 | 65 | 67 | 603 | 594 | 661 | 101 | 90 | 91 |
| ТЕ Неготино* | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 178 | 121 | 0 | 148 | 0 |
| ТЕТО Исток* | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 155 | 156 | 154 | 156 | 151 | 157 | 929 | 0 | 0 | | | |
| ТЕТО Когел* | 10 | 9 | 10 | 5 | 5 | 6 | 9 | 9 | 8 | 8 | 9 | 10 | 98 | 0 | 0 | | | |
| II. Вкупно мали електрани* | 11 | 14 | 9 | 13 | 17 | 14 | 12 | 10 | 6 | 6 | 6 | 9 | 127 | 148 | 98 | 86 | 151 | 130 |
| РОТ Макхидро | 9 | 12 | 7 | 10 | 13 | 10 | 9 | 7 | 4 | 4 | 4 | 7 | 96 | 116 | 71 | 83 | 163 | 135 |
| ЕВН Македонија | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 19 | 21 | 17 | 89 | 126 | 112 |
| Останати мали ХЕ | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 12 | 10 | 9 | 120 | 109 | 130 |
| Повластени производители | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | |
| III Вкупно домашно производство (I+II) | 657 | 604 | 604 | 474 | 457 | 379 | 529 | 563 | 639 | 704 | 766 | 796 | 7.172 | 6.162 | 5.834 | 116 | 106 | 123 |
| 1. ЕЛЕМ (регулиран производител) | 636 | 581 | 585 | 456 | 435 | 359 | 353 | 388 | 471 | 534 | 600 | 620 | 6.018 | 5.836 | 5.615 | 103 | 104 | 107 |
| 2. Независни производители | 21 | 23 | 19 | 18 | 22 | 20 | 176 | 175 | 168 | 170 | 166 | 176 | 1.154 | 326 | 218 | 354 | 149 | 529 |
| IV Вкупни потреби | 869 | 780 | 791 | 629 | 579 | 595 | 618 | 615 | 621 | 698 | 814 | 958 | 8.567 | 7.797 | 8.581 | 110 | 91 | 100 |
| V Нето увоз (IV - III) | 212 | 176 | 187 | 155 | 122 | 216 | 89 | 52 | -18 | -6 | 48 | 162 | 1.395 | 1.635 | 2.747 | 85 | 60 | 51 |
| VI Расположливо (III + V) | 869 | 780 | 791 | 629 | 579 | 595 | 618 | 615 | 621 | 698 | 814 | 958 | 8.567 | 7.797 | 8.581 | 110 | 91 | 100 |

* Независни производители

Табела 6 Обезбедување на потребите од електрична енергија за тарифните потрошувачи во 2010 година и остварувања во 2009 и 2008 година

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | 2010 | 2009 | 2008 | 2010/09 | 2009/08 | 2010/08 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I Вкупно тарифни потрошувачи** | **586** | **523** | **517** | **406** | **374** | **385** | **403** | **403** | **408** | **442** | **518** | **589** | **5.554** | **5.445** | **5.242** | **102** | **104** | **106** |
| **1 ЕВН Македонија Снабдување** | **568** | **507** | **499** | **390** | **358** | **370** | **388** | **387** | **392** | **425** | **504** | **570** | **5.358** | **5.268** | **5.035** | 102 | 105 | 106 |
| регулиран производител | 568 | 507 | 499 | 390 | 358 | 370 | 388 | 387 | 392 | 425 | 504 | 570 | 5.358 | 5.268 | | 102 | - | - |
| отворен пазар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | - | - | - |
| **2 ЕЛЕМ Снабдување** | **7** | **5** | **7** | **5** | **5** | **5** | **5** | **5** | **5** | **7** | **5** | **7** | **68** | **49** | **70** | **138** | **71** | **97** |
| регулиран производител | 7 | 5 | 7 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 7 | 5 | 7 | 68 | 49 | | 138 | - | - |
| отворен пазар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | - | - | - |
| **3 Останати тарифни потрошувачи** | **11** | **11** | **11** | **11** | **11** | **10** | **10** | **11** | **11** | **10** | **9** | **12** | **128** | **128** | **137** | **100** | 93 | 94 |
| **II Загуби во дистрибуција одобрени од РКЕ** | **71** | **64** | **63** | **48** | **45** | **46** | **48** | **48** | **48** | **54** | **63** | **71** | **669** | **654** | | **102** | **-** | **-** |
| ЕВН Македонија Дистрибуција | 70 | 63 | 62 | 48 | 44 | 46 | 48 | 48 | 48 | 53 | 62 | 70 | 662 | 651 | | 102 | - | - |
| ЕЛЕМ Дистрибуција | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 7 | 3 | | 250 | - | - |
| **III Загуби во пренос одобрени од РКЕ** | **22** | **19** | **20** | **15** | **14** | **15** | **15** | **15** | **16** | **17** | **20** | **23** | **211** | **181** | | **116** | **-** | **-** |
| **IV Тарифни потрошувачи и загуби (I + II + III)** | **679** | **606** | **600** | **469** | **433** | **446** | **466** | **466** | **472** | **513** | **601** | **683** | **6.434** | **6.281** | | **102** | **-** | **-** |
| **V Вкупно регулиран производител** | **679** | **606** | **600** | **469** | **433** | **446** | **466** | **466** | **472** | **513** | **601** | **683** | **6.434** | **6.380** | | **101** | **-** | **-** |
| 1. сопствено производство | 636 | 581 | 585 | 456 | 433 | 359 | 353 | 388 | 471 | 513 | 600 | 620 | 5.995 | 5.836 | | 103 | - | - |
| 2. набавка на отворен пазар (IV - V.1) | 43 | 25 | 15 | 13 | - | 87 | 113 | 78 | 1 | - | 1 | 63 | 439 | 544 | | 81 | - | - |
| **VI Загуби во дистрибуција над одобрените од РКЕ (отворен пазар)** | **103** | **64** | **71** | **22** | **12** | **0** | **0** | **0** | **0** | **13** | **45** | **106** | **436** | **473** | | **92** | **-** | **-** |
| ЕВН Македонија Дистрибуција | 103 | 64 | 71 | 22 | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13 | 45 | 106 | 436 | 473 | | 92 | - | - |
| ЕЛЕМ Дистрибуција | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | - | - | - |

## 3.2. Нафтени деривати

Билансот на нафтените деривати ги опфаќа увозот на сурова нафта и нафтени деривати, преработката на сурова нафта и потрошувачката на нафтени деривати.

Во табелата 7 е прикажана прогнозираната потрошувачка на нафтени деривати и биогорива за 2010 година и остварувањето на потрошувачката во 2009 и 2008 година, додека во табелата 8 е прикажана прогнозираното производство на нафтени деривати во рафинеријата на ОКТА за 2010 година, како и оствареното производство во 2009 и 2008 година.

**Табела 7 Прогнозирана потрошувачка на нафтени деривати и биогорива за 2010 година и остварувена потрошувачка во 2009 и 2008 година**

(во тони)

| Деривати | 2008 | 2009 | 2010 | 2010/09 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Моторни бензини** | **120.294** | **129.343** | **136.000** | 105 | 15,7% |
| Еуросупер 95 | 86.108 | 51.050 | | | |
| Еуросупер 98 | 34.186 | 13.526 | | | |
| Еуросупер БС 95 | | 51.577 | 98.300 | | |
| Еуросупер БС 98 | | 13.190 | 37.700 | | |
| **2. Дизел гориво** | **327.081** | **370.068** | **398.312** | 108 | 46,1% |
| Екстра лесно | 83.929 | 110.200 | 115.000 | | |
| Еуродизел (Д-Е-III) | 1.700 | | | | |
| Еуродизел (Д-Е-IV) | 236.452 | 64.000 | | | |
| Еуродизел БС (Д-Е V) | | 189.461 | 275.312 | | |
| Биодизел* | 5.000 | 6.407 | 8.000 | | |
| **3. ТНГ (пропан-бутан)** | **64.637** | **56.943** | **71.600** | 126 | 8,3% |
| **4. Мазут М-1 М-2**** | **222.066** | **265.591** | **256.000** | 96 | 29,6% |
| **5. Млазно гориво** | **5.517** | **1.513** | **2.500** | 165 | 0,3% |
| **ВКУПНО :** | **739.595** | **823.458** | **864.412** | 105 | 100,0% |

* Со донесувањето на новиот Правилник за квалитет на течните горива оваа количина се очекува да биде променета во зависност од утврдената годишна процентуална застапеност и процентот на намешување на биогоривата со фосилни горива.

** Доколку во 2010 година се ангажира ТЕЦ Неготино, потребите од мазут соодветно ќе се зголемат

Вкупните потреби на нафтени деривати во Република Македонија се планираат да изнесуваат 864.412 тони што е за околу 5% повеќе од оценката за реализацијата во 2009 година. Врз основа на податоците за потрошувачката на нафтените деривати во одделните сектори[4], се очекува дека во вкупната потрошувачка на нафтени деривати индустријата ќе учествува со околу 28%, сообраќајот со 47%, домаќинствата со 5%, земјоделието со 3% и останатите сектори со 17%.

Планираната преработка на сурова нафта во ОКТА Скопје за 2010 година изнесува 1.200.000 тони што во однос на оценката за 2009 година е за околу 9,6% зголемување. Производството на нафтени деривати во Република Македонија се планира да изнесува 1.107.600 тони што е за околу 9% поголемо во однос на оценката на реализација за 2009 година.

[4] Статистички годишник на Република Македонија 2005, 2006 и 2007.

Зголемувањето се должи заради различната структура на потрошувачката на нафтени деривати во Република Македонија и рандманот на Рафинеријата, како и можностите за увоз и извоз на пазарот со нафтени деривати.

Прогнозираната потрошувачка на биодизел во 2010 година од 8.000 тони е поголема за 25% во однос на потрошувачката во 2009 година која изнесуваше 6.407 тони а во однос на потрошувачката во 2008 година која изнесување 5.000 тони е поголема за 60%.

**Табела 8 Прогнозирано производство на нафтени деривати во рафинеријата на ОКТА за 2010 година и остварено производство во 2009 и 2008 година**

(во тони)

| Дериват | 2010 | 2009 | 2008 | 2010/09 | 2009/08 | 2010/08 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Моторни бензини** | **204.000** | **187.604** | **176.029** | **109** | **107** | **116** |
| Еуросупер 95 | | 73.206 | 134.662 | | | |
| Еуросупер 98 | | 13.126 | 32.367 | | | |
| Еуросупер БС 95 | 168.000 | 89.102 | | | | |
| Еуросупер БС 98 | 36.000 | 12.170 | | | | |
| **2. Дизел гориво** | **438.000** | **409.162** | **436.070** | **107** | **94** | **100** |
| Екстра лесно | 126.000 | 107.699 | 83.703 | | | |
| Еуродизел (Д-Е IV) | | 157.582 | 352.367 | | | |
| Еуродизел БС(Д-Е V) | 312.000 | 143.881 | | | | |
| **3. ТНГ (пропан-бутан)** | **22.800** | **29.060** | **29.142** | **78** | **100** | **78** |
| **4. Мазут М-1 М-2** | **420.000** | **375.591** | **355.772** | **112** | **106** | **118** |
| **5. Млазно гориво** | **22.800** | **13.478** | **19.374** | **169** | **70** | **118** |
| **Вкупно деривати:** | **1.107.600** | **1.014.895** | **1.016.387** | **109** | **100** | **109** |
| **Сопствена потрошувачка и загуби** | **92.400** | **80.201** | **83.324** | **115** | **96** | **111** |
| **Вкупно преработена сурова нафта** | **1.200.000** | **1.095.096** | **1.099.721** | **110** | **100** | **109** |

### 3.3. Природен гас

- Административни информации.

Составен дел на огласот за конкурсот за избор на идејно решение е прилогот - Измена на податоците во постапката за конкурс за избор на идејно решение.

Огласот за конкурс за избор на идејно решение со прилогот прилогот - Измена на податоците во постапката за конкурс за избор на идејно решение е даден на образец КИР кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Претходното индикативно известување ги содржи следните делови:

- Договорен орган
- Предмет на договорот за јавна набавка и
- Дополнителни информации.

Претходното индикативно известување е дадено на образец ПИИ кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Известувањето за склучен договор за јавна набавка ги содржи следниве делови:

- Договорен орган;
- Предмет на договорот за јавна набавка;
- Постапка и
- Склучување на договор.

Известувањето за склучен договор за јавна набавка е дадено на образец ИСД кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Известување од конкурс за избор на идејно решение ги содржи следните делови:

- Договорен орган;
- Предмет на конкурсот за избор на идејно решение и
- Прогласување за најдобро рангиран учесник/учесници.

Известувањето од конкурс за избор на идејно решение е дадено на образец ИКИ кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

Известувањето за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка ги содржи следните делови:

- Договорен орган и
- Информации за поништувањето.

Известувањето за поништување на постапката е дадено на образец ПДД кој е составен дел на секој правилник.

Член 8

Известувањето за поништување на конкурсот за избор на идејно решение ги содржи следните делови:

- Договорен орган и
- Информации за поништувањето.

Известувањето за поништување на конкурсот за избор на идејно решение е дадено на образец ПКИ кој е составен дел на овој правилник.

Член 9

Известувањето за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка објавена преку други огласи ги содржи следните делови:

- Договорен орган и
- Информации за поништувањето.

Известувањето за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка објавена преку други огласи е дадено на образец ПДО кој е составен дел на овој правилник.

Член 10

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на огласите и известувањата при доделувањето на договорите за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 154/07, 36/08, 67/08 и 134/08).

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

Бр. 02-44535/1
30 декември 2009 година
Скопје

Заменик претседател на Владата
на Република Македонија
и министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

Образец ОДД

Биро за јавни набавки

**Министерство за финансии**
**Биро за јавни набавки**
**Адреса: Димитрие Чуповски 11/I КАТ, 1000 Скопје**
**тел: +38923106183 факс: +38923126027**

## ОГЛАС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

Број на оглас:

### ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

I.1.1) Назив на договорниот орган:
I.1.2) Адреса:
I.1.3) Град и поштенски код:
I.1.4) Интернет адреса:
I.1.5) Лице за контакт: Е-маил адреса: Телефон/Факс:
I.1.6) Дополнителни информации може да се добијат:

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

### ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

II.1) Предмет на договорот за јавна набавка:

II.1.1) Проценета вредност на набавката без вклучен ДДВ (опционално):

II.2) Вид на договорот за јавна набавка:
Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите:

II.3) Дали договорот е од опфатените дејности (секторски договор):

II.4) Дали постапката ќе ја спроведе Централно тело:

II.5) Групна набавка

II.6) Подетален опис на предметот на договорот за јавна набавка:

II.7) Референтна номенклатура за доделување на договор за јавна набавка (ОПЈН):

II.8) Дали предметот на набавката е делив:

II.9) Рамковна спогодба:
Рамковна спогодба помеѓу повеќе договорни органи:
Рамковната спогодба ќе се склучи:
Времетраење на рамковната спогодба:

II.10) Дозволено е поднесување алтернативни понуди:

II.11) Времетраење на договорот:

## ДЕЛ III: ПОСТАПКА

IV.1) Вид на постапка:

IV.2) Постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе биде со скратени рокови:

IV.3) Критериуми за доделување на договорот:

IV.4) Дали постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе биде со користење на електронски средства:

IV.5) Дали ќе се користи електронска аукција:
Дополнителни информации во врска со електронската аукција:

IV.6) Број на кандидати што ќе бидат поканети (во случај на ограничена постапка, постапка со преговарање со претходно објавување на оглас или конкурентен дијалог):

## ДЕЛ IV: ПРАВНИ, ЕКОНОМСКИ, ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ

III.1) Гаранции и авансно плаќање

III.1.1) Гаранција на понудата:
III.1.2) Гаранција за квалитетно извршување на договорот:
III.1.3) Авансно плаќање:
III.1.4) Здружување на група економски оператори во соодветна правна форма заради извршување на договорот (по извршен избор на најповолна понуда):

III.2) Критериуми за утврдување на способност на понудувачот или кандидатот

III.2.1) За докажување на личната состојба, економскиот оператор треба да ги достави следниве документи:
- изјава на економскиот оператор дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран
- уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност

III.2.2) Способност за вршење професионална дејност на економскиот оператор:

III.2.3) Економска и финансиска состојба на економскиот оператор:

Потребни документи за докажување на економската состојба на економскиот оператор:

Минимум критериуми за утврдување на економската и финансиската состојба на економскиотооператор:

III.2.4) Техничка или професионална способност на економскиот оператор

Потребни документи за докажување на техничката или професионалната способност на економскиот оператор:

Минимум критериуми за утврдување на техничката и професионалната состојба на економскиот оператор:

III.2.5) Стандарди за системи за квалитет

III.2.6) Стандарди за управување со животната средина

## ДЕЛ V: АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

V.1) Услови за добивање на тендерска документација и дополнителни документи:

V.2) Услови за доставување на понудите или пријавите за учество

V.2.1) Понудите да се достават најдоцна до:

V.2.2) Пријавите за учество да се достават најдоцна до: (во случај на ограничена постапка, постапка со преговарање со претходно објавување на оглас или конкурентен дијалог):

V.3) Период на важност на понудата:

V.4) Услови за отворање на понудите
Јавното отворање на понудите ќе се одржи на денот и во часот определен како краен рок за доставување на понудите:

V.5) Дополнителни информации (доколку е потребно)

V.6) Датум на објава:

**Министерство за финансии**
**Биро за јавни набавки**
**Адреса: Димитрие Чуповски 11/I КАТ, 1000 Скопје**
**тел: +38923106183 факс: +38923126027**

## ПРИЛОГ

## Измена на податоците во постапката за доделување на договор за јавна набавка

Број на оглас за кој се однесува прилогот:

### ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

I.1.1) Назив на договорниот орган:
I.1.2) Адреса:
I.1.3) Град и поштенски код:
I.1.4) Интернет адреса:
I.1.5) Лице за контакт: Е-маил адреса: Телефон/Факс:
I.1.6) Дополнителни информации може да се добијат:

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

### ДЕЛ II: АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

II.1) Дата на доставување на огласот до БЈН:

II.2) Предмет на огласот за јавна набавка:

### ДЕЛ III: ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

III.1) Прилогот се однесува за:

III.2) Дополнителни информации кои се додаваат
Текст што се додава во огласот за доделување на договор за јавна набавка:

III.3) Измена на текстот
Текст што се менува во огласот:

III.4) Измена на датумот утврден како краен рок за доставување на понудите или пријавите за учество:
Новиот краен рок за доставување на понудите или пријавите за учество е:

III.5) Датум на објава

Образец КИР

Биро за јавни набавки

**Министерство за финансии**
**Биро за јавни набавки**
**Адреса: Димитрие Чуповски 11/I КАT, 1000 Скопје**
**тел: +38923106183 факс: +38923126027**

## ОГЛАС ЗА КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ

Број на оглас:

### ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

I.1.1) Назив на договорниот орган:
I.1.2) Адреса:
I.1.3) Град и поштенски код:
I.1.4) Интернет адреса:
I.1.5) Лице за контакт: Е-маил адреса: Телефон/Факс:
I.1.6) Дополнителни информации може да се добијат:

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

### ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА КОНКУРСОТ ЗА ИЗБОР НА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ

II.1) Предмет на конкурсот:

II.1.1) Проценета вредност на набавката без вклучен ДДВ (опционално):

II.2) Дали постапката ќе ја спроведе Централно тело:

II.3) Дали конкурсот ќе се реализира од група на договорни органи:

II.4) Референтна номенклатура (ОПЈН):

II.5) Подетален опис на конкурсот:

### ДЕЛ III: ПРАВНИ, ЕКОНОМСКИ, ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ

III.1) Конкурсот за избор на идејно решение е дел од постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги:
Ако е ДА се наведуваат минималните услови за утврдување на способност:

III.2) Од учесниците на конкурсот се бара посебна стручна квалификација:

III.3) Целосни и детални информации за критериумите што ќе се применуваат за избор на најдобро рангираниот план/планови или проект/проекти:

## ДЕЛ IV: АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

IV.1) Услови за доставување на плановите или проектите

IV.1.1) Плановите или проектите да се доставaт најдоцна до:
Место:

IV.1.2) Доделување на награда/награди:

IV.2) Имиња на членови на жири комисијата (доколку е потребно):

IV.3) Дополнителни информации (доколку е потребно):

IV.4) Датум на објава:

Биро за јавни набавки

**Министерство за финансии**
**Биро за јавни набавки**
**Адреса: Димитрие Чуповски 11/I КАТ, 1000 Скопје**
**тел: +38923106183 факс: +38923126027**

## ПРИЛОГ

## Измена на податоците во постапката за конкурс за избор на идејно решение

Број на оглас за кој се однесува прилогот:

### ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

I.1.1) Назив на договорниот орган:
I.1.2) Адреса:
I.1.3) Град и поштенски код:
I.1.4) Интернет адреса:
I.1.5) Лице за контакт: Е-маил адреса: Телефон/Факс:
I.1.6) Дополнителни информации може да се добијат:

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

### ДЕЛ II: АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

II.1) Дата на доставување на огласот до БЈН:

II.2) Предмет на огласот за јавна набавка:

### ДЕЛ III: ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

III.1) Прилогот се однесува за:

III.2) Дополнителни информации кои се додаваат
Текст што се додава во огласот за конкурс за избор на идејно решение:

III.3) Измена на текстот
Текст што се менува во огласот:

III.4) Измена на датумот утврден како краен рок за доставување на понудите или пријавите за учество:
Новиот краен рок за доставување на понудите или пријавите за учество е:

III.5) Датум на објава:

Образец ПИИ

**Министерство за финансии**
**Биро за јавни набавки**
**Адреса: Димитрие Чуповски 11/I КАТ, 1000 Скопје**
**тел: +38923106183 факс: +38923126027**

______________________________

______________________________

## ПРЕТХОДНО ИНДИКАТИВНО ИЗВЕСТУВАЊЕ

Број на известувањето:

**ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН**

I.1) Податоци за договорниот орган

I.1.1) Назив на договорниот орган:
I.1.2) Адреса:
I.1.3) Град и поштенски код:
I.1.4) Интернет адреса:
I.1.5) Лице за контакт: Е-маил адреса: Телефон/Факс:
I.1.6) Дополнителни информации може да се добијат:

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

**ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

II.1) Предмет на договорот за јавна набавка:

II.2) Вид на договорот за јавна набавка:
Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите (доколку е применливо):

II.3) Дали договорот е од опфатените дејности (секторски договор):

II.4) Дали постапката ќе ја спроведе Централно тело:

II.5) Групна набавка:

II.6) Референтна номенклатура за доделување на договор за јавна набавка (ОПЈН):

II.7) Дали предметот на набавката е делив:

II.8) Рамковна спогодба:

II.9) Планиран датум на почеток на постапката за доделување на договор за јавна набавка (доколку се знае):

II.10) Планиран датум на објава на огласот за доделување на договор за јавна набавка (доколку се знае):

**ДЕЛ III: ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**
III.1) Дополнителни информации
III.2) Датум на објава:

Образец ИСД

Биро за јавни набавки

**Министерство за финансии**
**Биро за јавни набавки**
**Адреса: Димитрие Чуповски 11/I КАТ, 1000 Скопје**
**тел: +38923106183 факс: +38923126027**

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СКЛУЧЕН ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

Број на огласот за кој се однесува известувањето:

Други огласи:

## ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

I.1.1) Назив на договорниот орган:
I.1.2) Адреса:
I.1.3) Град и поштенски код:
I.1.4) Интернет адреса:
I.1.5) Лице за контакт: Е-маил адреса: Телефон/Факс:

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

## ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

II.1) Предмет на договорот за јавна набавка:

II.2) Вид на договорот за јавна набавка:
Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите:

II.3) Дали договорот е од опфатените дејности (секторски договор):

II.4) Дали постапката е спроведена од Централно тело:

II.5) Групна набавка

II.6) Подетален опис на предметот на договорот за јавна набавка:

II.7) Референтна номенклатура за доделување на договор за јавна набавка (ОПЈН):

II.8) Дали предметот на набавката бил делив:

II.9) Дали е склучена рамковна спогодба:
Рамковна спогодба била склучена помеѓу повеќе договорни органи:
Рамковната спогодба била склучена:
Времетраење на рамковната спогодба:

II.10) Времетраење на договорот:

## ДЕЛ III: ПОСТАПКА

III.1) Вид на постапка:

III.2) Меѓународна објава:

III.3) Критериуми за доделување на договор за јавна набавка:

III.4) Дали постапката за доделување на договор за јавна набавка била реализирана со користење на електронски средства:

III.5) Дали била користена електронска аукција:

## ДЕЛ IV: СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ИЛИ РАМКОВНА СПОГОДБА

IV.1) Услови под кои е склучен договорот или рамковната спогодба

IV.1.1) Датум на склучување на договор или рамковна спогодба:

IV.1.2) Број на добиени понуди:
Највисока добиена понуда: Најниска добиена понуда:

IV.2) Информации за носителот на набавката со кого е склучен договорот
Име на носителот на набавката:
Адреса на носителот на набавката:
Град или населено место: Земја:

IV.3) Информации за вредноста на договорот
IV.3.1) Проценета вредност на договорот или рамковната спогодба:

IV.3.2) Вредност на склучениот договор со вклучен ДДВ:

IV.4) Информации за рамковната спогодба

IV.4.1) Страни во рамковната спогодба:

а) Назив на договорните органи б) Назив на економските оператори

IV.5) Датум на доставување до Бирото за јавни набавки:

Образец ИКИ

Биро за јавни набавки

**Министерство за финансии**
**Биро за јавни набавки**
**Адреса: Димитрие Чуповски 11/I КАТ, 1000 Скопје**
**тел: +38923106183 факс: +38923126027**

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ

Број на огласот за кој се однесува известувањето:

### ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

I.1.1) Назив на договорниот орган:
I.1.2) Адреса:
I.1.3) Град и поштенски код:
I.1.4) Интернет адреса:
I.1.5) Лице за контакт: Е-маил адреса: Телефон/Факс:

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

### ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА КОНКУРСОТ ЗА ИЗБОР НА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ

II.1) Предмет на конкурсот:

II.2) Дали постапката е спроведена од Централно тело:

II.3) Дали конкурсот е реализиран од група на договорни органи:

II.4) Референтна номенклатура (ОПЈН):

### ДЕЛ III: ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЈДОБРО РАНГИРАН УЧЕСНИК / УЧЕСНИЦИ И НАГРАДИ

III.1) Број на учесници на конкурсот за идејно решение:

III.2) Име/имиња на најдобро рангираниот учесник/учесници на конкурсот за избор на идејно решение:

III.3) Вредност на наградата на конкурсот за избор на идејно решение (доколку е потребно):

III.4) Дополнителни информации (доколку е потребно):

III.5) Датум на доставување до Бирото за јавни набавки:

Образец ПДД

Биро за јавни набавки

**Министерство за финансии**
**Биро за јавни набавки**
**Адреса: Димитрие Чуповски 11/I КАТ, 1000 Скопје**
**тел: +38923106183 факс: +38923126027**

---

---

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

Број на огласот за кој се однесува известувањето:

### ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

I.1.1) Назив на договорниот орган:
I.1.2) Адреса:
I.1.3) Град и поштенски код:
I.1.4) Интернет адреса:
I.1.5) Лице за контакт: Е-маил адреса: Телефон/Факс:

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

I.3) Предмет на договорот за јавна набавка:

### ДЕЛ II: ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОНИШТУВАЊЕТО

II.1) Известувањето се однесува за:

Поништување на дел / делови Поништување на постапката

II.2) Информации за причината за поништување на постапката:

II.3) Датум на објава:

Образец ПКИ

**Министерство за финансии**
**Биро за јавни набавки**
**Адреса: Димитрие Чуповски 11/I КАТ, 1000 Скопје**
**тел: +38923106183 факс: +38923126027**

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА КОНКУРСОТ ЗА ИЗБОР НА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ

Број на огласот за кој се однесува известувањето:

### ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

I.1.1) Назив на договорниот орган:
I.1.2) Адреса:
I.1.3) Град и поштенски код:
I.1.4) Интернет адреса:
I.1.5) Лице за контакт: Е-маил адреса: Телефон/Факс:

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

I.3) Предмет на конкурсот за избор на идејно решение:

### ДЕЛ II: ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОНИШТУВАЊЕТО

II.1) Известувањето се однесува за:

Поништување на дел / делови Поништување на постапката

II.2) Информации за причината за поништување на конкурсот за избор на идејно решение:

II.3) Датум на објава:

Образец ПДО

**Министерство за финансии**
**Биро за јавни набавки**
**Адреса: Димитрие Чуповски 11/I КАТ, 1000 Скопје**
**тел: +38923106183 факс: +38923126027**

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА ОБЈАВЕНА ПРЕКУ ДРУГИ ОГЛАСИ

## ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

I.1.1) Назив на договорниот орган:
I.1.2) Адреса:
I.1.3) Град и поштенски код:
I.1.4) Интернет адреса:
I.1.5) Лице за Контакт: Е-маил адреса: Телефон/Факс:

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

I.3) Предмет на договорот за јавна набавка:

## ДЕЛ II: ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОНИШТУВАЊЕТО

II.1) Известувањето се однесува за:

Поништување на дел / делови Поништување на постапката

II.2) Информации за причината за поништување на постапка објавена преку други огласи:

II.3) Датум на објава:

**3421.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија” бр. 136/07 и 130/08), министерот за финансии донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки.

Член 2

Електронскиот систем за јавни набавки (во понатамошниот текст: ЕСЈН) го сочинуваат електронска опрема, средства и програми што овозможуваат далечинска комуникација и размена на податоци и е достапен на интернет адресата: https://www.e-nabavki.gov.mk.

ЕСЈН се користи за објавување на огласите за доделување на договори за јавни набавки, испраќање и објавување на известувањата за склучени договори за јавни набавки, спроведување и учество на постапките за доделување на договори за јавни набавки со користење на електронски средства и на електронските аукции.

Член 3

Физички пристап до просторијата во која е инсталиран ЕСЈН имаат само овластени лица определени од органот каде што се наоѓа ЕСЈН или лица овластени од Бирото за јавни набавки.

Доколку е потребен пристап на друго лице до просторијата и податоците во ЕСЈН истото треба да биде придружувано и надгледувано од овластено лице.

Просторијата во која е инсталиран ЕСЈН се заштитува од ризиците во опкружувањето преку примена на мерки и контроли со кои се намалува ризикот од потенцијални закани вклучувајќи кражба, пожар, експлозии, чад, вода, прашина, вибрации, хемиски влијанија, пречки во снабдувањето со електрична енергија и електромагнетно зрачење.

Член 4

ЕСЈН содржи огнени ѕидови за заштита на внатрешните сегменти од надворешен пристап, кои се конфигурирани на начин што секој пристап и протокол кој не е потребен за функционирање на ЕСЈН е оневозможен.

ЕСЈН содржи систем за заштита од штетни софтверски програми и редовно се надградува со најновите дефиниции на штетни софтверски програми.

ЕСЈН врши проверка за заштита од штетни софтверски програми при секој прием на податоци.

Член 5

ЕСЈН врши шифрирање (енкрипција) на примените податоци и оневозможува дешифрирање (декрипција) на истите се до моментот на отворањето на понудите или пријавите за учество, а за време на спроведувањето на електронските аукции ЕСЈН го оневозможува откривањето на идентитетот на учесниците на аукцијата.

Член 6

Резервната копија на податоците складирани во ЕСЈН се чува во просторија која се наоѓа надвор од просторијата во која е инсталиран ЕСЈН и истата е физички и криптографски заштитена, вклучително и од модификација.

Резервното копирање на податоците се врши секој работен ден, на крајот од работната седмица и секој последен работен ден во месецот.

Заради вршење на резервно копирање се обезбедува уред и доволен број на медиуми за правење резервни копии и се изработува план за управување со копиите.

Член 7

За најава, користење на функционалностите и преземање дејствија преку ЕСЈН секој корисник употребува корисничко име и лозинка.

За потпишување на документи составени во електронска форма, во постапките водени со користење на електронски средства преку ЕСЈН, се употребува електронски потпис (дигитален сертификат) согласно прописите за електронски потпис.

Член 8

За да го користат ЕСЈН договорните органи и економските оператори се регистрираат на системот со пополнување на веб формуларот кој е составен дел од ЕСЈН.

Назначениот локален систем администратор кај договорниот орган, односно економскиот оператор е одговорен за регистрацијата на субјектот во ЕСЈН (пополнување на веб формуларот), како и за активација и деактивација на останатите корисници од тој договорен орган, односно економски оператор.

ЕСЈН автоматски ги обработува податоците од пополнетиот веб формулар, генерира лозинка и ја доставува на регистрираната адреса на е-пошта на локалниот систем администратор.

Податоците од веб формуларот, во хартиена форма со потпис и печат или во електронска форма потпишани со електронски потпис, се доставуваат до Бирото за јавни набавки. Бирото по проверката на внесените податоци од веб формуларот, врши активација на локалниот систем администратор на договорниот орган, односно економскиот оператор.

Член 9

Секој регистриран корисник во ЕСЈН самиот си доделува корисничко име, кое важи за целото времетраење на користењето на ЕСЈН, без можност за менување и може да ја менува лозинката што ЕСЈН автоматски му ја генерирал, како и лозинката што самиот ја внел.

Член 10

Личните податоци, а особено единствениот матичен број на граѓанинот, што секој корисник ги внесува во ЕСЈН при пополнување на веб формуларот за регистрација, имаат третман на посебно заштитени податоци според прописите за заштита на личните податоци, до кои пристап имаат само овластените лица и се користат исклучиво за точна идентификација на корисниците и оневозможување на злоупотреба на ЕСЈН.

Веб формуларот содржи информации за причините за собирање и начинот на заштита на личните податоци, врз основа на кои корисникот треба да ја даде својата согласност за нивна обработка.

Член 11

Договорниот орган го користи ЕСЈН за преземање на следните дејствија:

- објавување на претходно индикативно известување, оглас за доделување на договор за јавна набавка, оглас за конкурс за избор на идејно решение, известување за склучен договор, известување за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка и тендерска документација;

- објавување на оглас за барање за прибирање на понуди, евиденција на постапките за барање за прибирање на понуди и поедноставена тендерска документација;
- изменување на податоците за објавен оглас и тендерска документација;
- објавување на одговори на прашања поставени од економските оператори во постапката за доделување на договор за јавна набавка;
- отворање и евалуација на понудите или пријавите за учество во постапката за доделување на договор за јавна набавка;
- водење на записник за отворањето на понудите и подготвување на извештај за спроведената постапка;
- поставување на прашања и барање на појаснувања и дополнувања на документите во текот на евалуацијата на понудите или пријавите за учество;
- подготвување, донесување и објавување на одлуки во врска со извршената претквалификација, доделувањето на договорот за јавна набавка, склучувањето на рамковна спогодба или поништувањето на постапката за доделување на договор за јавна набавка;
- спроведување на електронска аукција; и
- оформување на досие за постапката за доделување на договор за јавна набавка или склучување на рамковна спогодба.

Член 12

Регистрираниот економски оператор го користи ЕСЈН за преземање на следните дејствија:
- преземање на тендерска документација;
- поставување на прашања и добивање на одговори во постапката за доделување на договор за јавна набавка;
- доставување на понуда или на пријава за учество, како и на бараната документација;
- одговарање на прашања поставени од договорниот орган во текот на евалуација на понудите; и
- учество на електронска аукција.

Член 13

Комуникацијата во ЕСЈН се спроведува преку:
- испраќање на пораки кои ЕСЈН автоматски или полуавтоматски (со можност за уредување) ги генерира по преземање на одредено дејствие или пораки составени и испратени од корисник преку соодветен модул во ЕСЈН до регистрираната адреса на е-пошта на друг корисник;
- испраќање или зачувување на пораката во електронското поштенско сандаче (огласна табла) за испратена/примена електронска пошта, кое му стои на располагање на секој регистриран корисник; и
- со објавување на податоците на јавниот дел од веб локацијата.

Секоја комуникација се спроведува истовремено на најмалку два од начините утврдени во став 1 од овој член.

Доколку од определени причини е-порака не може да се достави до регистрираната адреса на е-пошта на одреден корисник, тогаш доставата на таа порака се смета за успешно извршена со нејзино поставување во електронското поштенско сандаче на корисникот, кое што ЕСЈН го врши автоматски. За време на прием на една порака во електронското поштенско сандаче на примателот се смета времето кое се појавува како време на испраќање во електронското поштенско сандаче на испраќачот.

Член 14

ЕСЈН го евидентира економскиот оператор и времето во кое извршил преземање на тендерска документација. При секоја измена на огласот и тендерската документација, ЕСЈН автоматски испраќа е-порака со известување за направената измена само до економскиот оператор кој претходно ја презел тендерската документација.

При приемот на документи и пораки испратени од економски оператор до договорен орган и обратно, ЕСЈН го потврдува приемот со автоматско испраќање на известување по електронска пошта и наведување на точното време.

ЕСЈН оневозможува прием на понуди кои се доставуваат по истекот на крајниот рок определен за нивно поднесување, при што автоматски генерира и доставува електронска порака до регистрираната адреса на е-пошта на економскиот оператор кој задоцнил со доставувањето на понудата.

Член 15

Во првата фаза од ограничената постапка ЕСЈН овозможува дешифрирање и отворање на поднесените пријави за учество само по истекот на крајниот рок за нивно поднесување.

При јавното отворање на понудите во отворената постапка и во втора фаза од ограничена постапка, како и при отворање на понудите во постапка во која ќе се спроведе електронска аукција, понудите се дешифрираат и отвораат само по означување на денот и часот определен во огласот и тендерската документација.

Во текот на евалуацијата ЕСЈН автоматски ги пресметува бодовите за елементот цена од критериумот економски најповолна понуда согласно Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови. Доколку критериум за доделување на договор за јавна набавка е најниска цена ЕСЈН прави автоматско рангирање на понудувачите.

Доделените бодови од страна на Комисијата за јавни набавки за елементите од критериумите кои не се бодуваат по формула се внесуваат во соодветните полиња на ЕСЈН.

ЕСЈН автоматски ги рангира понудувачите според вкупниот број на бодови.

Член 16

Преку ЕСЈН може да се спроведе електронска аукција како последна фаза на постапка која претходно е спроведена со користење на електронски средства преку ЕСЈН, или во хартиена форма.

Член 17

Понудувачите кои поднеле прифатливи понуди во претходна фаза во хартиена форма и не се регистрирани корисници на ЕСЈН, се регистрираат во ЕСЈН, по што договорниот орган преку ЕСЈН го определува денот и часот на започнување и затворање на аукцијата, бројот на кругови, почетната цена за негативното наддавање и минималните разлики во цените кои се дозволени во процесот на негативно наддавање, за што ги известува сите понудувачи кои доставиле прифатливи понуди и кои се регистрирани во ЕСЈН.

Член 18

Договорниот орган преку ЕСЈН составува листа на понудувачи кои поднеле прифатливи понуди и испраќа покана за учество на електронската аукција во која се содржани информациите од член 17 на овој правилник.

Поканата за учество на електронската аукција се испраќа истовремено до регистрираната адреса на е-пошта на лицето наведено како контакт лице во образецот на покана кој е дел од тендерската документација и до регистрираната адреса на е-пошта на економскиот оператор.

Наведеното контакт лице ќе се смета за учесник на аукцијата од страна на конкретниот економски оператор, но и кој било друг регистриран корисник од тој економски оператор може да учествува на аукцијата. Корисникот кој прв поднел намалена цена при негативното наддавање е единствениот претставник кој може да учествува за време на аукцијата во име на тој економски оператор.

Член 19

Како почетна цена во ЕСЈН се поставува најниската цена од сите понуди што претходно се евалуирани и прифатени за учество на електронската аукција.

Во ЕСЈН најниската поднесена цена во претходниот круг автоматски се поставува за почетна цена во следниот круг.

Член 20

Преку ЕСЈН по почетниот круг, во кој е опфатен периодот од составување на почетната ранг листа на понудувачи кои поднеле прифатливи понуди до моментот на започнување на наредниот круг, може да се спроведе:

- уште еден круг за кој договорниот орган определува датум и час на започнување и завршување на кругот и во кој понудувачите може да поднесат неограничен број нови намалени цени, или
- повеќе последователни кругови во кои понудувачите може да поднесат по една цена во секој круг.

Доколку се избере опцијата од став 1, алинеја 1 од овој член, ЕСЈН автоматски го продолжува времето за негативно наддавање за дополнителни 3 минути, секогаш кога во последните 3 минути од времето определено за негативно наддавање се поднесе нова цена. ЕСЈН врши континуирано автоматско продолжување на времето за дополнителни 3 минути се додека во последните 3 минути се доставува нова цена.

Електронската аукција автоматски се затвара доколку во последните 3 минути не се достави нова цена.

Доколку се избере опцијата од став 1, алинеја 2 од овој член, преку ЕСЈН се определува точниот број на кругови, како и датумот и часот на започнување и завршување на секој круг.

Член 21

Кога предметот на договорот за доделување на јавна набавка е делив, за секој дел од предметот на набавката преку ЕСЈН се определува датумот и часот на започнување и завршување на аукцијата, односно за секој дел се спроведува посебна електронска аукција.

Член 22

Во ЕСЈН може да се врши промена на информациите од член 17 на овој правилник се до почетокот на електронската аукција, и датумот и часот на започнување и завршување на круговите кои сеуште не започнале.

За секоја направена промена од став 1 од овој член, преку ЕСЈН се испраќа порака до регистрираните адреси на е-пошта на избраните способни понудувачи.

Член 23

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија” бр. 154/07).

Член 24

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија” а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

Бр. 02-44536/1
30 декември 2009 година
Скопје

Заменик претседател на Владата
на Република Македонија
и министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**3422.**

Врз основа на член 38 став 2 од Законот за буџетите (“Службен весник на Република Македонија” бр. 64/05, 4/08, 103/08 156/09), министерот за финансии донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА НАЧИНОТ НА ТРЕЗОРСКО РАБОТЕЊЕ

### I. Општа одредба

1. Со ова упатство се пропишува начинот на трезорското работење на буџетските корисници и единки корисници на средства од Буџетот на Република Македонија и Буџетот на единиците на локалната самоуправа (во натамошниот текст: буџетски корисници).

### II. Водење на регистар на буџетски корисници

2. Во регистарот на буџетските корисници (во натамошниот текст: Регистар) кој го води Трезорот се внесуваат следните податоци:

- единствен матичен број на субјектот (ЕМБС), доделен од Централниот Регистар на Република Македонија,
- Регистарски кориснички број - РКБ (се доделува автоматски со уписот),
- раздел,
- назив на буџетскиот корисник,
- улица и број,
- населено место,
- општина,
- единствен даночен број (ЕДБ),
- шифра на организациониот облик на буџетскиот корисник,
- шифра на регистрирана претежна дејност, според Националната класификација на дејности,
- податок за означување на буџетски корисник (прва/втора линија),
- број на телефон,
- број на телефакс,
- адреса на електронска пошта на буџетскиот корисник,
- име и презиме на лице за контакт со Трезорот,
- број на телефон на лицето за контакт,
- адреса на електронска пошта на лицето за контакт,
- име и презиме на раководното лице на буџетскиот корисник,
- единствен матичен број на раководното лице.

3. Со уписот во Регистарот, на буџетските корисници (во натамошниот текст : субјект на упис) им се доделува Регистарски кориснички број (РКБ), кој што се состои од 5 цифри, кој е единствен и не може да се менува.

4. Уписот во Регистарот се врши на образец (РКБ ), кој е даден во Прилог 1 и е составен дел на ова упатство.

5. Постапката за упис во Регистарот се поведува по барање на субјектот на упис или по барање на друг надлежен орган.

6. Подносител на пријавата за упис е лице кое го застапува субјектот на упис.

7. Субјектот на упис до Трезорот ја доставува следната документација:

- писмено барање за запишување во Регистарот;
- пополнет Образец РКБ;
- пополнет Образец ОС;
- решение за упис на основање или во случаите на промена на статусот на субјектот, се доставува решение за тековна состојба на субјектот издадено од Централниот регистар, во оригинал или копија (не постаро од шест месеци);

8. Доколку субјектот на упис е буџетски корисник и подлежи на упис во Регистарот како основен регистар воспоставен со закон кој не го води Централниот регистар, определувањето и доделувањето на Регистарскиот кориснички број (РКБ), определувањето и доделувањето на единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС), определувањето на назив и шифра на регистрирана претежна дејност според Националната класификација на дејности, определувањето на шифра на организациониот облик на буџетскиот корисник, внесувањето на единствениот даночен број (ЕДБ) на буџетскиот корисник и други податоци од значење на субјектот на упис, се врши врз основа на:

- писмено барање за запишување во Регистарот;
- пополнет Образец РКБ;
- пополнет Образец ОС;
- образец на пријава за обезбедување на податоци преку едношалтерскиот систем (Образец ПЕ);
- согласност за упис во Регистарот издадена од надлежен орган (доколку е единка корисник).

9. Доколку документацијата од точките 7 и 8 од ова упатство е некомплетна и содржи формален недостаток (употреба на факсимил, потписот не е со сино пенкало, потребната документација не е пополнета со кирилично писмо) што го спречува постапувањето по барањето, Трезорот ја враќа документацијата на исправка или дополнување.

10. Податоците кои се однесуваат за буџетскиот корисник, може да се менуваат, дополнуваат, ажурираат и бришат, на барање на буџетскиот корисник или по службена должност од страна на Министерството за финансии.

11. Документацијата за настанатите статусни и други промени, буџетските корисници ја доставуваат до Трезорот, најдоцна 10 дена од денот на настанатата промена.

12. Во Регистарот се брише уписот на буџетскиот корисник кога истиот го губи статусот на буџетски корисник. Постапката за бришење на буџетскиот корисник од Регистарот се поведува по барање на истиот, по барање на друг надлежен орган или по службена должност од страна на Министерството за финансии.

## III. Класификација на сметки на буџетските корисници во рамки на Трезорската сметка

13. Во рамки на Трезорската сметка се отвораат следните типови на сметки:

- 630, 637, 603 и 631 - сметки на основен буџет;
- 660 - сметки на буџет на фондовите;
- 785 - сметки на буџет на донации;
- 786 - сметки на буџет на заеми;
- 787 и 788 - сметки на буџет од самофинансирачки активности;
- 930 - сметки на приходи на буџет на дотации;
- 937 и 903 - сметки на расходи на буџет на дотации;
- 840, 841, 842, 843 и 845 - уплатни сметки;
- 784 - сметки за самопридонес на општините;
- 696 - депозитни сметки;
- 661- сметки на подрачни единици на фондовите;
- 889 - преодни сметки;
- 697 и 789 - наменски сметки и
- други типови на сметки.

14. Буџетскиот корисник, во зависност од потребите, може да има повеќе сметки од ист тип.

## IV. Отворање и затворање на сметки на буџетските корисници во рамки на Трезорската сметка

15. Сметките во рамки на Трезорската сметка се отвораат по доставено писмено барање на буџетскиот корисник, по барање на друг надлежен орган или по службена должност од страна на Министерството за финансии.

Кон барањето се приложува пополнет образец за отворање на сметка на буџетски корисник (ОС), даден во Прилог 2, кој е составен дел на ова упатство.

16. Со средствата на сметките располагаат овластени лица кои депонираат потписи на образец картон на депонирани потписи, даден во Прилог 3, кој е составен дел на ова упатство.

17. Буџетскиот корисник за отворање на сметка ја доставува следнава документација до Трезорот:

- писмено барање за отворање на сметка ;
- пополнет Образец ОС,
- картон на депонирани потписи заверен со печат на институцијата и со печат со кој ќе се заверуваат барањата за плаќање (во три примероци за секоја сметка);
- договор или друг соодветен акт за донација, односно заем, доколку се работи за сметка за донација, односно за заем (оригинал или копија);
- согласност за отворање на сметка издадена од надлежен орган (во случај кога барањето е поднесено од единка корисник);
- решение за упис на лицето овластено за застапување во Централниот регистар (оригинал или копија), односно во основниот регистар (не постаро од шест месеци);
- решение за овластување на дополнителни потписници од страна на раководното лице на буџетскиот корисник, наведувајќи го начинот на потпишување (поединечно или колективно), доколку се овластуваат дополнителни потписници и
- друга документација по барање на Трезорот.

18. При статусни промени и промена на назив, при промена на лице овластено за застапување, при промена или овластување на дополнителни потписници, буџетскиот корисник ја доставува следнава документација до Трезорот:

- писмено барање за заверување на картоните за депонирани потписи со образложение за причините заради кое се доставува барањето;

- извод од решението за упис во Централниот регистар (оригинал или копија), односно во основниот регистар, со кое е извршена регистрација на промената на статусот, на називот или на лицето овластено за застапување (не постаро од шест месеци);

- решение за овластување на дополнителни потписници од страна на раководното лице на буџетскиот корисник, наведувајќи го начинот на потпишување (поединечно или колективно), доколку се овластуваат дополнителни потписници;

- картон на депонирани потписи заверен со печат на институцијата и со печат со кој ќе се заверуваат барањата за плаќање (во три примероци за секоја сметка) и

- друга документација по барање на Трезорот.

19. При промена на печат, буџетскиот корисник до Трезорот ја доставува следната документација:

- писмено барање за заверување на картоните за депонирани потписи со образложение за причините заради кое се доставува барањето;

- решение за упис на лицето овластено за застапување во Централниот регистар (оригинал или копија), односно во основниот регистар (не постаро од шест месеци);

- решение за овластување на дополнителни потписници од страна на раководното лице на буџетскиот корисник, наведувајќи го начинот на потпишување (поединечно или колективно), доколку се овластуваат дополнителни потписници;

- картон на депонирани потписи заверен со печатна институцијата и со печат со кој ќе се заверуваат барањата за плаќање (во три примероци за секоја сметка)

- документација согласно Законот за печатот на Република Македонија и печатите на државните органи во Република Македонија (копија од оглас во “Службен весник на Република Македонија” за објава на изгубен или одземен печат и Одлука за ставање вон употреба на печатите поради истрошеност, промена на називот на органот или укинување на органот) и

- друга документација по барање на Трезорот.

20. Доколку доставената документацијата од точките 17, 18 и 19 од ова упатство е некомплетна и содржи формален недостаток (употреба на факсимил, потписот не е со сино пенкало, потребната документација на е пополнета со кирилично писмо) што го спречува постапувањето по барањето Трезорот ја враќа документацијата на буџетскиот корисник на исправка или дополнување.

21. Сметките во рамки на трезорската сметка се затвораат по барање на буџетскиот корисник, по барање на друг надлежен орган или по службена должност од страна на Министерството за финансии.

22. Неискористените средства од сметките кои се затвораат се пренесуваат на сметките на правните следбеници на истите, од страна на буџетскиот корисник, односно по службена должност од страна на Министерството за финансии, доколку со закон не е регулирано поинаку.

23. Трезорот ја обезбедува тајноста на податоците за сметките отворени во рамки на трезорската сметка.

По исклучок од став 1 од оваа точка по барање на надлежен орган Трезорот може да даде податоци за сметките отворени во рамки на трезорската сметка.

## V. Барања за плаќања што ги користат буџетските корисници

24. Буџетските корисници ги доставуваат барањата за плаќање до Трезорот, односно до Одделението за регионално трезорско работење (во натамошниот текст: трезорски канцеларии).

Барањата за плаќање се доставуваат до трезорската канцеларија која го покрива реонот во кој се наоѓа седиштето на буџетскиот корисник.

25. Буџетските корисници за извршување на плаќањата користат обрасци за барања за плаќања, дадени во Прилог 4, кој е составен дел на ова упатство.

26. Барање за плаќање кон сметки надвор од Трезорската сметка (образец 60) се користи за безготовинско плаќање кон сметки надвор од Трезорската сметка.

27. Барање за плаќање кон сметки во рамки на Трезорската сметка (образец 70) се користи за плаќања во рамки на Трезорската сметка, односно за плаќање на даноци, придонеси и други јавни давачки на буџетските корисници, за плаќања меѓу буџетските корисници или меѓу сметки на ист буџетски корисник.

28. Барање за исплата на готовина (образец 80) се користи за подигање на готовина од страна на буџетските корисници, за категориите на исплати за кои се пропишани соодветни шифри на плаќање согласно Упатство за форма и содржина на платните инструменти за вршење на платен промет во земјата.

29. Барање за безготовински поврат и пренос на средства (образец 73) се користи за поврат на повеќе, на погрешно или на уплатени средства без правен основ од сметките на буџетските корисници, од уплатните сметки и од други сметки во рамките на Трезорската сметка, кон сметки во и надвор од Трезорската сметка, како и на пренос на средства помеѓу сметки во рамки на Трезорската сметка. Повратот на средства се врши врз основа на решение од надлежен орган.

30. Барање за пренасочување на јавни приходи (образец 78) се користи за пренасочување на јавните приходи помеѓу уплатните сметки и за распределба од сметки на буџетските корисници на уплатните сметки.

31. Збирно барање за плаќање кон сметки надвор од Трезорската сметка (Образец 62) се користи за безготовинско плаќање кон трансакциски сметки надвор од Трезорската сметка кога како налогодавач се јавува една сметка, а како налогопримач се јавуваат повеќе трансакциски сметки од една банка.

32. Барањата за плаќање можат да се доставaт на хартија (со исклучок на Образец 62) или во електронска форма.

Барањата за плаќање кои се доставуваат на хартија се поднесуваат до трезорската канцеларија во два исти примерока. Еден примерок останува во трезорската канцеларија, а еден примерок задржува буџетскиот корисник за своја книговодствена евиденција.

33. Барањата за плаќање кои се изработени во електронска форма се доставуваат заедно со две печатени спецификации за содржината на електронскиот медиум на кои истите се запишани, заверени со печат и потпис од овластени потписници на буџетскиот корисник. Покрај елементите кои ги содржат барањата за плаќање во зависност од видот на плаќањето, електронскиот медиум ги содржи и следниве елементи: датум на валута на барањата, вкупен број на барањата, вкупен износ на барањата, реден број на барањето и износ по поединечно барање.

## VI. Изготвување, доставување и одобрување на годишни, квартални и месечни финансиски планови на буџетските корисници

34. Буџетските корисници за користење на средствата на Централниот буџет доставуваат годишни и квартални финансиски планови по сметки, по потпрограми и по расходни ставки.

За да општините ги користат средствата од буџетот на општината, истите доставуваат годишни и квартални финансиски планови, по сметки, по потпрограми и по расходни ставки.

За да единките корисници во рамките на буџетот на општините ги користат средствата од основниот буџет, од буџетот за дотации, донации и самофинансирачки активности, општините доставуваат годишни и квартални финансиски планови распределени по РКБ на единки корисници, по сметки, по потпрограми и по расходни ставки.

35. Средствата од Основниот буџет за раздел 09002-Министерство за финансии-функции на државата, се користат без одобрување на финансиски план.

Во случај кога со одлука или друг акт на Владата на РМ односно со акт донесен од страна на министерот за финансии во рамките на законските овластувања, се одобруваат средства од раздел 09002-Министерство за финансии-функции на државата на друг буџетски корисник, средствата се одобруваат како финансиски план (право на трошење) во разделот на корисникот.

36. Годишниот финансиски план по квартали (во понатамошниот текст: годишен план), се доставува на образец даден во Прилог 5, кој е составен дел на ова упатство. Годишниот план се доставува до Трезорот во рок од 25 дена од денот на донесување на Буџетот.

37. Буџетските корисници на Централната власт, кои имаат единки корисници, во рок од 5 дена од денот на донесувањето на Буџетот, доставуваат до секоја единка корисник извадок од годишниот план по сметки, по потпрограми и по расходни ставки во кој се содржани средствата наменети за одделните единки корисници.

Врз основа на извадокот од став 1 на оваа точка, единките корисници изготвуваат свој предлог на годишен план, за користење на средствата по сметки, по потпрограми и по расходни ставки, и го доставуваат до надлежниот буџетски корисник.

Надлежниот буџетски корисник врз основа на предлогот на годишните планови на единките корисници изготвува збирен годишен план и го доставува до Трезорот во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.

38. Буџетските корисници на Централната власт надлежни за утврдување на критериуми, процедури и рокови за распределба на наменските дотации изготвуваат годишен план за трансферирање на средствата од дотации по општини, по потпрограми и по временски периоди (квартал, месец) во тековната фискална година за наредната фискална година.

Буџетските корисници од став 1 на оваа точка го доставуваат на одобрување годишниот план во рок утврден од страна на Министерството за финансии.

39. Општината за користење на средствата од дотациите доставува до секоја единка корисник извадок од годишниот план по потпрограми, во кој се содржани средствата наменети за одделните единки корисници.

Врз основа на извадокот од годишниот план, единките корисници изготвуваат предлог на годишен план, за користење на средствата по сметки, по потпрограми и по расходни ставки и го доставуваат до општината.

Општината, врз основа на предлогот на годишните планови изготвува збирен годишен план и го доставува до Трезорот во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.

40. Годишниот план доставен од страна на буџетските корисници на Централната власт не ги содржи расходните ставки 401 и 402 .

41. Годишниот план, доставен од буџетскиот корисник, ги содржи следните податоци:
- година за која се однесуваат податоците,
- раздел на буџетскиот корисник,
- РКБ на буџетскиот корисник,
- тип на сметка на која се однесуваат планираните расходи,
- индивидуална партија,
- назив на буџетскиот корисник,
- број на потпрограма,
- назив на потпрограма,
- расходна ставка,
- планирани износи на расходи за секој квартал во рамки на годината, распоредени по потпрограми и расходни ставки и
- образложение на годишниот план.

42. Износот на планирани средства за тековни потреби, за одреден квартал во рамките на годишниот план на буџетските корисници од Централна власт треба да биде во висина од 1/4 од годишниот буџет, а во одредени случаи кога се јавува потреба од дополнителни средства (поради сезонски или други објективни потреби) може да се одобри и поголем износ од 1/4 од годишниот буџет, за што е потребно буџетскиот корисник да достави образложение за причината поради која се бара повисок износ.

Износот на планираните средства за капитални расходи и капитални трансфери (градежни објекти, земјиште, моторни возила, мебел и друго), за одреден квартал во рамките на годишниот план, поради карактерот на овој вид на расход, може да биде поголем од 1/4 од годишниот буџет.

43. Планот за користење на средствата од дотации, за одредена потпрограма и за соодветен временски период, не смее да биде поголем од збирот на износите на трансферираната дотација за истата потпрограма во истиот период. Во спротивно, истите не се одобруваат од страна на Трезорот, а буџетскиот корисник е должен да достави корегиран план.

44. Во согласност со годишниот план, буџетските корисници доставуваат квартален финансиски план по месеци (во понатамошниот текст: квартален план) даден во прилог 6, кој е составен дел на ова упатство.

Кварталниот план треба да се совпаѓа со годишниот план по сметки, по потпрограми и по расходни ставки за дадениот квартал.

Кварталниот план доставен од страна на буџетските корисници на Централната власт не ги содржи расходните ставки 401 и 402.

45. Кварталниот план се доставува до Трезорот најдоцна пет дена пред почетокот на кварталот за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

46. Кварталниот план доставен од буџетскиот корисник ги содржи следните податоци:
- квартал за кој се однесуваат податоците,
- раздел на буџетскиот корисник,
- РКБ на буџетскиот корисник,
- тип на сметка на која се однесуваат податоците,
- индивидуална партија за сметката на која се однесуваат податоците,
- назив на буџетскиот корисник,
- број на потпрограма,

- назив на потпрограма,
- расходни ставки,
- планирани износи на расходи за секој месец во рамки на кварталот, распоредени по потпрограми и расходни ставки и
- образложение на кварталниот план.

47. Трезорот ги одобрува финансиските планови и ги известува буџетските корисници. Буџетските корисници кои имаат единки корисници вршат распоредување на одобрениот план по одделни единки корисници и повратно ги известуваат.

48. Во текот на годината, буџетските корисници може да достават барање за измена на годишниот план, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно да се достави образложение и соодветно корегиран годишен и квартален план.

Во текот на дадениот квартал, буџетските корисници може да достават барање за измена на кварталниот план по сметки, по потпрограми и по расходни ставки, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани.

49. Ако се врши прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на Централната власт, или ако се врши прераспределба на средства меѓу расходни ставки и потпрограми во рамките на буџетот на буџетскиот корисник, или ако се врши прераспределба на средства меѓу единките корисници на буџетот на општината, потребно е да се достави барање за измена на годишниот и кварталниот план.

Во одредени случаи кога планираната динамика на расходи од Централниот буџет значително отстапува од динамиката на остварување на буџетските приходи, Трезорот може да ги ревидира и одобри годишните и кварталните финансиски планови на буџетските корисници на тој начин што ќе ја следат планираната динамика на остварување на буџетските приходи.

50. Во текот на годината, за расходните ставки 401 и 402, буџетските корисници на Централната власт, изготвуваат предлог на месечен финансиски план, кој го доставуваат до Министерството за финансии - Сектор за буџет и фондови, заедно со потребната документација, најдоцна три дена пред денот на исплата на платата во тековниот месец, заради негово одобрување.

За доставување на месечниот финансиски план се користи образецот за квартален план, во кој се внесуваат износи само за тековниот месец. Месечниот финансиски план за расходните ставки 401 и 402 , се изготвува поодделно за секоја сметка и по потпрограми.

Доколку доставената документацијата од ставот 1 од оваа точка е некомплетна и содржи формален недостаток што го спречува постапувањето по барањето Министерството за финансии - Сектор за буџет и фондови ја враќа документацијата на буџетскиот корисник на исправка или дополнување.

Изготвениот месечен финансиски план се доставува до Трезорот.

51. Одобрувањето на финансиските планови за плати за расходните ставки 401 и 402 на сметките на буџетот на општината го врши Трезорот.

Одобрувањето на финансиските планови за плати за расходните ставки 401 и 402, на сметките на единките корисници на средства од буџетот на општината, се врши врз основа на формулар Образец Ф6 доставен од страна на општината до надлежните министерства, кои потоа се доставуваат до Министерството за финансии - Сектор за буџет и фондови и по извршената проверка се доставуваат до Трезорот. Трезорот истите ги одобрува врз основа на доставените месечни финансиски планови, а за сметките на буџетот на дотации одобрувањето на финансиските планови се врши во рамки на износот на дотацијата на сметката на општината.

52. За користење на средствата од сметката за расходи на дотации наменети за противпожарна заштита во буџетот на општината, буџетските корисници доставуваат месечен план или квартален план по месеци за расходните ставки 401 и 402 до Трезорот, најдоцна пет дена пред почетокот на месецот или кварталот за кој се однесува планот заради негово одобрување, во рамки на износот на дотацијата на сметката на општината.

За користење на средства од сметката за расходи на дотации наменети за збирни јавни набавки, потребно е до Трезорот да се достави квартален финансиски план и договор за склучена јавна набавка.

## VII. Уплати и исплати на сметките на буџетите и на буџетските корисници во рамки на трезорската сметка

53. На товар на сметката на Основниот буџет (630) се врши:

- пренос (трансфер) на средства на сметките на основниот буџет (637 и 603) на буџетските корисници, кога се вршат плаќања од тие сметки,
- враќање на повеќе или на погрешно уплатени приходи и други приливи на Основниот буџет.
- Во корист на сметката на Основниот буџет се вршат уплати по основ на:
- приходи и други приливи на Основниот буџет и
- враќање на повеќе или на погрешно платени средства.

54. Буџетските корисници на товар на сметките на Основниот буџет (637, 603) вршат:

- плаќања кон сметки надвор од трезорската сметка и на сметки на другите буџетски корисници (освен на сметките на буџетот од донации и заеми и сметките на расходи на буџетот на дотации),
- пренос на средства на своите сметки за донации и заеми по основ на буџетско учество по одредени проекти.
- Во корист на овие сметки, кои на дневна основа завршуваат со салдо “0”, се врши исклучиво пренос на средства од Основниот буџет (630).

55. Буџетските корисници на товар на сметката на Основниот буџет (631) можат да вршат:

- плаќања по разни основи кон сметки надвор од трезорската сметка;
- плаќање кон сметки на други буџетски корисници (освен сметките на буџетот за дотации, сметките на расходи на буџетот на дотации, донации и заеми).
- Во корист на овие сметки се вршат:
- уплати од сметки надвор од трезорската сметка и од сметки на другите буџетски корисници,
- враќање на повеќе или на погрешно платени средства.

56. Буџетските корисници на товар на сметката на буџетот на самофинансирачки активности (787, 788) вршат плаќања по разни основи кон сметки надвор од трезорската сметка, како и на сите сметки на другите буџетски корисници, освен на сметките на буџетот на дотации, сметките на расходи на буџетот на дотации, донации и заеми.

Во корист на сметката на буџетот од самофинансирачки активности се вршат:

- уплати од сметки надвор од трезорската сметка, како и од сите сметки на другите буџетски корисници,

- враќање на повеќе или на погрешно платени средства.

57. Буџетските корисници на товар на сметките на буџет на донации (785) вршат плаќања по разни основи кон сметки надвор од трезорската сметка и на сметки на други буџетски корисници, освен сметките на буџет на заеми, донации, сметките на буџетот на дотации и сметките на расходи на буџетот на дотации.

Во корист на сметките на буџет на донации се вршат:

- уплати на донации од донатори,
- пренос на средства од сметките на основниот буџет (637 и 603) на истиот буџетски корисник по основ на уплата на буџетско учество и
- враќање на повеќе или на погрешно платени средства;

58. Буџетските корисници на товар на сметките на буџет на заеми (786) вршат плаќања по разни основи кон сметки надвор од трезорската сметка и на сметки на други буџетски корисници, освен на сметките на буџет на заеми, донации и дотации.

Во корист на сметките на буџет на заеми се вршат:

- уплати од сметките на заемодавачи и заемопримачи,
- пренос од сметката на основниот буџет на истиот буџетски корисник по основ на буџетско учество и
- враќање на повеќе или на погрешно платени средства.

59. На товар на сметките на буџетот на фондовите се вршат плаќања по разни основи кон сметки надвор од трезорската сметка и на сметките на други буџетски корисници, освен на сметките на буџет на заеми, дотации и донации.

Во корист на сметката на буџетот на фондовите се вршат уплати по основ на:

- приходи и други приливи и
- враќање на повеќе или на погрешно уплатени средства.

60. На товар на сметките на буџетот на приходи на дотации (930) се вршат:

- пренос (трансфер) на средства на сметките на расходи на буџетот на дотации (937 и 903) на буџетските корисници при плаќања од тие сметки и
- враќање на повеќе или на погрешно платени средства.

Во корист на сметките на буџетот на дотации (930) се вршат:

- уплати од страна на буџетските корисници од сметката на основниот буџет (637) и
- враќање на повеќе или на погрешно платени средства.

61. На товар на сметките на расходи на буџетот на дотации (937 и 903) се вршат:

- плаќања кон сметки надвор од трезорската сметка и на сметки на другите буџетски корисници (освен на сметките на буџетот на донации, заеми и дотации).

Во корист на овие сметки, кои на дневна основа завршуваат со салдо “0”, се врши исклучиво пренос на средства од буџетот на приходи на дотации (930).

62. Во корист и на товар на уплатните сметки (840, 841, 842, 843 и 845) се вршат уплати, односно поврати и пренасочувања согласно со Упатството за начинот на евидентирање и распоредување и поврат на јавните приходи.

63. На товар на сметките за самопридонес на општините (784) се врши:

- пренос (трансфер) на средства на сметката на основниот буџет на општината (630) и
- враќање на повеќе или на погрешно платени средства.

Во корист на сметките за самопридонес на општините (784) се вршат уплати од обврзниците за самопридонес.

64. На товар на депозитните сметки (696) се врши:

- поврат на депозитите,
- пренос (трансфер) на други сметки и
- плаќања по разни основи.

Во корист на депозитните сметки (696) се вршат уплати на депозити.

65. Во корист и на товар на сметките (661, 697, 789, 899 и други типови на сметки) се вршат уплати и исплати согласно со потребите на имателите на сметките.

66. По барање на буџетскиот корисник, Трезорот може да дозволи и друга дополнителна комуникација помеѓу сметките, доколку истата е неопходна поради специфичноста во работењето на одредени буџетски корисници и тоа:

- кога буџетски корисник кој во својот состав има единки корисници, остварува приходи од донации, односно од проектни заеми за проект во кој учесници се и единките корисници и треба да се пренесат (трансферираат) средства на сметките на буџетот на донации, односно на сметките на буџетот на заеми на единките корисници;
- кога еден буџетски корисник остварува приходи од донации, односно проектни заеми, а во проектот учествуваат и други буџетски корисници или единки корисници и на истите треба да се пренесат средства на сметките за донации, односно на сметките за проектни заеми;
- кога буџетскиот корисник, покрај редовната дејност, врши и друга дејност која се финансира од приходи од основниот буџет (631) или од буџетот на самофинансирачки активности (787), при што истиот и ги користи тие услуги, за што е потребно да се изврши плаќање од друга негова сметка и
- други специфични случаи, по претходна согласност на Трезорот.

## VIII. Извршување на плаќања за потребите на буџетските корисници

67. Буџетските корисници ги доставуваат барањата за плаќање до трезорските канцеларии најмалку еден работен ден пред денот кога треба да се изврши плаќањето и тоа, најдоцна до 14.00 часот во тековниот ден.

Трезорската канцеларија во Скопје по 12.30 часот прима само барања за плаќања кои се доставени на електронски медиум.

68. Барањата за плаќања за девизни трансакции, буџетските корисници ги доставуваат до трезорските канцеларии најдоцна до 10.30 часот и по нивното одобрување од страна на Трезорот се извршуваат истиот ден.

69. За исплата на плати, надоместоци и придонеси, буџетските корисници ги доставуваат барањата за плаќања на образец 60 или 62 и 70 до трезорските канцеларии по истекот на месецот за кој се однесува платата.

При исплата на плата буџетските корисници задолжително во полето "цел на дознака" во барањата за плаќања обрасците 60 или 62 и 70 потребно е да го впишат и фолио бројот.

При исплата на средства за задршки од плата не е потребно во полето "цел на дознака" да се впише фолио бројот.

Во случај кога се врши задршка од плата, а средствата е потребно да се рефундираат во соодветните буџети од каде е извршено финансирањето се користи образец 70 при што во полето "цел на дознака" се впишува сметката, расходната потставка и програмата на која треба да се изврши сторнирањето на расходот. За спроведување на оваа постапка потребно е да се добие согласност од Трезорот.

70. Во трезорските кацеларии се врши контрола на барањата за плаќање од формален аспект (дали се уредно и правилно пополнети сите елементи во барањето за плаќање, дали се потпишани и заверени од овластени лица и сл.).

Во случај кога барањата за плаќање не ја задоволуваат контролата од формален аспект, како и кога податоците внесени во барањата за плаќање не соодветствуваат со податоците од единствената база на податоци во Трезорот, истите се враќаат на буџетскиот корисник.

71. По приемот и извршената проверка на барањата за плаќање во трезорските канцеларии се врши внесување на податоците од поднесените барања за плаќања во системот. Барањата за плаќање се внесуваат мануелно или преку електронски медиум.

72. Трезорот врши проверка дали барањата за плаќање се во согласност со одобрениот годишен буџет за буџетскиот корисник, кумулативниот план, реализацијата (намалена за износот на пријавените преземени обврски) и расположивото салдо на сметките.

Барањата за плаќања не се одобруваат доколку не се во согласност со став 1 од оваа точка.

Барањата за плаќање не се одобруваат и кога расходната потставка не е во согласност со намената и основот за плаќање, наведена во целта на дознака, по писмено барање на буџетскиот корисник, како и во други случаи кога Трезорот ќе утврди дека истото е неопходно.

Одобрените плаќања се извршуваат најрано наредниот работен ден.

73. Одобрените барања за плаќање од сметките на буџетските корисници кон сметки надвор од трезорската сметка, Трезорот ги доставува во посебен формат по електронски пат до Народната банка на Република Македонија, заради нивно извршување.

74. За подигање на готовина од страна на буџетските корисници, барањето за исплата на готовина (Образец 80) се доставува до трезорската канцеларија во два примерока, најмалку еден ден пред денот на бараната исплата на готовината, од кои еден се задржува во трезорската канцеларија, а другите се заверуваат со потпис од страна на вработено лице во трезорската канцеларија и се враќаат на буџетскиот корисник.

Барањето во трезорската канцеларија се контролира и се одобрува согласно точка 70 од ова упатство.

Доколку барањето се одобри, готовината се подига наредниот ден, на шалтерите на некоја од филијалите, односно експозитурите на деловната банка, со која Министерството за финансии има склучено договор за вршење на услуги за готовински исплати.

Лицето овластено за подигање на готовината, (чие име и презиме е запишано на образецот), од соодветниот буџетски корисник, ја подига готовината врз основа на документ за лична идентификација и тоа во периодот од 7 до 13 часот.

75. По одобрувањето на барањата за плаќање се врши нивно евидентирање во трезорската главна книга.

76. Буџетските корисници на дневна основа добиваат изводи за прометот и состојбата на своите сметки заради следење и евидентирање на промените на истите, како и на уплатните сметки за кои се надлежни, во писмена форма од трезорските канцеларии или по електонски пат од Трезорот.

77. Во случај на погрешно или повеќе платени средства од сметките на Основниот буџет (637 и 603) на буџетските корисници, враќањето на средствата се врши на сметката на основниот буџет (630).

Во случај на погрешно или повеќе платени средства од сметките на расходи на буџетот на дотации (937 и 903) на буџетските корисници, враќањето на средствата се врши на сметката на приходи на буџетот на дотации (930).

78. Во случај кога буџетскиот корисник има потреба од корекција на одредени приходни или расходни ставки, кои при платниот промет биле погрешно искажани односно во случај на поврат на погрешно или повеќе платени средства согласно точка 77 од ова упатство, буџетскиот корисник доставува до Трезорот писмено барање за прекнижување за правилно искажување на видот на расходот, односно приходот, со образложение за настанатата грешка, како и фотокопија од дневниот извод за промет и состојба на сметката.

79. Буџетските корисници на месечна основа потребно е да вршат усогласување на податоците за остварени приходи и реализирани расходи во Трезорската главна книга со податоците од нивната сметководствена евиденција, и тоа најдоцна до крајот на тековниот месец за податоците од претходниот месец.

80. Во случај кога буџетските корисници имаат отворени сметки по основ на буџетско учество, по завршување на проектот неискористениот дел од средствата буџетските корисници потребно е да го вратат на сметката на основниот буџет (630).

81. Во случај кога буџетските корисници имаат отворени девизни акредитиви во Народната банка на Република Македонија, неискористениот дел од акредитивите по истекување на рокот на го враќаат на сметката на основниот буџет (630).

## IX. Водење на евиденција на преземените обврски на буџетските корисници

82. Буџетските корисници водат евиденција на преземените обврски.

83. Евидентирањето на пријавување, менување и поништување на преземените обврски од страна на буџетските корисници се врши со поднесување на два примерока од образецот О1 за преземени обврски даден во Прилог 7 кој е составен дел на ова упатство. Доставувањето на О1 обрасците во трезорските канцеларии се врши најдоцна до 14 часот.

84. Еден примерок од образецот О1 останува во Трезорската канцеларија, а вториот примерок го задржува буџетскиот корисник.

85. Буџетските корисници ги пријавуваат преземените обврски за склучен договор, порачка, решение за службено патување, законска обврска и други документи кои можат да предизвикаат обврска за плаќање во некој иден период, за износ еднаков или поголем од

5.900,00 евра во денарска противвредност и тоа за видови на расходи кои се наведени во точка 101 од ова упатство, освен за исплатите кои се вршат од разделот 09002- Министерство за финансии - функција на држава.

86. Пријавувањето на преземените обврски се врши во рок од 10 работни дена, од денот на нивното настанување. Ден на настанување на обврската е датумот кога документацијата, која е основ за преземање на истата, е потпишана и заверена од страна на буџетскиот корисник.

Доколку буџетскиот корисник не ја пријави обврската во дадениот рок потребно е да достави писмено образложение до трезорската канцеларија, со цел обврската да биде пријавена.

87. Кога повеќе буџетски корисници учествуваат во преземање на обврска кон еден добавувач, односно се работи за договор во кој се вклучени повеќе страни, секој буџетски корисник поединечно ја пријавува преземената обврска со образецот О1, за сопствениот дел од обврската, доколку износот на истата е еднаков или поголем од 5.900,00 евра.

88. Во случај на пријавување на преземени обврски по договори во кои е утврдена само вкупната вредност на договорот или едничената цена на добрата или услугите кои се предмет на договорот, и во кои износот на месечните обврски зависи од количината на извршените испораки, буџетскиот корисник, во терминискиот план ги утврдува и пријавува вкупните месечни износи на преземените обврски, а исплатите по истите можат да се извршуваат во текот на месецот со доставување на едно или повеќе барања за плаќање зависно од извршените испораки.

89. При пријавување на преземените обврски кај кои износот во документацијата која е основ за нивно преземање е искажан во странска валута, односно постои девизна клаузула, истиот се пријавува во валутата во која е преземена обврската.

90. Трезорот ги евидентира пријавените обврски од страна на буџетските корисници, во единствена база на податоци, со внесување на елементите од образецот О1.

Доколку елементите во образецот О1 не се уредно, целосно и правилно пополнети, како и кога податоците внесени во образецот О1 не соодветствуваат со податоците од единствената база на трезорот, пријавените преземени обврски нема да бидат евидентирани и буџетските корисници е потребно да доставаат нов образец О1 со правилно пополнети елементи до трезорските канцеларии, заради нивно евидентирање.

91. При внесување на податоците од образецот О1, се врши проверка на сметката на буџетскиот корисник, потпрограмата и расположивиот износ на расходната ставка од која ќе се вршат плаќањата (овој износ треба да биде еднаков или помал од износот на планираниот годишен износ на расходи на потставката намален за износот на веќе преземените евидентирани, а не исплатени обврски и намален за износот на вкупната реализација на потставката).

По извршената проверка на евидентираната преземена обврска и се доделува број.

92. Буџетските корисници се информираат за бројот на пријавената обврска преку изводот за прометот и состојбата на сметката.

93. Буџетските корисници пријавуваат промена на евидентираните преземени обврски, при што во образецот О1 се пополнуваат следниве елементи: бројот на обврската, елементите кои се менуваат, “датум и место на поднесување” и “потпис и печат”. Промената на пријавената преземена обврска ќе се евидентира доколку податоците од образецот О1 ги задоволуваат критериумите на контрола наведени во точка 91 од ова упатство.

94. Во случај на раскинување на склучен договор, повлекување на издадено решение, неисполнување на обврски од добавувачот и сл. буџетските корисници ги поништуваат претходно евидентираните пријавени преземени обврски.

95. При поднесување на образецот О1 за поништување на обврската, буџетските корисници ги пополнуваат само елементите “број на обврска”, “датум и место на поднесување” и “потпис и печат”.

96. Во случај кога буџетските корисници претходно вршеле плаќања по евидентираните пријавени преземени обврски кои делумно се поништуваат, истите се поништуваат само за износот кој останува за плаќање.

97. При плаќање на претходно евидентираните пријавени преземени обврски, буџетскиот корисник во барањето за плаќање, во полето “цел на дознака” ги впишува буквите”ОБ” и го внесува бројот на преземената обврска, потоа ја впишува буквата “Р” и го внесува бројот на рата по која се врши плаќање согласно со терминскиот план за плаќање.

Износот наведен во барањето за плаќање треба да биде еднаков или помал од износот наведен во терминскиот план за плаќање.

98. Плаќањето на претходно евидентираната пријавена преземена обврска треба да се изврши согласно со терминскиот план за плаќање наведен во образецот О1, но не подоцна од 30 дена по истекот на истиот.

99. Кога се врши плаќање на пријавена преземена обврска од точка 88 од ова упатство, вкупниот износ на сите барања за плаќање поднесени за плаќање на месечната обврска, треба да биде еднаков или помал од износот на месечната обврска наведен во терминскиот план.

100. Доколку буџетските корисници не поднесат барање за плаќање во рокот утврден во точка 98 од ова упатство, потребно е да извршат промена на термините за плаќање со поднесување на образецот О1.

101. Буџетските корисници ги пријавуваат преземените обврски за следниве видови расходи и тоа:

412-Постојана резерва ( непредвидливи расходи)

413-Тековни резерви ( разновидни расходи)

420-Патни и дневни расходи

Во оваа група на расходи се врши пријавување на преземени обврски за следниве расходни потставки:

420210 - Патување во странство - хранарина (дневници)

420220 - Патување во странство - патни расходи

420230 - Патување во странство - сместување

420240 - Патување во странство - споредни расходи

421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт

Во оваа група на расходи се врши пријавување на преземените обврски за следниве расходни потставки:

421220 - Дрва

421230 - Јаглен

421240 - Течни горива

421290 - Други материјали за греење

421430 - Транспорт на стоки

421440 - Транспорт на луѓе

423-Материјали и ситен инвентар- - за оваа расходна ставка се врши пријавување на преземените обврски за сите расходни потставки;

424-Поправки и тековно одржување - за оваа расходна ставка се врши пријавување на преземените обврски за сите расходни потставки;

425-Договорни услуги - за оваа расходна ставка се врши пријавување на преземените обврски за сите расходни потставки;

426-Други тековни расходи - за оваа расходна ставка се врши пријавување на преземените обврски за сите расходни потставки;

427-Привремени вработувања

45-Каматни плаќања - за оваа категорија на расходи се врши претходно пријавување на обврските согласно со амортизациониот план;

480-Купување на опрема и машини - за оваа расходна ставка се врши пријавување на преземените обврски за сите расходни потставки;

481-Градежни објекти - за оваа расходна ставка се врши пријавување на преземените обврски за сите расходни потставки;

482- Други градежни објекти - за оваа расходна ставка се врши пријавување на преземените обврски за сите расходни потставки;

483-Купување на мебел - за оваа расходна ставка се врши пријавување на преземените обврски за сите расходни потставки;

484- Стратешки стоки и други резерви - за оваа расходна ставка се врши пријавување на преземените обврски за сите расходни потставки;

485- Вложувања и нефинансиски средства - за оваа расходна ставка се врши пријавување на преземените обврски за сите расходни потставки;

486- Купување на возила - за оваа расходна ставка се врши пријавување на преземените обврски за сите расходни потставки;

49-Отплата на главнина - За оваа категорија на расходи се врши пријавување на преземените обврски за сите расходни потставки.

## X. Доставување на податоци за достасани ненамирени обврски на буџетските корисници

102. Буџетските корисници на основниот буџет на Република Македонија најдоцна до 10-ти во тековниот месец доставуваат преглед на достасани ненамирени обврски, даден во Прилог 8, кој е составен дел на ова упатство, со состојба од последниот ден на претходниот месец.

Прегледот на достасани ненамирени обврски ги содржи следните податоци:

- раздел на буџетскиот корисник,
- РКБ на буџетскиот корисник,
- назив на буџетскиот корисник,
- обврски до 30 дена (освен за расходните ставки 401 и 402 ),
- обврски до 60 дена (освен за расходните ставки 401 и 402 ),
- обврски над 60 дена (утужени, неутужени и вкупно, освен за расходните ставки 401и 402),
- вкупно ненамирени обврски по достасаност (освен за расходните ставки 401 и 402),
- вкупно ненамирени обврски по расходна ставка и
- вкупно ненамирени обврски за сите расходни ставки.

За сите достасани ненамирени обврски над 60 дена буџетскиот корисник доставува детално писмено образложение.

103. Буџетските корисници кои во својот состав имаат единки корисници доставуваат збирен преглед за своите обврски и за обврските на своите единки.

104. Доколку буџетските корисници не го достават прегледот на достасани ненамирени обврски во предвидениот рок, Трезорот може да го одложи одобрувањето на финансиските планови на буџетскиот корисник или да го одложи одобрувањето на барањата за плаќање поднесени од страна на буџетскиот корисник.

## XI. Спроведување на времено финансирање на буџетските корисници

105. Во услови кога Буџетот на РМ односно Буџетот на општината не е донесен до 31.12 во тековната година за наредната фискална година, Трезорот одобрува исплати на средства по сметки, по потпрограми и ставки на буџетските корисници, но најмногу до една третина од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година најдоцна до 31-ви март.

Висината на една третина од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година по сметки, по потпрограми и ставки за секој буџетски корисник ја пресметува Трезорот. Врз основа на пресметката на Трезорот, буџетскиот корисник може да врши прераспределби на средства меѓу потпрограми и ставки согласно потребите.

## XII. Најавување на очекувани приходи и планирани расходи

106. Заради планирање на ликвидноста на трезорската сметка, буџетските корисници до Министерството за финансии ги најавуваат сите очекувани приливи и планирани одливи чиј неделен кумулативен износ е еднаков или поголем од 10.000.000,00 денари, најдоцна до последниот работен ден од тековната недела, за да бидат вклучени во проектираните приливи и одливи за наредната недела. Во најавата е потребно да се наведе типот на сметката, двоцифреното конто, износот и деновите во кои ќе се реализираат приливите и одливите.

Доколку буџетските корисници, во предвидениот рок, не ги најават сите очекувани приливи и планирани одливи Трезорот може да го одложи одобрувањето на барањата за плаќање поднесени од страна на буџетскиот корисник.

## XIII. Преодни и завршни одредби

107. Со влегување во сила на ова упатство, престанува да важи Упатството за трезорско работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/06).

108. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-44520/1 Заменик претседател на Владата
28 декември 2009 година и министер за финансии,
Скопје м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

Прилог 1

## ОБРАЗЕЦ РКБ

### ЗА УПИС НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ ВО РЕГИСТАРОТ НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИЦИ

**1. Единствен матичен број на субјектот - ЕМБС :**
(издаден од Централен регистар) | | | | | | | | (се пополнуваат 7 бројки)

**2. Регистарски кориснички број - РКБ:** | | | | | |
(овој податок го пополнува Министерството за финансии)

**3. Раздел** | | | | | | (се пополнуваат 5 бројки)

**4. Назив на буџетски корисник**

________________________________________

________________________________________

**5. Улица и број** ______________________________

________________________________________

**6. Населено место** ________________________

**7. Општина** ________________________

**8. Единствен даночен број (ЕДБ)** | | | | | | | | | | | | | | (се пополнуваат 13 бројки)

**9.Шифра на оргаизационен облик на субјектот**
(издаден од Државен завод за статистика) | | | | | | (се пополнуваат 5 бројки)

**10. Шифра на регистрирана претежна дејност**
(согласно со националната класификација на дејности) | | | | | | (се пополнуваат 5 бројки)

**11.Ознака на буџетски корисник (прва / втора линија)** | |
(овој податок го пополнува Министерството за финансии)

**12. Број на телефон** ________________________

**13. Број на телефакс** ________________________

**14. Адреса на електронска пошта на органот /институцијата** ________________

**15. Име и презиме на лице за контакт со Трезорот**

________________________________________

**16. Број на телефон на лицето за контакт со Трезорот** ________________

**17. Адреса на електронска пошта на лицето за контакт со Трезорот** ________________

**18. Име и презиме на раководното лице на органот/ институцијата**

________________________________________

**19.Единствен матичен број на раководното лице (ЕМБГ)** | | | | | | | | | | | | | | (се пополнуваат 13 бројки)

**Датум на поднесување:** ________________

**Потпис на раководното лице и печат** ________________

** Формуларот и другата документација потребно е да бидат на македонски јазик со кирилично писмо.*

Прилог 2

ОБРАЗЕЦ ОС

ЗА ОТВОРАЊЕ НА СМЕТКА НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

**1. Единствен матичен број на субјектот-ЕМБС :** | | | | | | | |
(издаден од Централен регистар) (се пополнуваат 7 бројки)

**2. Регистарски кориснички број - РКБ:** | | | | | |
(се пополнуваат 5 бројки)

**3. Раздел** | | | | | |
(се пополнуваат 5 бројки)

**4. Назив на буџетскиот корисник:**

________________________________________

________________________________________

**5. Тип на сметка:**

а) 630, 637, 603 или 631 - сметки на основен буџет ________________
(наведете кој тип на сметка)

б) 660 - сметка на буџетот на фондовите

в) 785 - сметка на буџет на донации

г) 786 - сметка на буџет на заеми

д) 787 или 788 - сметки на буџет од самофинансирачки активности ________
(наведете кој тип на сметка)

ѓ) 930 - сметки на приходи на буџет на дотации

е) 937, 903 - сметки на расходи на буџет на дотации ________________
(наведете кој тип на сметка)

ж) 784 -сметка за самопридонес на општини

з) 696 - депозитна сметка

ѕ) 889 - преодна сметка

и) 697 или 789 - наменски сметки ________________
(наведете кој тип на сметка)

ј) други типови на сметки

**6.Опис на изворот на финансирање**
(на депозитот, грантот, донацијата, заемот-кредитот, самофинансирачката активност)

________________________________________

________________________________________

________________________________________

**7. Приходите ќе се евидентираат на:**

| **Приходни конта:** (шифра на приходи) | **Потпрограма :** (изразена со 2 алфанумерички знаци) |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

**8. Трезорска канцеларија** ________________

**Датум на поднесување :** **Потпис на раководното лице и печат**

________________ ________________

** Формуларот и другата документација потребно е да бидат на македонски јазик со кирилично писмо.*
*Прилог на овој образец е картон на депонирани потписи од сите овластени потписници на сметката*

Прилог 3

Министерство за финансии на Република Македонија

# КАРТОН НА ДЕПОНИРАНИ ПОТПИСИ

| Трезорска канцеларија | Број на сметка |
|---|---|
| | |

| Назив на буџетскиот корисник | ЕМБС на буџетскиот корисник |
|---|---|
| | |

| Населено место | Општина | Адреса | Телефон |
|---|---|---|---|
| | | | |

| рб | Име и презиме / ЕМБГ или број на пасош | Потпис на потписникот |
|---|---|---|
| 1 | | 2 3 4 5 6 7 8<br>потпишува колективно со |
| 2 | | 1 3 4 5 6 7 8<br>потпишува колективно со |
| 3 | | 1 2 4 5 6 7 8<br>потпишува колективно со |
| 4 | | 1 2 3 5 6 7 8<br>потпишува колективно со |
| 5 | | 1 2 3 4 6 7 8<br>потпишува колективно со |
| 6 | | 1 2 3 4 5 7 8<br>потпишува колективно со |

Начин на потпишување на овластените лица:

1.Со еден потпис може да се потпишуваат лицата под реден број: ____________

2.Со [2, 3, 4] потписи може да се потпишуваат лицата под реден број: ____________

Забелешка:

| Име и презиме на раководното лице на буџетскиот корисник |
|---|
| |
| Потпис |

Печат на институцијата

м.п.

Печат со кој се заверуваат барањата за плаќања

м.п.

Потпис на овластениот работник во Министерството за финансии и печат

Датум на заверка:

Датум на прием: ____________ Примил-вработен: ____________ картонот важи до: ____________

*Формуларот и другите документации потребно е да бидат на македонски јазик со кирилично писмо.

Прилог 4

Образец 60

**БАРАЊЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ**
**кои сметки надвор од трезорската сметка**

**Трезорска канцеларија** **Датум на валута** **60**

Трезорска сметка **100000000063095**

Трансакциска сметка

Сметка на буџетски корисник

Назив и седиште на буџетски корисник

Назив и седиште на примач

Расходно конто

Потпрограма

Износ

МКД

Цел на дознака

Повикување на број - одобрување

**Потпис и печат**

Датум и место на поднесување

место за потврда на прием

Содржина на елементите на образец 60 и начин на пополнување:

1. Во елементот"трезорска канцеларија", се впишува алфанумерички податок кој укажува на седиштето на трезорската канцеларија.

2. Во елементот "датум на валута", се впишува алфанумерички податок кој го означува календарскиот датум кога треба да се изврши плаќањето.

3. Елементот "трезорска сметка", кој е сочинет од 15 нумерички знаци го означува бројот на трезорската сметка - 100000000063095.

4. Во елементот "сметка на буџетски корисник", се впишуваат 15 нумерички знаци кои ја означуваат сметката на буџетскиот корисник од која треба да се изврши плаќање.

5. Во елементот "назив и седиште на буџетски корисник", се впишува алфанумерички податокот за називот и седиштетото на буџетскиот корисник од чија сметка треба да се изврши плаќањето.

6. Во елементот "расходно конто", се впишуваат 6 нумерички знаци кои го означуваат видот на расходот, а се пополнуваат согласно со Правилникот за класификација на расходите.

7. Во елементот "потпрограма", се впишуваат 2 нумерички знака кои ја означуваат потпрограмата на буџетскиот корисник согласно со Буџетот за тековната фискална година.

8. Во елементот "цел на дознака", се впишува алфанумерички податок кој се однесува на намената и основот за плаќање (број на договор по кој се плаќа, број на фактура и сл.).

9. Во елементот "потпис и печат", се потпишува овластено лице на буџетскиот корисник кое се оверува со печат на буџетскиот корисник.

10. Во елементот “трансакциска сметка”се впишуваат 15 нумерички знаци кои ја означуваат сметката во чија корист треба да се изврши плаќањето.

11. Во елементот “назив и седиште на примачот”, се впишува алфанумерички податок кој го означува називот и седиштето на имателот на сметката во чија полза се врши плаќањето.

12. Во елементот “износ”, се впишува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња за износ, се ставаат две ѕвездички (**) заради избегнување на злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места), со што полето, со запирка, дените ги издвојува од денарите. Во полето за дени се впишуваат два нумерички знака “00” или “50”.

13. Во елементот “повик на број - одобрување”, се впишува алфанумерички податок кој претставува претходно договорен број помеѓу буџетскиот корисник и примачот, а содржи дополнителни информации за основот за плаќањето.

14. Во елементот “датум и место на поднесување”, се впишува нумерички податок за датумот кога е поднесено барањето за плаќање и алфанумерички податок за местото каде е поднесено барањето за плаќање.

15. Елементот “место за потврда на прием”, го пополнува овластено лице во трезорската канцеларија кој служи како доказ дека буџетскиот корисник доставил барање за плаќање.

Образец 70


БАРАЊЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ЈАВНИ ДАВАЧКИ
И ЗА ПЛАЌАЊА ПОМЕЃУ БУЏЕТСКИ КОРИСНИЦИ
Трезорска канцеларија
Датум на валута
Образец 70
Сметка на буџетски корисник
Назив и седиште на примач
Назив и седиште на буџетски корисник
Уплатна сметка
Расходно конто
Потпрограма
Сметка на буџетски корисник- примач
Единствен даночен број/ЕМБГ
Приходно конто
Потпрограма
Цел на дознака
Износ
МКД
Потпис и печат
Датум и место
на поднесување
место за потврда на прием

Содржина на елементите на образец 70 и начин на пополнување:

1. Во елементот “трезорска канцеларија”, се впишува алфанумерички податок кој укажува на седиштето на трезорската канцеларија.

2. Во елементот "датум на валута", се впишува алфанумерички податок кој го означува календарскиот датум кога треба да се изврши плаќањето.

3. Во елементот "сметка на буџетски корисник", се впишуваат 15 нумерички знаци кои ја означуваат сметката на буџетскиот корисник од која треба да се изврши плаќањето.

4. Во елементот "назив и седиште на буџетски корисник", се впишува алфанумерички податокот за називот и седиштетото на буџетскиот корисник од чија сметка треба да се изврши плаќањето.

5. Во елементот "расходно конто", се впишуваат 6 нумерички знаци кои го означуваат видот на расходот, а се пополнуваат согласно со Правилникот за класификација на расходите.

6. Во елементот "потпрограма", се впишуваат 2 нумерички знака кои ја означуваат потпрограмата на буџетскиот корисник од чија сметка се врши плаќањето согласно со Буџетот за тековната фискална година.

7. Во елементот "единствен даночен број", се впишуваат 13 нумерички знаци кои претставуваат идентификација на даночниот обврзник.

8. Во елементот "цел на дознака", се впишува алфанумерички податок кој се однесува на намената и основот за плаќање (број на договор по кој се плаќа, број на фактура и сл.).

9. Во елементот "потпис и печат", се потпишува овластено лице на буџетскиот корисник кое се оверува со печат на буџетскиот корисник.

10. Во елементот "назив и седиште на примач", се впишува алфанумерички податок кој го означува називот и седиштето на примачот во чија полза се врши плаќањето.

11. Во елементот "уплатна сметка", се впишува нумерички податок за уплатната сметка согласно со Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи, а служи за аналитичка евиденција на видот на приходот. Овој елемент се пополнува само доколку се врши плаќање на даночна обврска или за друга јавна давчка која се евидентира преку уплатна сметка.

12. Во елементот "сметка на буџетски корисник - примач", се впишува нумерички податок кој ја означува сметката на буџетскиот корисник во чија полза се врши уплатата. Овој елемент се пополнува само доколку се врши плаќање помеѓу буџетски корисници и при пренос на средства во рамки на ист буџетски корисник.

13. Во елементот "приходно конто", се впишува нумерички податок од 6 знаци, а се пополнува согласно со Правилникот за класификација на приходите.

14. Во елементот "потпрограма", се впишуваат 2 нумерички знака кои ја означуваат потпрограмата на буџетскиот корисник кон чија сметка се врши плаќањето, согласно со Буџетот за тековната фискална година. Овој елемент се пополнува само доколку се врши плаќање помеѓу буџетски корисници и пренос на средства меѓу сметки на ист буџетски корисник.

15. Во елементот "износ", се впишува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња за износ, се ставаат две ѕвездички (**) заради избегнување на злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места), со што полето, со запирка, дените ги издвојува од денарите. Во полето за дени се впишуваат два нумерички знака "00" или "50".

16. Во елементот "датум и место на поднесување", се впишува нумерички податок за датумот кога е поднесено барањето за плаќање и алфанумерички податок за местото каде е поднесено барањето за плаќање.

17. Елементот "место за потврда на прием", го пополнува овластено лице во трезорската канцеларија кој служи како доказ дека буџетскиот корисник доставил барање за плаќање.

Образец 80


БАРАЊЕ ЗА ИСПЛАТА НА ГОТОВИНА

Трезорска канцеларија

Датум на валута

80

Трезорска сметка 100000000063095

Сметка на буџетски корисник

Назив и седиште на буџетски корисник

Расходно конто

Потпрограма

Цел на исплата

Потпис и печат

Назив и адреса на примач

Број на лична карта на примач

Единствен матичен број на примач

Износ

МКД

Датум и место на подесување

место за потврда на прием

Содржина на елементите на образец 80 и начин на пополнување:

1. Во елементот “трезорска канцеларија”, се впишува алфанумерички податок кој укажува на седиштето на трезорската канцеларија.

2. Во елементот “датум на валута””, се впишува алфанумерички податок кој го означува календарскиот датум кога треба да се изврши подигањето на готовината.

3. Во елементот “трезорска сметка”, се впишуваат 15 нумерички знаци кои го означуваат бројот на трезорската сметка - 100000000063095.

4. Во елементот “сметка на буџетски корисник”, се впишуваат 15 нумерички знаци кои ја означуваат сметката на буџетскиот корисник која треба да се задолжи за износот на подигнатата готовина.

5. Во елементот “назив и седиште на буџетски корисник”, се впишува алфанумерички податокот за називот и седиштето на буџетскиот корисник од чија сметка треба да се изврши подигањето на готовината.

6. Во елементот “расходно конто”, се впишуваат 6 нумерички знака кои го означуваат видот на расходот, а се пополнуваат согласно со Правилникот за класификација на расходите.

7. Во елементот “потпрограма”, се впишуваат 2 нумерички знака кои ја означуваат потпрограмата на буџетскиот корисник согласно со Буџетот за тековната фискална година.

8. Во елементот “цел на исплата”, се впишува алфанумерички податок кој се однесува на намената и основот за подигање на готовината.

9. Во елементот “потпис и печат”, се потпишува овластено лице на буџетскиот корисник кое се оверува со печат на буџетскиот корисник.

10. Во елементот “назив и адреса на примач”, се впишува алфанумерички податок кој го означува примачот на средствата. Во полето се впишува името, презимето и адресата на физичкото лице како што е евидентирано во документот за идентификација (лична карта), а кое е овластено да ја подигне готовината.

11. Во елементот “број на лична карта на примач”, се впишуваат 7 нумерички знаци и служи како потврда за идентификација при исплата на готовината.

12. Во елементот “единствен матичен број на примач”, се впишуваат 13 нумерички знаци и служи како потврда за идентификација при исплата на готовината.

13. Во елементот “износ”, се впишува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња за износ, се ставаат две ѕвездички (**) заради избегнување на злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места), со што полето, со запирка, дените ги издвојува од денарите. Во полето за дени се впишуваат два нумерички знака “00” или “50”.

14. Во елементот “датум и место на поднесување”, се впишува нумерички податок за датумот кога е поднесено барањето за исплата на готовина и алфанумерички податок за местото каде е поднесено барањето за исплата на готовина.

15. Елементот “место за потврда на прием”, го пополнува овластено лице во трезорската канцеларија кој служи како доказ дека буџетскиот корисник доставил барање за исплата на готовина.

Образец 73


БАРАЊЕ ЗА ПОВРАТ НА СРЕДСТВА
на правни лица

Трезорска канцеларија

Датум на валута

Образец 73

Трезорска сметка 100000000063095

Уплатна сметка

Сметка на буџетски корисник

Приходно конто

Потпрограма

Назив и седиште на буџетски корисник

Цел на дознака

Потпис и печат

Трансакциска сметка

Назив и седиште на примач

Единствен даночен број/ЕМБГ

Сметка на буџетски корисник- примач

Расходно конто / приходно конто

Потпрограма

Износ

МКД

Повикување на број - одобрување

Датум и место на поднесување

место за потврда на прием

Содржина на елементите на образец 73 и начин на пополнување:

1. Во елементот “трезорска канцеларија”, се впишува алфанумерички податок кој укажува на седиштето на трезорската канцеларија.

2. Во елементот “датум на валута”, се впишува алфанумерички податок кој го означува календарскиот датум кога треба да се изврши повратот на средства.

3. Во елементот “трезорска сметка”, се впишуваат 15 нумерички знаци кои го означуваат бројот на трезорската сметка 100000000063095.

4. Во елементот “уплатна сметка”, се впишува нумерички податок за уплатната сметка согласно со Упатството за начинот на евидентирање распоредување и поврат на јавните приходи, а служи за аналитичка евиденција на видот на приходот кој треба да се сторнира. Овој елемент се пополнува само доколку се врши поврат на повеќе или погрешно уплатени јавни приходи (уплатени преку уплатни сметки).

5. Во елементот “сметка на буџетски корисник”, се впишуваат 15 нумерички знаци кои ја означуваат сметката на буџетскиот корисник, или друга сметка во рамките на трезорската сметка од која треба да се изврши повратот на средства. Овој елемент се пополнува само доколку се врши поврат на повеќе или погрешно уплатени средства од сметката на буџетскиот корисник или од друга сметка во рамките на трезорската сметка.

6. Во елементот “приходно конто”, се впишува нумерички податок од 6 знаци, а се пополнува согласно со Правилникот за класификација на приходите.

7. Во елементот “потпрограма”, се впишуваат 2 нумерички знака кои ја означуваат потпрограмата на буџетскиот корисник согласно Буџетот за тековната фискална година. Овој елемент се пополнува само доколку се врши поврат на повеќе или погрешно уплатени средства од сметката на буџетскиот корисник.

8. Во елементот “назив и седиште на буџетски корисник”, се впишува алфанумерички податокот за називот и седиштетото на буџетскиот корисник од чија сметка треба да се изврши повратот на средствата, односно називот на уплатната сметка од која треба да се изврши повратот.

9. Во елементот “цел на дознака”, се впишува алфанумерички податок кој се однесува на основот за поврат на средствата (на пр. , број на решение за поврат на средства донесен од надлежен орган и сл.).

10. Во елементот “потпис и печат”, се потпишува овластено лице на буџетскиот корисник кое се оверува со печат на буџетскиот корисник.

11. Во елементот “трансакциска сметка””, се впишуваат 15 нумерички знаци кои ја означуваат сметката во чија корист треба да се изврши повратот на средствата . Доколку повратот се врши кон сметката на буџетскиот корисник, во елеметот “сметка на примачот”, се впишува трезорската сметка 100000000063095.

12. Во елементот “назив и седиште на примач”, се впишува алфанумерички податок кој го означува називот и седиштето на на примачот или буџетскиот корисник во чија полза се врши повратот на средствата.

13. Во елементот “единствен даночен број”,/ЕМБГ, се впишуваат 13 нумерички знаци кои претставуваат идентификација на даночниот обврзник. односно физичкото лице

14. Во елементот “сметка на буџетски корисник - примач”, се впишуваат 15 нумерички знаци кои ја означуваат сметката на буџетскиот корисник на која треба да се изврши повратот на средства. Овој елемент се пополнува само доколку се работи за поврат во корист на сметката на буџетскиот корисник.

15. Во елементот “расходно / приходно конто”, се впишуваат 6 нумерички знаци кои го означуваат видот на расходот кој треба да се сторнира, а се пополнуваат согласно со Правилникот за класификација на расходите односно со приходно конто, кое се пополнува согласно со Правилникот за класификација на приходите. Овој елемент се пополнува само доколку се работи за поврат во корист на сметка на буџетски корисник.

16. Во елементот “потпрограма”, се впишуваат 2 нумерички знака кои ја означуваат потпрограмата на буџетскиот корисник согласно со Буџетот за тековната фискална година. Овој елемент се пополнува само доколку се работи за поврат во корист на сметка на буџетски корисник.

17. Во елементот “износ”, се впишува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња за износ, се ставаат две ѕвездички (**) заради избегнување на злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места), со што полето, со запирка, дените ги издвојува од денарите. Во полето за дени се впишуваат два нумерички знака “00” или “50”.

18. Во елементот “повик на број - одобрување”, се впишува алфанумерички податок кој претставува претходно договорен број помеѓу налогодавачот и примачот, а содржи дополнителни информации за основот за повратот на средства.

19. Во елементот “датум и место на поднесување”, се впишува нумерички податок за датумот кога е поднесено барањето и алфанумерички податок за местото каде е поднесено барањето.

20. Елементот”место за потврда на прием”, го пополнува овластено лице во трезорската канцеларија кој служи како доказ дека буџетскиот корисник доставил барање за поврат во готови пари на физички лица.

Образец 78


БАРАЊЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Трезорска канцеларија

Датум на валута

Образец 78

Трезорска сметка 100000000063095

Уплатна сметка

Приходно конто

Потпрограма

Сметка на буџетски корисник

Уплатна сметка

Приходно конто

Потпрограма

Сметка на примач

Цел на дознака

Единствен даночен број/ЕМБГ

Износ

МКД

Потпис и печат

Датум и место на поднесување

место за потврда на прием

Содржина на елементите на образец 78 и начин на пополнување:

1. Во елементот “датум на валута”, се впишува алфанумерички податок кој го означува календарскиот датум кога треба да се изврши барањето.

2. Во елементот “уплатна сметка”, се впишува нумерички податок за уплатната сметка согласно со Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи, а служи за аналитичка евиденција на видот на приходот.

3. Во елементот “приходно конто” се впишува нумерички податок од 6 знаци, а се пополнува согласно со Правилникот за класификација на приходите.

4. Во елементот “сметка на буџетски корисник”, се впишуваат 15 нумерички знаци кои ја означуваат сметката на буџетскиот корисник . Овој елемент се пополнува само доколку се врши распределба на средства од сметка на буџетски корисник.

5,Во елементот “приходно конто”, се впишува нумерички податок од 6 знаци, а се пополнува согласно со Правилникот за класификација на приходите.

6. Во елементот “потпрограма”, се впишуваат 2 нумерички знака кои ја означуваат потпрограмата на буџетскиот корисник согласно со Буџетот за тековната фискална година

7. Во елементот “цел на дознака”, се впишува алфанумерички податок кој се однесува на основот за распределба на средствата (број на решение и сл.).

8.Во елементот “потпис и печат”, се потпишува овластено лице од овластената институција за распределба кое се оверува со печат.

9. Во елементот “уплатна сметка”, се впишува нумерички податок за уплатната сметка согласно со Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи, а служи за аналитичка евиденција на видот на приходот. Овој елемент се пополнува само доколку се врши распределба меѓу уплатни сметки, односно пренасочување

10. Во елементот “сметка на буџетски корисник” “, се впишуваат 15 нумерички знаци кои ја означуваат сметката на буџетскиот корисник или на други сметки во чија корист се врши распределба на јавните приходи.

11. Во елементот “приходно конто”, се впишува нумерички податок од 6 знаци, а се пополнува согласно со Правилникот за класификација на приходите.

12. Во елементот “потпрограма”, се впишуваат 2 нумерички знака кои ја означуваат потпрограмата на буџетскиот корисник согласно со Буџетот за тековната фискална година. Овој елемент се пополнува само доколку се работи за распределба во корист на сметката на буџетскиот корисник.

13. Во елементот “единствен даночен број”,/ЕМБГ се впишуваат 13 нумерички знаци кои претставуваат идентификација на даночниот обврзник. Овој елемент неопходно се пополнува доколку се врши распределба од уплатна сметка на уплатна сметка.

14. Во елементот “износ”, се впишува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња за износ, се ставаат две ѕвездички (**) заради избегнување на злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места), со што полето, со запирка, дените ги издвојува од денарите. Во полето за дени се впишуваат два нумерички знака “00” или “50”.

15. Во елементот “датум и место на поднесување”, се впишува нумерички податок за датумот кога е поднесено барањето и алфанумерички податок за местото каде е поднесено барањето.

16. Елементот”место за потврда на прием”, го пополнува овластено лице во Министерството за финансии кој служи како потврда дека во Министерството за финансии е примено барањето за распределба на јавни приходи.

Заеднички елементи:

1. Барањата за плаќање на хартија се дизајнирани во правоаголен облик и се во два примерока од еден дел (на самокопирачка хартија, која обезбедува квалитетен пренос на податоци на копијата).

2. Вториот примерок од барањата за плаќање задолжително има ознака “копија” и истиот останува кај налогодавачот како доказ за поднесеното барање за плаќање.

3. Сите обрасци се со димензии 99 x 150мм, се во одредена боја, со исклучок на полињата во кои се впишуваат податоци, кои се со бела боја. Линиите со кои се обрабени полињата и буквите на исписите се со црна боја. Називите на елементите се испишани со Македонска поддршка во изведба **Bold** и со големина 6.

4.Бојата на задницата на одделни барања за плаќање е следна:

4.1. Барањето за плаќање кон сметки надвор од Трезорската сметка (образец 60) е од палетата Ц:0,M:40,S:20,K:0;

4.2. Барање за плаќање кон сметки во рамки на Трезорската сметка (образец 70), Барање за безготовински поврат на средства (образец 73) и барањето за распределба на јавни приходи (образец 78) е од палетата Ц:16,M:0,S:32,K:0;

4.3. Барањето за исплата на готовина (образец 80) е од палетата Ц:40,M:0,S:0,K:0.

5. Бојата на посебните делови во обрасците 70, 73, 78 кои се обрабени со линија и кои во приложените обрасци се означени како потемни полиња и претставуваат рамка на 2 или 3 елементи се од истата палета на боја како и задницата на образецот, но потемна. Во обрасците 70, 73 и 78 задницата на затемнетото поле е од палетата Ц:68,M:0,S:64,K:0,

6. Задницата на полето во кое е впишан бројот на образецот, како и задницата на полето на елементот “Потпис и печат” е од палетата Ц:20,M:0,S:0,K:20.




ДИМЕНЗИИ НА (образец 60)
БАРАЊЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ КОН СМЕТКИ НАДВОР ОД ТРЕЗОРСКАТА СМЕТКА




ДИМЕНЗИИ НА (образец 70)
БАРАЊЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ КОН СМЕТКИ ВО РАМКИ НА ТРЕЗОРСКАТА СМЕТКА




ДИМЕНЗИИ НА (образец 80)
БАРАЊЕ ЗА ИСПЛАТА НА ГОТОВИНА




ДИМЕНЗИИ НА (образец 73)
БАРАЊЕ ЗА БЕЗГОТОВИНСКИ ПОВРАТ НА СРЕДСТВА


БАРАЊЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ЈАВНИ ПРИХОДИ

**Трезорска канцеларија** **Датум на валута** **78**

Трезорска сметка **100000000063095**

Уплатна сметка

Приходно конто Потпрограма

Сметка на буџетски корисник

Уплатна сметка

Приходно конто

Сметка на примач

Цел на дознака

Единствен даночен број/ЕМБГ

Износ

МКД

**Потпис и печат**

Датум и место на поднесување

место за потврда на прием



ДИМЕНЗИИ НА (образец 78)
БАРАЊЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Прилог 5

**Годишен финансиски план на расходи по квартали за _______ година**

| раздел | ркб | тип на сметка | индивидуална партија | назив на буџетски корисник |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

| број на потпрограма | Назив на потпрограма | расходна ставка | Планиран износ по квартали | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | K1 | K2 | K3 | K4 | вкупно годишно |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | | | |

Образложение:

Прилог 6

**Квартален финансиски план на расходи по месеци за квартал ______ година**

| раздел | ркб | тип на сметка | инд. партија | Назив на буџетски корисник |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

| број на потпрограма | Назив на потпрограма | расходна ставка | Планиран износ по месеци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | М1 | М2 | М3 | вкупно квартално |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | | |

Образложение:

Прилог 7

## Образец за преземена обврска - 01

- пријава
- промена
- поништување

Број на обврска *

Датум на документ

Вкупен износ

во денари МКД

во странска валута

раздел | ркб | назив и седиште на буџетски корисник

бр. на документ | вид на документ | опис на обврската

тип на договор

број на согласност

буџетски корисник

сметка на добавувач/примач

назив и седиште на добавувач/примач

сметка | потставка | програма

Термински план за плаќање

| | (датум на валута) | (износ) | | (датум на валута) | (износ) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | 7 | | |
| 2 | | | 8 | | |
| 3 | | | 9 | | |
| 4 | | | 10 | | |
| 5 | | | 11 | | |
| 6 | | | 12 | | |

потпис и печат

датум и место на поднесување

место за потврда на прием

Трезорска канцеларија

датум на прием

потпис

* При пријава полето не се пополнува

На образецот О1 се пополнуваат следниве елементи:

- Во елементот “пријава” се впишува знакот “X” доколку се работи за пријавување на преземена обврска.
- Во елементот “промена” се впишува знакот “X” доколку се работи за промена на елементите на образецот.
- Во елементот “ поништување” се впишува знакот “X” доколку се работи за поништување на претходно пријавена преземена обврска.
- Во елементот “број на обврска” се впишува нумерички податок за бројот на обврската. Буџетските корисници не го пополнуваат овој елемент доколку се работи за пријавување на обврската (бројот на обврската се доделува автоматски при евидентирање на пријавената обврска, а во образецот О1 се пополнува од страна на овластеното лице во Трезорската канцеларија).
- Во елементот “датум на документ” се впишува нумерички податок кој го означува календарскиот датум кога документот е заверен од овластената институција, односно датумот кога е преземена обврската.
- Во елементот “Вкупен износ - во денари” се впишува нумерички податок изразен во македонски денари, најмногу до 10 цифри, кој го означува вкупниот износ на обврската согласно со документот со кој истата е преземена. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња за износ, се ставаат две ѕвездички (**) заради избегнување на злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места), со што полето, со запирка, дените ги издвојува од денарите. Во полето за дени се впишуваат два нумерички знака “00” или “50”. Овој елемент се пополнува само во случај доколку преземената обврска во документацијата која е основ за нејзино преземање е искажана во денари.
- Во елементот “Вкупен износ - во странска валута” се впишува ознаката на странската валута и нумерички податок изразен во истата, најмногу до 10 цифри, кој го означува вкупниот износ на обврската согласно со документот со кој истата е преземена. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња за износ, се ставаат две ѕвездички (**) заради избегнување на злоупотреба. После десетте полиња со два нумерички знака се впишува децималниот износ. Овој елемент се пополнува само во случај доколку во документацијата која е основ за преземање на обврските постои девизна клаузула.
- Во елементот “опис на курсот” се впишува алфанумерички податок со кој се опишува курсот по кој ќе се пресметува обврската на денот на нејзиното доспевање односно по кој ќе се врши плаќањето (куповен, продажен, среден, на менувачки пазар, банкарски пазар или на НБРМ)
- Во елементот “раздел” се впишува нумерички податок кој ја означува организационата шифра на буџетскиот корисник.
- Во елементот “ркб” се впишува нумерички податок кој го означува регистарскиот број на буџетскиот корисник.
- Во елементот “назив и седиште на буџетски корисник”, се впишува алфанумерички податок за називот и седиштето на буџетскиот корисник кој ја презема обврската.
- Во елементот “број на документ” се впишува алфанумерички податок кој го претставува бројот на документот по кој настанала обврската и сл.
- Во елементот “вид на документ” се впишува алфанумерички податок за видот на документот врз основа на кој е преземена обврската (решение, нарачка, договор, законска обврска).
- Во елементот “опис на обврската” се впишува алфанумерички податок за видот на обврската;
- Во елементот “број на согласност” се впишува алфанумерички податок кој го означува бројот на дадената согласност од Министерството за финансии. Овој елемент се пополнува само при пријавување на обврски за кои е потребна претходна согласност од Министерството за финансии.
- Елементот “буџетски корисник” се пополнува само доколку добавувачот е буџетски корисник или единка корисник, со впишување на знакот “X”.
- Во елементот “сметка на примач”, се впишуваат 15 нумерички знаци кои ја означуваат сметката на правното лице- добавувач назначено во документот врз основа на кој е преземена обврската.
- Во елементот “назив и седиште на примач”, се впишува алфанумерички податок кој го означува називот и седиштето на правното лице- добавувач назначено во документот врз основа на кој е преземена обврската.
- Во елементот “сметка” се впишува нумерички податок кој ја означува сметката на буџетскиот корисник од која ќе се вршат плаќањата по преземената обврска.

- Во елементот “потставка” се впишуваат 6 нумерички знаци кои го означуваат видот на расходот за кој е преземена обврска, а се пополнуваат согласно со Правилникот за класификација на расходите и планираните расходи со буџетот на корисниците.
- Во елементот “потпрограма” се впишуваат 2 нумерички знака кои ја означуваат потпрограмата на буџетскиот корисник согласно со Буџетот на Република Македонија за тековната или наредната фискална година, од која ќе се вршат плаќањата за преземените обврски.
- Во елементот “дата на валута” се впишува нумерички податок кој го означува календарскиот датум кога треба да се извршат плаќањата. Полињата од овој елемент се пополнуваат согласно со утврдената динамика на плаќање од страна на корисникот.
- Во елементот “износ” се впишува нумерички податок, најмногу до 10 цифри, кој го означува секој поединечен износ на плаќање согласно со утврдената динамика. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња за износ, се ставаат две ѕвездички (**) заради избегнување на злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во децимали (со две децимални места). Износот се пополнува во валутата во која е искажана преземената обврска во документацијата која е основ за преземање на обврските.
- Во елементот “потпис и печат” се потпишува овластеното лице на буџетскиот корисник и се оверува со печат на институцијата.
- Во елементот “датум и место на поднесување” се впишува нумерички податок кој го означува календарскиот датум и алфанумерички податок кој го означува местото на поднесување на образецот, односно седиштето на Трезорската канцеларија.
- Во елементот “Трезорска канцеларија”, се впишува алфанумерички податок кој го означува седиштето на Трезорската канцеларија.
- Во елементот “датум на прием” се впишува нумерички податок кој го означува календарскиот датум на прием на образецот.
- Во елементот “потпис” се потпишува овластеното лице од Трезорската канцеларија кое го врши приемот на образецот.

Прилог 8

## Преглед на достасани ненамирени обврски

| раздел | ркб | назив на буџетски корисник |
|---|---|---|
| | | |

| период | Обврски до 30 дена | Обврски до 60 дена | Обврски над 60 дена | | | Вкупно ненамирени обврски по достасаност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | утужени | неутужени | вкупно | |
| јануари | | | | | | |
| февруари | | | | | | |
| март | | | | | | |
| април | | | | | | |
| мај | | | | | | |
| јуни | | | | | | |
| јули | | | | | | |
| август | | | | | | |
| септември | | | | | | |
| октомври | | | | | | |
| ноември | | | | | | |
| декември | | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | | |

Образложение:

| расходна ставка | Вкупно ненамирени обврски по ставки |
|---|---|
| 420 | |
| 421 | |
| 423 | |
| 424 | |
| 425 | |
| 426 | |
| 451 | |
| 452 | |
| 461 | |
| 462 | |
| 463 | |
| 464 | |
| 465 | |
| 466 | |
| 467 | |
| 468 | |
| 469 | |
| 471 | |
| 472 | |
| 473 | |
| 474 | |
| 481 | |
| 482 | |
| 483 | |
| 484 | |
| 485 | |
| 486 | |
| 487 | |
| 488 | |
| 489 | |
| 491 | |
| 492 | |
| **Вкупно** | |

**УПРАВА ЗА СЕМЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ**

**3423.**

Врз основа на член 52 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија ( „Службен весник на Република Македонија" бр.39/06 и 89/08), Управата за семе и саден материјал во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го објавува запишувањето на сорти на земјоделски растенија во

**НАЦИОНАЛНА СОРТНА ЛИСТА**

Во Национална сортна листа се запишуваат следните сорти:

| Вид на растение | Ознака на сортата | Година на воведување на сортата | Фирма односно име и презиме на одржувачот на сортата, односно застапникот |
|---|---|---|---|
| Г ГРАДИНАРСКИ РАСТЕНИЈА | | | |
| Г.23 Lycopersikum eskuientum L – домат во заштитен простор | MATRERO F1 | 2009 | SVS - Холандија "Агрохемија" - ДООЕЛ, ул."Рузвелтова" бр.22, Скопје |
| | ATERMONA F1 | 2009 | SVS - Холандија "Агрохемија"- ДООЕЛ, ул."Рузвелтова" бр.22, Скопје |
| | STEALTH F1 | 2009 | SVS - Холандија "Агрохемија"- ДООЕЛ, ул."Рузвелтова" бр.22, Скопје |
| | FLEXXION F1 | 2009 | SVS - Холандија "Агрохемија"- ДООЕЛ, ул."Рузвелтова" бр.22, Скопје |
| | Pikasso F1 | 2009 | Enza Zaden-Holland "Рима Комерц" ул."Климент Охридски" б.б. Струмица |
| | Izmir F1 | 2009 | Syngenta seeds B.V. – Холандија "Холма" ДОО Струмица, ул. "Маршал Тито" бр.109 Струмица |
| | Minaret F1 | 2009 | Syngenta seeds B.V. – Холандија "Холма" ДОО Струмица, ул. "Маршал Тито" бр.109 Струмица |
| Г.18 Cucumis Sativus L-краставица во заштитен простор | GRIZLI F1 | 2009 | SVS - Холандија "Агрохемија"- ДООЕЛ, ул. "Рузвелтова" бр.22, Скопје |
| | VENUS F1 | 2009 | SVS - Холандија "Агрохемија"- ДООЕЛ, ул. "Рузвелтова" бр.22, Скопје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | LUBERON F1 | 2009 | SVS - Холандија "Агрохемија"- ДООЕЛ, ул. "Рузвелтова" бр.22, Скопје |
| Г.14 Capsikum annum L-пиперка во заштитен простор | HV 410 F1 | 2009 | SVS - Холандија "Агрохемија"- ДООЕЛ, ул. "Рузвелтова" бр.22, Скопје |
| | Kais F1 | 2009 | Syngenta seeds B.V. – Холандија "Холма" ДОО Струмица, ул."Маршал Тито" бр.109 Струмица |

Се продолжува запишувањето на сортите во Националната сортна листа:

| Вид на растение | Ознака на сортата | Година на воведување на сортата | Фирма односно име и презиме на одржувачот на сортата, односно застапникот |
|---|---|---|---|
| Г.23 Lycopersikum eskuientum L – домат во заштитен простор | AMATI F1 | 2009 | SVS - Холандија "Агрохемија"- ДООЕЛ, ул. "Рузвелтова" бр.22, Скопје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | OPTIMA F1 | 2009 | SVS - Холандија "Агрохемија"- ДООЕЛ, ул. "Рузвелтова" бр.22, Скопје |
| Г.18 Cucumis sativus L-краставица во заштитен простор | DARINA F1 | 2009 | SVS - Холандија "Агрохемија"- ДООЕЛ, ул. "Рузвелтова" бр.22, Скопје |

Бр.18-17627/1
18 декември 2009 година
Скопје

Директор,
м-р **Менсур Камбери**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**3424.**

Врз основа на член 99 став 4 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2009), министерот за труд и социјална политика донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ПРИЛЕП

1. Се дава согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп, број 02-1492/6, донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 19.10.2009 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-15939/2
18 декември 2009 година
Скопје

Министер,
**Џељаљ Бајрами**, с.р.

**3425.**

Врз основа на член 40 став 4 од Законот за социјалната заштита (,,Службен весник на РМ,, број 79/2009 година), министерот за труд и социјална политика, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА СТАНДАРДИТЕ ВО ПОГЛЕД НА ПОТРЕБЕН ПРОСТОР, ОПРЕМА И СТРУЧЕН КАДАР, НИВОТО НА ПОДДРШКА, НАЧИНОТ И ПРОГРАМАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПОДДРШКАТА ЗА САМОСТОЈНО ЖИВЕЕЊЕ ВО СТАНБЕНА ЕДИНИЦА**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови за стандардите во поглед на потребен простор, опрема и стручен кадар, нивото на поддршка, начинот и програмата за остварување на поддршката за самостојно живеење со поддршка во станбена единица.

**Член 2**

Правото на самостојно живеење со поддршка за лице со ментална или телесна попреченост се остварува во посебна станбена единица со постојана или повремена помош од стручни или други лица (во натамошниот текст:,,поддршка,,) во која се сместени најмногу пет корисници, врз основа на решение од надлежниот центар за социјална работа и програма за остварување на поддршката.

**Простор**

**Член 3**

Станбените единици се организираат во куќа или стан, во станбен простор адекватен на возраста и потребите на корисникот.

**Член 4**

Локацијата на станбената единица треба да биде во населено место, со развиени сообраќајни врски и друга инфраструктура, пристап до основните служби (центар за социјална работа, здравствени институции), да има можност за прифаќање и интегрирање во заедницата и остварување на редовни контакти со блиските сродници на корисникот.

Објектот треба да биде приклучен на електрична, водоводна и канализациска мрежа и да има приклучено телефонска линија.

Околу објектот треба да има изведен приод до објектот кој овозможува непречен пристап за пешаци и возила и непречено движење на лице во инвалидска количка и други потешко подвижни лица.

Станбената единица во која се сместуваат лица со телесна попреченост, по правило, треба да биде на приземје, а доколку објектот е на кат треба да има лифт со димензии на кабината 100/210 см.

Влезот во просториите и пристапот до станбената единица и сите заеднички простории треба да биде без архитектонски бариери.

**Член 5**

Станбената единица треба да има просторија за дневен престој, две спални соби, кујна опремена за подготвување и сервирање на храна, трпезарија или дел од просторијата за дневен престој да се користи за оваа намена и санитарен чвор.

Во просториите на станбената единица треба да се обезбеди природна светлина и редовно проветрување.

**Член 6**

Ходникот во објектот каде што се сместени корисници со телесна попреченост треба да биде широк најмалку 180 см.

Вратите во просториите треба да бидат без прагови и од материјал кој не може да се оштети, за да се спречи повредувањето на корисниците.

Вратите во просториите во кои се сместени корисници со телесна попреченост и намалена подвижност треба да бидат широки најмалку 100 см.

Површината на спалната соба треба да изнесува 6 м2 по подвижен корисник, односно 7 м2 по корисник во инвалидска количка и во една спална соба треба да има најмногу по три корисници.

**Опрема**

**Член 7**

Станбената единица треба да има опрема која ќе одговара на намените и потребите на корисникот и тоа:

- во просторијата за дневен престој: софа, витрина, фотелји, клупска масичка, ТВ апарат, радио апарат и ситна опрема;
- во просторијата за јадење: маси и столчиња;
- во спалните соби: кревети со димензии 90/200/50 сантиметри, гардеробер со посебно место за секој корисник, столица-фотелја. Во спалните соби за корисници со телесна попреченост, растојанието помеѓу креветите треба да изнесува најмалку 120 см.;
- кујната: опрема за готвење, шпорет, фрижидер, прибор за јадење, чинии, корпа за ѓубре;
- купатило: када или туш кабина, лавабо, вц школка, пешкири, машина за перење и
- останато: пегла, светилки, грејни тела

Во сите простории за корисниците со телесна попреченост и намалена подвижност треба да има вградено држачи за потпомогнато движење.

**Потребен стручен и друг кадар**

**Член 8**

За организирано живеење во станбена единица со постојана или повремена помош треба да има соодветен број на стручни или други лица и тоа:

- еден раководител на осум станбени единици ( дефектолог, социјален работник, психолог или педагог);
- еден координатор за поддршка на четири станбени единици (дефектолог, социјален работник, психолог или педагог);
- За обезбедување на постојана - 24 часовна поддршка потребни се три негователи-работни асистенти на една станбена единица (ВСС, ССС или основно образование), а доколку се обезбедува повремена поддршка потребни се два негователи-работни асистенти на една станбена единица (ВСС, ССС или основно образование).

**Ниво на поддршка**

**Член 9**

Поддршката на корисникот во станбената единица се обезбедува во зависност од неговата психофизичка состојба, а се насочува кон оспособување за самостоен живот, самостојно купување на храна и учество во подготовката на секојдневните оброци, односно самостојно подготвување на оброци, развивање на работни активности, помош при вработување, превенција од ризични форми на однесување.

**Член 10**

Нивоата на поддршка се определуваат според потребите на корисникот и можат да бидат:

- постојана односно 24 часовна поддршка, се додека му е потребна на корисникот;
- повремена поддршка која се обезбедува во текот на денот или неколку пати во текот на седмицата.

**Член 11**

Лицата кои даваат поддршка треба да добијат соодветна едукација (почетна и континуирана), според програма изготвена и спроведена од ЈУ Завод за социјални дејности, согласно со Законот за социјалната заштита.

**Член 12**

За спроведување на социјална интеграција на корисниците, организирање на слободни активности и други активности, може да се ангажираат волонтери, кои имаат соодветна обука и може да се оствари соработка со соодветно здружение на граѓани.

**Начин и програма за остварување на поддршката**

**Член 13**

На лицата со ментална или телесна попреченост кои остваруваат право на самостојно живеење со поддршка им се обезбедува

задоволување на основните животни потреби, како што се домување, исхрана, одржување на лична хигиена, перење и пеглање на постелнината и алиштата, обезбедување на облека, нега и грижа за здравјето, вршење на работни активности, помош при вработување и други активности за нивно оспособување за самостојно живеење или живеење со поддршка.

**Член 14**

Координаторот за поддршка, во соработка со корисникот и/или законскиот застапник на корисникот, изработува план за индивидуална работа со корисникот и се грижи да ги добие потребните услуги на заштита и поддршка, развива и унапредува мрежа на социјални односи, особено со неговото семејство, со цел оспособување на корисникот за самостоен живот.

При изработка на индивидуалниот план за работа со корисникот, учествува и центарот за социјална работа, со чие решение е сместен корисникот.

Координаторот на станбените единици на секои три месеци доставува извештај за секој корисник на оваа услуга, до надлежниот центар за социјална работа.

Раководителот врз основа на редовно следење врши оценување на реализирањето на планот за индивидуална работа со корисникот.

**Член 15**

Во станбената единица се обезбедува самостојно живеење со поддршка на корисникот согласно со Програма за остварување на поддршката која содржи:

1. нега која опфаќа помош при одржување на личната хигиена, помош при облекување и соблекување на корисникот, помош при хранење на корисникот, одржување на хигиената на постелнината на корисникот, одржување на хигиената на просториите, дезинфекција на помагалата и на останатиот прибор, воочување на промени кај корисникот и известување на медицински лица;

2. грижа за здравјето која опфаќа:

- следење на општата здравствена состојба преку набљудување на корисникот и евиденција (општ изглед, подвижност, промени во однесување) мерење на притисок, пулс и температура;

- организирање на давање на здравствени услуги – придружба при остварување на услугите на примарна здравствена заштита и специјалистички здравствени услуги, соработка со лекарот на примарната здравствена заштита, обезбедување и давање на редовна терапија ( лекарства);

- непосредно давање на здравствена услуга по извршена медицинска интервенција, соработка со лекарот, давање на итна помош во рамки на својата оспособеност до доаѓање на лекарот, работа на заштита и унапредување на здравјето, одржување на хигиена, примена на мерки за контрола на заразни болести, процена на состојба на раната и нејзино санирање ( вклучувајќи чистење на раната и промена на

завои), примена на техники за правилно поставување и поместување на корисникот (вежби на движење, пренесување, преместување и користење на помагала);

3. социјална работа која опфаќа запознавање на корисникот со новата средина, давање на помош при адаптација, помош при задоволување на секојдневните потреби, стручна работа и соработка со семејството на корисникот, подготовка на корисникот за примена на други облици на заштита, соработка со надлежните центри за социјална работа, соработка со останатите субјекти, следење на програмите за работа, примена на различни методи на поддршка, со цел оспособување за решавање на проблемите, советодавна работа и поддршка на корисникот и членовите на неговото семејство, групна работа, водење на евиденција и документација;

4. организирање на работна активност преку оспособување за извршување на работни активности (повторување на пооделни фази од работните операции, одржување на средствата за работа, развивање на чувството за ред и точност), одржување на стекнатите способности (овозможување на постепено прилагодување на соодветната работа со цел побрзо и попродуктивно вклучување во работниот процес), развивање на културно-хигиенски навики, развивање на чувството на сигурност во секојдневните ситуации, запознавање на поблиската и пошироката околина, вршење занаетчиски работи во работилници, помагање во извршувањето на секојдневните работи;

5. грижа во текот на ноќта преку следење на однесувањето и навиките на корисникот, учество во подготовките за спиење и будење на корисникот, надзор на корисникот во текот на ноќта, преземање на потребни активности во текот на ноќта и

6. обезбедување на придружба и носење, односно помош при извршување на секојдневните активности во и надвор од станбената единица, помош при движење во количка, помош при станување и легнување во кревет, помош при преместување од кревет во количка и обратно, помош при влез и излез од превозно средство.

**Член 16**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,, Службен весник на Република Македонија,,.

Бр. 16-17054/1
23 декември 2009 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Џељаљ Бајрами,** с.р.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3426.**

Врз основа на член 19, став 1, алинеја 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр.63/06, 36/07 и 106/08) Регулаторната Комисија за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на 30. декември 2009 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИН И УСЛОВИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА ПРЕНОС, ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ПРИРОДЕН ГАС

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за пренос, дистрибуција и снабдување со природен гас (во понатамошниот текст: Правилник), се уредува начинот и условите за формирање, одобрување и контрола на цените (во понатамошниот текст: регулирање на цените), со кој се остварува приход потребен за вршење на следните регулирани дејности, како јавна услуга:

- пренос на природен гас и управување со системот за пренос на природен гас,
- дистрибуција, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас, и
- снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас .

Одредбите на овој Правилник, се однесуваат на правните лица кои што врз основа на Законот за енергетика и лиценци издадени од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија ги вршат регулираните дејности наведени во став 1 од овој член (во понатамошниот текст: регулирано претпријатие).

Член 2
**Цели**

Регулирањето на цените на природниот гас на начин и постапка утврдени со овој Правилник има цел да обезбеди:

- создавање на стабилни и предвидливи услови за работење на регулираните претпријатија при вршење на регулираните дејности од член 1 на овој Правилник;
- заштита од злоупотреба од доминантна и монополска положба на регулираните претпријатија;
- урамнотежување на меѓусебните интереси на регулираните претпријатија вршители на регулирани дејности од член 1 од овој Правилник и на корисниците на регулираните дејности;
- потикнување за ефикасно работење на регулираните претпријатија;
- создавање услови за развој и одржување на постојните и изградба на нови капацитети за пренос, дистрибуција и снабдување со природен гас;
- заштита на потрошувачите на природен гас и обезбедување на сигурно, континуирано и безбедно снабдување со природен гас;
- надоместување на економски оправдани трошоци коишто регулираните претпријатија ги имаат во вршењето на регулираната дејност и соодветен принос на капитал;
- подобрување на квалитетот на услугите кои ги даваат претпријатијата;
- стабилни и предвидливи односи на пазарот на природен гас, кои обезбедуваат поволни услови за привлекување на инвеститори; и
- недискриминаторен третман на регулираните претпријатија и примена на објективни критериуми и транспарентни методи и постапки за регулирање на цените на природниот гас.

Член 3

При регулирањето на цените на дејностите од член 1, став 3 на овој Правилник, се користи методологија врз основа на поттикнувачка ценовна регулатива за определен регулиран период, со примена на метод на регулирана максимална цена.

Метод на регулирана максимална цена од став 1 од овој член, значи утврдување на цена која обезбедува доволен приход за покривање на оправданите трошоци во регулираниот период определен согласно членот 4 од овој Правилник.

Член 4
**Регулиран период и времетраење на регулиран период**

Претпријатијата од членот 1, од овој Правилник, се должни да побараат од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) одобрување на цена за регулираниот период за:

- пренос на природен гас и управување со системот за пренос на природен гас,
- дистрибуција, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас, и
- снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас.

Под регулиран период се подразбира период од една или повеќе години за кој што на регулираното претпријатие му се утврдува регулирана максимална цена потребна за вршење на регулираните дејности, согласно одредбите од овој Правилник.

Времетраењето и датумот на отпочнување на регулираниот период за секоја од регулираните дејности од член 1 на овој Правилник поодело, изнесува:

- за регулираната дејност пренос на природен гас и управување со системот за пренос на природен гас, регулираниот период е три години и почнува од 01.01.2010 година, а завршува на 31.12.2012 година;
- за регулираната дејност дистрибуција, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас, регулираниот период е три години и почнува од 01.01.2010 година, а завршува на 31.12.2012 година;
- за регулираната дејност снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос, регулираниот период е три години и почнува од 01.01.2010 година, а завршува на 31.12.2012 година.

Член 5
**Сметководствени стандарди**

Претпријатието кое врши две или повеќе регулирани дејности или покрај регулираната дејност врши и некоја друга дејност која во смисла на овој Правилник не се смета за регулирана дејност, должно е во своите интерни пресметки во согласност со меѓународните сметководствени стандарди, а за потребите на Регулаторната комисија за енергетика да води одвоена сметководствена евиденција за секоја од дејностите која ја врши пооделно, односно да изготви финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите, расходите, резултатите од работењето и паричните текови на претпријатието, како и да изготви консолидиран финансиски извештај.

Член 6

Регулираното претпријатието го води своето сметководството во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди.

За целите на регулирање на цените, регулираното претпријатието е должно при поднесување на барање за одобрување на цена од член 14 од овој Правилник до Регулаторната комисија за енергетика, да достави податоци согласно формуларите и табелите дадени во Прилог 4 кој е составен дел на овој Правилник, при што во табелите во кои се внесуваат финансиско-сметководствени податоци истите треба да бидат соодветни на податоците од членот 5 на овој Правилник.

Регулираното претпријатието е должно, по барање на Регулаторната комисија за енергетика да достави и други податоци и информации, потребни за регулирање на цената, вклучувајќи и увид во инвестиционо-техничката документација за нови објекти.

## II. ПРЕСМЕТКА НА РЕГУЛИРАНА МАКСИМАЛНА ЦЕНА ЗА УСЛУГАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Член 7

**Начин на регулирање на цената**

Цените се регулираат со примена на Метод на регулирана максимална цена, односно метод на утврдување на цена која обезбедува приход за покривање на економски оправданите трошоци и принос на капитал за вршење на регулираната дејност во регулираниот период .

### 1. Пренос на природен гас и управување со системот за пренос на природен гас

Член 8

Регулираната максимална цена за услугата на претпријатието кое врши пренос и управување со системот за пренос на природен гас, треба да ги покрие трошоците за пренос, управување со системот за пренос на природен гас, системски услуги за пренос на природен гас и да обезбеди ниво на регулиран принос на капиталот, а се определува на начин и постапка со примена на Методологијата и критериумите дадени во Прилог 1 кој што е составен дел на овој Правилник.

Член 9

Системските услуги во системот за пренос на природен гас, од член 8 на овој Правилник се однесуваат на обврските кои што се однесуваат на:

- управување и обезбедување на пристап до системот за пренос на природен гас;
- урамнотежување на отстапувањата меѓу тековната и договорената количина на природен гас за пренос и
- регистрирање и пресметување на отстапувањата од договорените количини на природен гас при превземање во и предавање од системот за пренос на природен гас.

### 2. Дистрибуција на природен гас и управување со системот за дистрибуција

Член 10

Регулираната максимална цена на услугата на претпријатието кое врши дистрибуција, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас, треба да ги покрие трошоците за дистрибуција, трошоците за управување со системот за дистрибуција на природен гас, трошоците за снабдување на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас и да обезбеди ниво на регулиран принос на капиталот, а се определува на начин и постапка утврдена со овој Правилник и со примена на методологијата дадена во Прилог 2, кој што е составен дел на овој Правилник.

Член 11

Количините на природниот гас за покривање на дозволените технички загуби на природниот гас во дистрибутивната мрежа се признаваат до 0,7% од вкупната влезна количина на природен гас во дистрибутивниот систем.

Цената по која ќе се пресметува трошокот за покривање на техничките загуби на природниот гас во дистрибутивната мрежа е продажната цена на природниот гас за тарифните потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас.

### 3. Снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас

Член 12

Регулираната максимална цена на претпријатието кое врши дејност снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос со природен гас, треба да ги покрие трошоците за:

- оперативни трошоци и амортизација за вршење на регулираната дејност за услугата снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос со природен гас и
- да обезбеди соодветен принос од регулираната дејност на претпријатието.

Член 13

Вршителот на дејноста снабдување со природен гас врши фактурирање на испорачаната количина на природен гас на праг на тарифен потрошувач приклучен непосредно на системот за пренос на природен гас, врз основа на извршените мерења.

Продажната цена на природен гас за тарифни потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас, ја одобрува Регулаторната комисија за енергетика и истата ги вклучува цените за:

- набавениот природен гас (увозна цена на природен гас со вклучени зависни трошоци);
- услугата пренос и управување на системот за пренос на природниот гас, и
- услугата снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос со природен гас.

## III. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ И ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАНА МАКСИМАЛНА ЦЕНА

Член 14

Регулираните претпријатија од член 1 од овој Правилник поднесуваат барање до Регулаторната комисија за одобрување на регулирана максимална цена согласно со овој Правилник (во понатамошниот текст: барање), најдоцна 60 дена пред истекот на регулираниот период.

Барањето го доставува управителот или директорот на претпријатието по претходна добиена согласност од органот на управување.

Кон барањето, треба да бидат доставени податоци од работењето на претпријатието, а особено:

1. Решение за упис во трговскиот регистар со сите прилози и статутот на претпријатието во оригинал или фотокопија заверена кај нотар;

2. Финансиски извештаи со сите прилози утврдени во Меѓународните сметководствени стандарди и извештај од ревизија на финансиските извештаи извршена од страна на овластен ревизор, за претпријатието како правно лице, како и за секоја регулирана дејност поодделно доколку исто правно лице врши повеќе од една регулирана дејност;

3. Бруто биланс за базната година и за секоја наредна по базната година, до денот на доставување на барањето;

4. Финансиско-сметководствени и техничко-економски и други податоци и информации изготвени во Excel формат, кој овозможува обработка од страна на Регулаторната комисија за енергетика, согласно со Прилог 4 кој што е составен дел на овој Правилник;

5. Податоци за пренесена, дистрибуирана и испорачана на тарифните потрошувачи количина на природен гас презентирани во соодветни табели од Прилог 4, кој што е составен дел на овој Правилник;

6. Податоци за број на потрошувачи;

7. Инвестициона програма со план за изградба на нови објекти, реконструкција и ревитализација на постојните објекти, во текот на регулираниот период, за секоја година пооделно, со опис и образложение за економската и енергетската оправданост на секоја инвестиција пооделно со што ќе се потврди подобрувањето на сигурноста со снабдување со природниот гас и квалитетот на јавната услуга, како и податоци за степенот на реализација на инвестициите до денот на поднесување на барањето;

8. Други релевантни податоци за вршење на регулираната дејност, по барање на Регулаторната комисија за енергетика во текот на постапката, до донесувањето на Одлуката.

Кон барањето претпријатието е должно да достави изјава за веродостојноста на барањето и податоци дадени во врска со него, потпишана од одговорното лице на претпријатието. Содржината на изјавата е дадена во Прилог 5 кој што е составен дел на овој Правилник.

Барањето од став 1 од овој член и податоците од став 3 од овој член се доставуваат во четири примероци, од кои барањето и податоците од точките, 3, 4, 5 и 6 од став 3 од овој член се доставуваат и во електрон¬ска фор¬ма која овозможува обработка од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

Член 15
**Постапување по барањето**

Постапката за одобрување на цената од став 1 на овој член, отпочнува со денот на приемот на барањето во архивата на Регулаторната комисија.

Во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето, Регулаторната комисија за енергетика го разгледува и го анализира барањето и доколку утврди дека недостасуваат одредени податоци и документи, ќе донесе заклучок со кој ќе го задолжи регулираното претпријатие во определен временски рок да ги достави бараните податоци и документи. Регулаторната комисија за енергетика може пред донесување на заклучокот да го повика претпријатието на заеднички состанок за дополнителни информации и појаснувања во врска со поднесеното барање.

Доколку регулираното претпријатие во рокот определен со заклучокот од став 2 на овој член во целост не постапи по барањата за дополнување на одредени податоци и документи, Регулаторната комисија за енергетика ќе ја спроведе постапката со користење на податоците што биле поднесени или други податоци што и се на располагање.

Регулаторната комисија за енергетика ќе отпочне постапка согласно член 16 на овој Правилник, за прибирање на мислења и предлози по барањето, од заинтересираните правни и физички лица, најдоцна до истекот на 20 дена од денот на поднесување на барањето.

Член 16
**Објавување на барањето**

Регулаторната комисија за енергетика го утврдува текстот на барањето, што ќе биде објавен на веб-страната на Регулаторната комисија за енергетика, и на трошок на регулираното претпријатие, го објавува во два дневни весника, од кои во еден кој што се објавува на македонски јазик и еден кој што се објавува на јазикот што го говорат најмалку 20% од граѓаните кои говорат службен јазик кој не е македонски.

Регулаторната комисија за енергетика е должна текстот од став 1 на овој член да го објави во рок од 3 дена од денот на неговото утврдување, а рокот на прибирање на мислења и предлози од заинтересираните физички и правни лица не може да биде подолг од 7 дена од денот на објавувањето.

Врз основа на податоците доставени кон барањето, како и врз основа на анализата на доставените мислења од заинтересираните физички и правни лица, Регулаторната комисија за енергетика изготвува нацрт текст на Одлуката со образложение, кој што ќе биде предмет на расправа на Подготвителната седница на Регулаторната комисија за енергетика.

Член 17
**Подготвителна седница**

По изготвување на нацрт текстот на Одлуката од став 3 на член 16, Регулаторната комисија за енергетика е должна да свика подготвителна седница која треба да се одржи најдоцна до истекот на 60-тиот (шеесетти-

от) ден од денот на отпочнување на постапката. Кон поканата се доставуваат нацрт текстот на одлуката и мислењата добиени од заинтересираните правни и физички лица.

За присуство и учество во расправата на подготвителната седница се поканувaат овластени претставници на подносителот на барањето, на институции и организации, како и заинтересирани претпријатија.

Член 18
**Редовна седница**

Регулаторната комисија за енергетика е должна најдоцна во рок од 5 дена од завршувањето на подготвителната седница да одржи редовна седница на која ќе донесе одлука по барањето за промена на цена.

Член 19
**Примена на Деловникот на Регулаторната комисија за енергетика**

Одредбите од Деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, бр. 01-171/1 од 29.12.2003 година, соодветно се применуваат на организирањето и одржувањето на подготвителната седница и редовната седница на Регулаторната комисија за енергетика.

Член 20

Претпријатието од член 1 на овој Правилник, е должно најдоцна до 10 март во тековната година до Регулаторната комисија да достави: финансиски извештаи со сите прилози во согласност со барањата на меѓународните сметководствени стандарди за претходната година, заради вршењето на годишната контрола на примената на определената цена за регулираниот период.

Член 21

Во случај на настанување на околности кои не постоеле или не можело да се предвидат во времето на одобрување на цената, но предизвикале зголемување на остварените во однос на одобрените вкупни трошоци за повеќе од 5%, регулираното претпријатието може да поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика за зголемување на цената пренос, дистрибуција и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас.

Во случај на настанување на околности кои не постоеле или неможело да се предвидат во времето на одобрување на цената, но предизвикале намалување на остварените во однос на одобрените вкупни трошоци за повеќе од 5%, регулираното претпријатието е должно да поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика за намалување на цената на природниот гас.

Кон барањата од став 1 и став 2 на овој член, барателот е должен во финансиско-сметководствените и техничко-економските податоци и информации доставени во Прилогот 4 на овој Правилник, да ги идентификува податоците и информациите кои што предизвикале потреба од поднесување на барањето, како и други податоци за кои смета дека се релевантни за одобрување на промена на цената.

Во случај кога претпријатието нема да поднесе барање за намалување на цена во согласност со став 2 од овој член, Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе заклучок за отпочнување на постапката за намалување на цената и заклучокот ќе го достави до претпријатието.

Рокот за донесување на одлука по барањето од став 1 и став 2 на овој член, односно по заклучокот од став 4 на овој член, не може да биде подолг од 15 работни денови од денот на приемот на барањето во архивата на Регулаторната комисија за енергетика, односно приемот на заклучокот во архивата на претпријатието.

Во случаите од став 1, 2 и 4 на овој член, Регулаторната комисија за енергетика со посебен заклучок ќе ги определи роковите за превземање на одделни дејствија во постапката во рамките на рокот од став 5 на овој член.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Регулираните претпријатија се должни да доставaт до Регулаторната комисија за енергетика, барање за утврдување на регулирана максимална цена за регулираниот период утврден во член 4 на овој Правилник, заклучно со 31.01.2010 година.

Постапката по барањето, поднесено по датумот определен во став 1 на овој член, ќе се заврши во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето.

Член 23

До одобрувањето на регулираната максимална цена за вршење на услугата пренос на природен гас и управување со системот за пренос на природен гас во согласност со овој Правилник, највисоката цена за оваа услуга се утврдува да изнесува 2,2170 ден/nm3.

Член 24

До одобрувањето на регулираната максимална цена за вршење на услугата снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас во согласност со овој Правилник, највисоката цена за оваа услуга се утврдува да изнесува 0,1777 ден/nm3.

Член 25

До одобрувањето на регулираната максимална цена за вршење на услугата дистрибуција, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во Технолошко индустриско развојната зона – Бунарџик, во согласност со овој Правилник, највисоката цена за оваа услуга се утврдува да изнесува 3,4423 ден/nm3.

Член 26

Со денот на влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за начинот и условите за регулирање на цени за пренос, дистрибуција и снабдување со природен гас ("Службен весник на РМ" бр. 94/05 и 164/08).

Член 27

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-2971/1
30 декември 2009 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

## ПРИЛОГ 1.

**Методологија за пресметка на регулирана максимална цена на услугата на претпријатието кое врши пренос и управување со системот за пренос на природен гас**

### 1. *Регулирана максимална цена*

Планираниот приход врз основа на регулирана максимална цена на услугата на претпријатието кое врши пренос и управување со системот за пренос на природен гас, треба да ги покрие трошоците за пренос и управување со системот за пренос на природен гас, а се пресметува според следната формула:

$$R_{Tt} = \sum_{i=1}^{n} P_{Tt} * q_t^i$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $R_{Tt}$ | - | планиран приход | [денари] |
| $P_{Tt}$ | - | регулирана максимална цена во годината t од регулираниот период; | [денари/ nm$^3$] |
| $q_t^i$ | - | планирана количина на природен гас за пренос во година t, за корисник (i) на системот за пренос | [nm$^3$] |

Границата на дозволениот пораст на максималната цена на услугата на претпријатието кое врши пренос и управување со системот за пренос на природен гас, за 2010, 2011 и 2012 година од регулираниот период се пресметува со следната контролна формула:

$$(1 + CPI_{t-1}) * (1 - SX) \geq \frac{\sum_{i=1}^{n} P_{Tt} * q^i_{t-1}}{\sum_{i=1}^{n} P_{T(t-1)} * q^i_{t-1}}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $CPI_{t-1}$ | - | општа ценовна инфлација за годината t-1, објавен од Државен завод за статистика; | |
| $P_{Tt}$ | - | регулирана максимална цена во годината t од регулираниот период; | [денари/ nm$^3$] |
| $P_{T(t-1)}$ | - | регулирана максимална цена во претходната година t-1; | [денари/ nm$^3$] |
| $q_{t-1}$ | - | пренесена количина на природен гас во година t-1, за корисник (i) на системот за пренос поодделно; | [nm$^3$] |
| $SX$ | - | факторот на порамнување за регулираниот период, го утврдува Регулаторната комисија за енергетика, во Одлуката за регулиран максимален приход и цена за регулираниот период, а се определува на следниот начин: | |

$$\sum_{t=1}^{3} \frac{ABB_t}{(1+WACC/100)^t} = \sum_{t=1}^{3} \frac{P_0 * (1-SX/100)^t}{(1+WACC/100)^t} * q_t$$

Каде што:

SX е изразен како процент (%)

| | | | |
|---|---|---|---|
| $ABB_t$ | - | годишен приход по составни елементи за годината t; | [денари] |
| $P_o$ | - | Цена за услугата пренос на природниот гас во претходната година; | [денари/ $nm^3$] |
| $q_t$ | - | прогнозирани количини на природен гас кои ќе бидат годишно пренесени низ системот за пренос на природен гас во регулираниот период; | [$nm^3$] |
| WACC | - | пондерирана просечна цена на капиталот за регулаторниот период (%) | (%) |

Годишниот приход по составни елементи кој што го проектира регулираното претпријатие, за секоја година t од регулираниот период, се пресметува со примена на следнава формула:

$$ABB_t = O_t + D_t + RA_t$$

Каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $ABB_t$ | - | годишен приход по составни елементи кој што го проектира регулираното претпријатие за годината t; | [денари] |
| $O_t$ | - | оперативни трошоци и трошоци за одржување, за годината t; | [денари] |
| $D_t$ | - | амортизација, за годината t; | [денари] |
| $RA_t$ | - | принос на регулираните средства, за годината t. | [денари] |

Годишниот приход по составни елементи (ABB) за првата година од регулираниот период, ќе се пресметува врз основа на податоци од Извештајот за ревизијата на работењето на претпријатието во 2008 година, корегиран за вредноста на општата ценовна инфлација (CPI) за 2009 година.

### 1.1. Оперативни трошоци (O)

Оперативните трошоци, согласно оваа методологија, се трошоци за работењето и одржувањето на регулираната дејност на претпријатието, во согласност со техничките стандарди кои се применуваат во Република Македонија, а одразуваат нормализирани трошоци за вршење на регулираната дејност.

Нивото на нормализираните трошоци се формира според следните ориентири:

1. трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар, врз основа на нормативите за потрошувачка и просечните цени на пазарот во периодот на набавката;

2. трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на средствата, до ниво од 20 % од пресметаната годишна амортизација;

3. трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема се признаваат согласно нивото на премиите за осигурување кои претпријатието ги платило;

4. бруто плати по работник до ниво на просечна бруто плата по работник остварена во стопанството на Република Македонија во тековната година, зголемена до 30%, како израз на квалификационата структура и сложеноста на регулираната дејност.
За пресметка на бруто плати се зема вкупниот број на вработени од последниот доставен список за плати на компанијата;

5. менаџерските плати и менаџерските награди, во нормализирани износи соодветно на зголемувањето на ефикасноста, а според одлуките на управните органи на претпријатието;

6. други услуги, до нивото од просечното тригодишно учество (%) во однос на трошоците за материјали, енергија, ситен инвентар (од ставката 1);

7. останати и вонредни (екцесни) трошоци, до 10% во однос на вкупните трошоци од ставките под 1; 2; 3; 4 и 6.

8. даноците, придонесите и другите давачки кои не зависат од резултатот на работењето, се признаваат во согласност со законските прописи;

**Амортизација (D)**

Пресметката на амортизацијата на регулираните основни средства на регулираното претпријатие, во годината t, со кои се врши регулираната дејност, се врши во согласност со пропишаните минимални годишни стапки на амортизација, при што се вклучува:

- амортизација на регулираните основни средства, исклучувајќи го земјиштето; и
- амортизација на стекнатите средства финансирани со грантови.

**Принос од регулирани средства (RA)**

Приносот од регулираните средства се пресметува според формулата:

$$RA = RAB * WACC$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| *RA* | - | принос од регулираните средства; | [денари] |
| *RAB* | - | просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства); | [денари] |
| *WACC* | - | пондерирана просечна цена на капиталот на регулираното претпријатие. | |

### *1.3.1. Просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства - **RAB**)*

Регулираните средства се само оние средства кои се користат за извршување на регулираната дејност (основни средства и трајни обртни средства).

За определување на просечната вредност на регулираните средства се користи следната формула:

$$\mathrm{RAB} = \frac{RAB_{start} + RAB_{end}}{2} + AVS_{t-1}$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| ***RAB*** | - просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства); | [денари] |
| ***RAB$_{start}$*** | - вредност на регулираните средства на почетокот на годината; | [денари] |
| ***RAB$_{end}$*** | - вредност на регулираните средства на крајот на годината; | [денари] |
| ***AVS$_{t-1}$*** | - вредност на залихи на природен гас во системот за пренос на природен гас во годината t-1, пресметан со просечна набавна цена во годината t-1, определена од страна на Регулаторната комисија за енергетика. | [денари] |

Вредноста на регулираните основни средства на почетокот на регулираната година претставува збир на поединечните книговодствени вредности на регулираните материјални средства и регулираните нематеријални средства на првиот ден од регулираната година.

Вредноста на регулираните основни средства на крајот на регулираната година се пресметува по следната формула:

$$RAB_t^{end} = RAB_t^{start} + NI_t - CC_t - D_t + D_t^{CC} - RAB_t^{out}$$

Каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $RAB_t^{end}$ | - | вредност на регулираните средства на крајот од годината t ; | [денари] |
| $RAB_t^{start}$ | - | почетна вредност на регулираните средства во годината t ; | [денари] |
| $NI_t$ | - | одобрени инвестиции, во кои се вклучени и инвестициите финансирани со грантови и како и средствата за приклучување пренесени во сопственост на операторот на соодветната мрежа, во годината t ; | [денари] |
| $CC_t$ | - | одобрени инвестиции финансирани со грантови и надомест за приклучување во годината t, за кои претпријатието треба да достави посебна евиденција ; | [денари] |
| $D_t$ | - | амортизација за годината t ; | [денари] |
| $D_t^{CC}$ | - | амортизација на стекнатите средства финансирани со капитални придонеси за годината t, за кои претпријатието треба да достави посебна евиденција ; | [денари] |

| | | | |
|---|---|---|---|
| $RAB_t^{out}$ | - | вредност на отуѓени и расходувани регулирани средства во годината t. | [денари] |

**Оправданост на инвестициите**

Критериуми врз основа на кои се цени оправданоста на планираните инвестиции:

1. за секоја инвестиција треба да биде доставено резиме со показатели за економската ефикасност, период на враќање, нето сегашна вредност, интерна стапка на рентабилност и индекс на профитабилност, освен за поединечна инвестиција која има вредност пониска од 100.000 евра пресметана во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на поднесување на барањето, за која не е потребно да се достави резиме со показатели за економската ефикасност. Притоа, регулираното претпријатие не може да прикаже друга идентична поединечна инвестиција (со иста намена, исти или слични технички карактеристики, односно за истата се засметува иста стапка на амортизација) во иста календарска година.

2. инвестицијата да обезбеди поголема безбедност, сигурност во снабдувањето, намалување на техничките загуби во системот за пренос на природен гас, зајакнување на интерконективните капацитети, како и да обезбеди квалитет на испорачаниот природен гас на крајните потрошувачи, согласно важечките стандарди.

По барање на Регулаторната комисија за енергетика регулираното претпријатие е должно да достави дополнителни информации, податоци и појаснувања во врска со придобивките од планираната инвестиција.

*1.3.2 Пондерирана просечна цена на капитал (**WACC**)*

Пондерираната просечна цена на капиталот се пресметува според следната формула:

$$\text{WACC} = \frac{(1 - Debt) * K_e}{(1 - T_p)} + Debt * K_d$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***WACC*** | - | пондерирана просечна цена на капиталот на реална основа пред оданочување; | |
| ***K<sub>e</sub>*** | - | цена на сопствен капитал; | |
| ***Debt*** | - | долгорочен долг како процент од вкупниот капитал (сопствен капитал + долгорочен долг); | [денари] |
| ***K<sub>d</sub>*** | - | цена на долг; | |
| ***T<sub>p</sub>*** | - | стапка на данок на добивка. | |

*1.3.2.1. Цена на сопствен капитал ($K_e$)*

Цената на сопствениот капитал на регулираното претпријатие се определува со примена на моделот на определување на цените на долгогодишните вложувања (CAPM - Capital Asset Prising Model), и тоа врз основа на приходот на неризични вложувања, просечниот приход на ризични вложувања и систематичните ризици изразени со коефициентот $\beta$, според следната формула:

$$K_e = R_f + (MRP) * \beta$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $K_e$ | - | цена на сопствен капитал | (%) |
| $R_f$ | - | стапка на поврат без ризик, која се утврдува како еднаква на приносот на обврзниците издадени од Владата на Република Македонија; | (%) |
| $R_m$ | - | просечен приход на ризични вложувања, кој се утврдува како еднаков на просечните каматни стапки на долгорочните кредити (во евра, САД долари и денари) одобрени на претпријатијата во Република Македонија, а објавени од Народна банка на Република Македонија; | (%) |
| *MRP* ($MRP = R_m - R_f$) | - | премија за ризик која се определува како за разлика меѓу "просечен приход на ризични вложувања ($R_m$) и приход на неризични вложувања ($R_f$)" ; | (%) |
| $\beta$ | - | бета на сопствен капитал (пазарно портфолио) се утврдува дека е еднаква на 1 (еден) ; | (%) |

*1.3.2.2. Цена на долг ($K_d$)*

Цената на долгот на регулираното претпријатие се пресметува врз основа на просечните каматни стапки на користените кредити, од страна на регулираното претпријатие за вршење на регулираната дејност, а контролата се врши врз основа на условите за кредитирање и каматните стапки, објавени од страна на Народна банка на Република Македонија.

# ПРИЛОГ 2.

**Методологија за пресметка на регулирана максимална цена на услугата на претпријатието кое врши дистибуција, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучни на системот за дистрибуција**

## *1. Регулирана максимална цена*

Регулираната максимална цена на услугата на претпријатието кое врши дистрибуција, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучни на системот за дистрибуција, треба да ги покрие трошоците за дистрибуција, трошоците за управување со системот за дистрибуција на природен гас, трошоците за снабдување со природен гас и да обезбеди ниво на регулиран принос на капиталот, а се пресметува по метод на регулирана максимална цена, според следната формула:

$$R_{dt} = \sum_i \sum_j p_{dt}^{ij} q_t^{ij}$$

| | | | |
|---|---|---|---|
| $R_{dt}$ | - | планиран приход; | [денари] |
| $p^{ij}_{dt}$ | - | тарифен став (j) за соодветна категорија на потрошувачи (i), во годината t; | [денари/ nm$^3$] |
| $q^{ij}_t$ | - | планирана количина на природен гас за категорија на потрошувачи (i), со соодветен тарифен став (j), во годината t; | [nm$^3$] |

Границата на дозволениот пораст на максималната цена на услугата на претпријатието кое врши дистрибуција, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција, за 2010, 2011 и 2012 година од регулираниот период се пресметува со следната контролна формула

$$(1+CPI_{t-1})*(1-SX) \geq \frac{\sum_i \sum_j p_{dt}^{ij} q_{t-1}^{ij}}{\sum_i \sum_j p_{d(t-1)}^{ij} q_{t-1}^{ij}}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $CPI_{t-1}$ | - | индекс на цени на мало, во годината t-1, | |
| $p^{ij}_{dt}$ | - | тарифен став (j) за категорија на потрошувачи (i), во годината t; | [денари/ nm$^3$] |
| $p^{ij}_{d(t-1)}$ | - | тарифен став (j) за категорија на потрошувачи (i), во годината t-1; | [денари/ nm$^3$] |

| | | | |
|---|---|---|---|
| $q^{ij}_{t-1}$ | - | остварена количина на природен гас за категорија на потрошувачи (i), во годината t-1; | [nm³] |
| *SX* | - | факторот на порамнување за регулираниот период, го утврдува Регулаторната комисија за енергетика, во Одлуката за регулиран максимален приход и цена за регулираниот период, а се определува на следниот начин: | |

$$\sum_{t=1}^{3} \frac{ABB_t}{(1+WACC/100)^t} = \sum_{t=1}^{3} \frac{P_0 * (1-SX/100)^t}{(1+WACC/100)^t} * q_t$$

Каде што:

SX е изразен како процент (%)

| | | | |
|---|---|---|---|
| $ABB_t$ | - | годишен приход по составни елементи за годината t; | [денари] |
| $P_0$ | - | Цена за услугата дистрибуција на природниот гас во претходната година; | [ден/nm³] |
| $q_t$ | - | прогнозирани количини на природен гас кои ќе бидат дистрибуирани низ системот за дистрибуција на природен гас во регулираниот период; | [nm³] |
| WACC | - | пондерирана просечна цена на капиталот за регулаторниот период (%) | (%) |

Годишниот приход по составни елементи кој што го проектира регулираното претпријатие, за секоја година t од регулираниот период, се пресметува со примена на следнава формула:

$$ABB_t = O_t + D_t + RA_t + L$$

Каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $ABB_t$ | - | годишен приход по составни елементи кој што го проектира регулираното претпријатие за годината t; | [денари] |
| $O_t$ | - | оперативни трошоци и трошоци за одржување, за годината t; | [денари] |
| $D_t$ | - | амортизација, за годината t; | [денари] |
| $RA_t$ | - | принос на регулираните средства, за годината t. | [денари] |
| L | - | Техничките загуби во системот за дистрибуција на природен гас, согласно членот 11 од Правилникот | [денари] |

Годишниот приход по составни елементи (ABB) за првата година од регулираниот период, ќе се пресметува врз основа на податоци од Извештајот за ревизијата на работењето на претпријатието во 2008 година, корегиран за вредноста на општата ценовна инфлација (CPI) за 2009 година.

## 1.3. Оперативни трошоци (O)

Оперативните трошоци, согласно оваа методологија, се трошоци за работењето и одржувањето на регулираната дејност на претпријатието, во согласност со техничките стандарди кои се применуваат во Република Македонија, а одразуваат нормализирани трошоци за вршење на регулираната дејност.

Нивото на нормализираните трошоци се формира според следните ориентири:

1. трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар, врз основа на нормативите за потрошувачка и просечните цени на пазарот во периодот на набавката;

2. трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на средствата, до ниво од 20 % од пресметаната годишна амортизација;

3. трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема се признаваат согласно нивото на премиите за осигурување кои претпријатието ги платило;

4. бруто плати по работник до ниво на просечна бруто плата по работник остварена во стопанството на Република Македонија во тековната година, зголемена до 30%, како израз на квалификационата структура и сложеноста на регулираната дејност. За пресметка на бруто плати се зема вкупниот број на вработени од последниот доставен список за плати на компанијата;

5. менаџерските плати и менаџерските награди, во нормализирани износи соодветно на зголемувањето на ефикасноста, а според одлуките на управните органи на претпријатието;

6. други услуги, до нивото од просечното тригодишно учество (%) во однос на трошоците за материјали, енергија, ситен инвентар (од ставката 1);

7. останати и вонредни (екцесни) трошоци, до 10% во однос на вкупните трошоци од ставките под 1; 2; 3; 4 и 6.

8. даноците, придонесите и другите давачки кои не зависат од резултатот на работењето, се признаваат во согласност со законските прописи;

### Амортизација (D)

Пресметката на амортизацијата на регулираните основни средства на регулираното претпријатие, во годината t, со кои се врши регулираната дејност, се врши во согласност со пропишаните минимални годишни стапки на амортизација, при што се вклучува:

- амортизација на регулираните основни средства, исклучувајќи го земјиштето; и
- амортизација на стекнатите средства финансирани со грантови.

### Принос од регулирани средства (RA)

Приносот од регулираните средства се пресметува според формулата:

$$RA = RAB * WACC$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***RA*** | - | принос од регулираните средства; | [денари] |
| ***RAB*** | - | просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства); | [денари] |
| ***WACC*** | - | пондерирана просечна цена на капиталот на регулираното претпријатие. | |

*1.5.1. Просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства - **RAB**)*

Регулираните средства се само оние средства кои се користат за извршување на регулираната дејност (основни средства и трајни обртни средства).

За определување на просечната вредност на регулираните средства се користи следната формула:

$$\mathrm{RAB} = \frac{RAB_{start} + RAB_{end}}{2} + AVS_{t-1}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***RAB*** | - | просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства); | [денари] |
| ***$RAB_{start}$*** | - | вредност на регулираните средства на почетокот на годината; | [денари] |
| ***$RAB_{end}$*** | - | вредност на регулираните средства на крајот на годината. | [денари] |
| ***$AVS_{t-1}$*** | - | вредност на залихи на природен гас во системот за дистрибуција на природен гас во годината t-1, пресметан со просечна набавна цена во годината t-1, определена од страна на Регулаторната комисија за енергетика. | [денари] |

Вредноста на регулираните основни средства на почетокот на регулираната година претставува збир на поединечните книговодствени вредности на регулираните материјални средства и регулираните нематеријални средства на првиот ден од регулираната година.

Вредноста на регулираните основни средства на крајот на регулираната година се пресметува по следната формула:

$$RAB_t^{end} = RAB_t^{start} + NI_t - CC_t - D_t + D_t^{CC} - RAB_t^{out}$$

Каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $RAB_t^{end}$ | - | вредност на регулираните средства на крајот од годината t ; | [денари] |
| $RAB_t^{start}$ | - | почетна вредност на регулираните средства во годината t ; | [денари] |
| $NI_t$ | - | одобрени инвестиции, во кои се вклучени и инвестициите финансирани со грантови и како и средствата за приклучување пренесени во сопственост на операторот на соодветната мрежа, во годината t ; | [денари] |

| | | | |
|---|---|---|---|
| $CC_t$ | - | одобрени инвестиции финансирани со грантови и надомест за приклучување во годината t, за кои претпријатието треба да достави посебна евиденција; | [денари] |
| $D_t$ | - | амортизација за годината t ; | [денари] |
| $D_t^{CC}$ | - | амортизација на стекнатите средства финансирани со капитални придонеси за годината t, за кои претпријатието треба да достави посебна евиденција ; | [денари] |
| $RAB_t^{out}$ | - | вредност на отуѓени и расходувани регулирани средства во годината t . | [денари] |

**Оправданост на инвестициите**

Критериуми врз основа на кои се цени оправданоста на планираните инвестиции:

1. за секоја инвестиција треба да биде доставено резиме со показатели за економската ефикасност, период на враќање, нето сегашна вредност, интерна стапка на рентабилност и индекс на профитабилност, освен за поединечна инвестиција која има вредност пониска од 100.000 евра пресметана во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на поднесување на барањето, за која не е потребно да се достави резиме со показатели за економската ефикасност. Притоа, регулираното претпријатие не може да прикаже друга идентична поединечна инвестиција (со иста намена, исти или слични технички карактеристики, односно за истата се засметува иста стапка на амортизација) во иста календарска година.

2. инвестицијата да обезбеди поголема безбедност, сигурност во снабдувањето, намалување на техничките загуби во системот за дистрибуција на природен гас, зајакнување на интерконективните капацитети, како и да обезбеди квалитет на испорачаниот природен гас на крајните потрошувачи, согласно важечките стандарди.

По барање на Регулаторната комисија за енергетика регулираното претпријатие е должно да достави дополнителни информации, податоци и појаснувања во врска со придобивките од планираната инвестиција.

*1.5.1.1. Цена на сопствен капитал ($K_e$)*

Цената на сопствениот капитал на регулираното претпријатие се определува со примена на моделот на определување на цените на долгогодишните вложувања (CAPM - Capital Asset Prising Model), и тоа врз основа на приходот на неризични вложувања, просечниот приход на ризични вложувања и систематичните ризици изразени со коефициентот $\beta$, според следната формула:

$$K_e = R_f + (MRP) * \beta$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $K_e$ | - | цена на сопствен капитал | (%) |
| $R_f$ | - | стапка на поврат без ризик, која се утврдува како еднаква на приносот на обврзниците издадени од Владата на Република | (%) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Македонија; | |
| $R_m$ | - | просечен приход на ризични вложувања, кој се утврдува како еднаков на просечните каматни стапки на долгорочните кредити (во евра, САД долари и денари) одобрени на претпријатијата во Република Македонија, а објавени од Народна банка на Република Македонија; | (%) |
| *MRP* ($MRP = R_m - R_f$) | - | премија за ризик која се определува како за разлика меѓу "просечен приход на ризични вложувања ($R_m$) и приход на неризични вложувања ($R_f$)" ; | (%) |
| $\beta$ | - | бета на сопствен капитал (пазарно портфолио) се утврдува дека е еднаква на 1 (еден) ; | (%) |

*1.5.1.2. Цена на долг ($K_d$)*

Цената на долгот на регулираното претпријатие се пресметува врз основа на просечните каматни стапки на користените кредити, од страна на регулираното претпријатие за вршење на регулираната дејност, а контролата се врши врз основа на условите за кредитирање и каматните стапки, објавени од страна на Народна банка на Република Македонија.

## ПРИЛОГ 3

**Методологија за определување на регулирана максимална цена за вршење на дејност снабдување на тарифни потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас**

### 1. *Регулирана максимална цена*

Регулираната максимална цена за снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас, треба да му овозможи на претпријатието поврат на трошоците поврзани со:

- склучување на договори за набавка на природен гас,
- склучување на договори за пристап и пренос на природен гас,
- склучување на договори за снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос, и
- отчитување, евидентирање и фактурирање на испорачаната количина на природен гас,

а се пресметува според следната формула:

$$R_{st} = \sum p_{st} * q_t^i$$

каде:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $R_{st}$ | - | планиран приход; | [денари] |
| $p_{st}$ | - | цена на услугата снабдување во годината t; | [денари/ nm$^3$] |
| $q^i_t$ | - | планирана количина на природен гас за секој тарифен потрошувач (i) поодделно, во годината t; | [nm$^3$] |

Границата на дозволениот пораст на максималната цена на услугата на претпријатието кое врши снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас, за 2010, 2011 и 2012 година од регулираниот период се пресметува со следната контролна формула:

$$\left(1 + CPI_{t-1}\right) * \left(1 - SX\right) \geq \frac{\sum p_{st} * q_{t-1}^i}{\sum p_{s(t-1)} * q_{t-1}^i}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $CPI_{t-1}$ | - | индекс на цени на мало, во годината t-1; | |
| $P_{st}$ | - | цена на услугата снабдување во годината t; | [денари/ nm$^3$] |
| $P_{s(t-1)}$ | - | цена на услугата снабдување во годината t-1; | [денари/ nm$^3$] |
| $q^i_{t-1}$ | - | остварена количина на природен гас за секој тарифен потрошувач (i) поодделно, во годината t-1; | [nm$^3$] |

SX - факторот на порамнување за регулираниот период, го утврдува Регулаторната комисија за енергетика, во Одлуката за регулиран максимален приход и цена за регулираниот период, а се определува на следниот начин:

$$\sum_{t=1}^{3}\frac{ABB_t}{(1+WACC/100)^t}=\sum_{t=1}^{3}\frac{P_0*(1-SX/100)^t}{(1+WACC/100)^t}*q_t$$

Каде што:

SX е изразен како процент (%)

| | | | |
|---|---|---|---|
| $ABB_t$ | - | годишен приход по составни елементи за годината t; | [денари |
| $P_0$ | - | Цена за услугата снабдување со природниот гас на тарифните потрошувачи непосредно поврзани на системот за пренос на природен гас во претходната година; | [денари/ nm |
| $q_t$ | - | прогнозирани количини на природен гас кои ќе бидат пренесени низ системот за пренос на природен гас во регулираниот период; | [$nm^3$] |
| WACC | - | пондерирана просечна цена на капиталот за регулаторниот период | (%) |

Годишниот приход по составни елементи кој што го проектира регулираното претпријатие, за секоја година t од регулираниот период, се пресметува со примена на следнава формула:

$$ABB_t = O_t + D_t + RA_t$$

Каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $ABB_t$ | - | годишен приход по составни елементи кој што го проектира регулираното претпријатие за годината t; | [денари] |
| $O_t$ | - | оперативни трошоци и трошоци за одржување, за годината t; | [денари] |
| $D_t$ | - | амортизација, за годината t; | [денари] |
| $RA_t$ | - | принос на регулираните средства, за годината t. | [денари] |

Годишниот приход по составни елементи (ABB) за првата година од регулираниот период, ќе се пресметува врз основа на податоци од Извештајот за ревизијата на работењето на претпријатието во 2008 година, корегиран за вредноста на општата ценовна инфлација (CPI) за 2009 година.

### 1.2. Оперативни трошоци (О)

Оперативните трошоци, согласно оваа методологија, се трошоци за работењето и одржувањето на регулираната дејност на претпријатието, во согласност со техничките стандарди кои се применуваат во Република Македонија, а одразуваат нормализирани трошоци за вршење на регулираната дејност.

Нивото на нормализираните трошоци се формира според следните ориентири:

1. трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар, врз основа на нормативите за потрошувачка и просечните цени на пазарот во периодот на набавката;

2. трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на средствата, до ниво од 20 % од пресметаната годишна амортизација;

3. трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема се признаваат согласно нивото на премиите за осигурување кои претпријатието ги платило;

4. бруто плати по работник до ниво на просечна бруто плата по работник остварена во стопанството на Република Македонија во тековната година, зголемена до 30%, како израз на квалификационата структура и сложеноста на регулираната дејност. За пресметка на бруто плати се зема вкупниот број на вработени од последниот доставен список за плати на компанијата;

5. менаџерските плати и менаџерските награди, во нормализирани износи соодветно на зголемувањето на ефикасноста, а според одлуките на управните органи на претпријатието;

